**20091192266**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 10 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 63/2007), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 29 септември 2009 година, донесе

# СТРАТЕГИЈА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2009-2019 ГОДИНА

## ВОВЕД

Стратегијата за регионален развој на Република Македонија (во натамошниот текст: Стратегијата) претставува еден од главните стратешки документи за планирање на развојот, заедно со Националниот развоен план и Просторниот план на Република Македонија. Потребата од планирање на регионалниот развој во Република Македонија првенствено се наметна заради големите диспаритети меѓу центарот (Скопје) и другите делови од земјата. За ваквата состојба во голема мера придонесе долгогодишното непостоење на регионална развојна политика што резултираше во моноцентричен модел на развој каде што центарот по своите економски и други општествени карактеристики значително се издвои од другите населени места во Република Македонија. Покрај тоа, процесот на приближување кон Европската унија влијаеше за подигнување на свеста кај релевантните институции за значењето на планирањето на регионалниот развој, како предуслов за намалување на диспаритетите меѓу регионите што би овозможило побрзо задоволување на економските критериуми за влез во ЕУ.

Со Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 63/2007) е дефинирана основната рамка за водење на политиката на рамномерен регионален развој во земјата и се пропишуваат планските документи за нејзина реализација. Законот (член 5) пропишува воспоставување на плански региони во Република Македонија, како функционално територијални единици за потребите на планирањето на развојот и реализација на мерките и инструментите за поттикнување на развојот. Планските региони се совпаѓаат со статистичките региони определени со номенклатурата на територијални единици за статистика НТЕС-3 (“Службен весник на Република Македонија“ број 158/2007), со цел да се обезбеди статистичка основа за планирањето на развојот на регионите. Република Македонија има осум плански региони: Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски плански регион. Согласно со законската рамка, планските региони претставуваат основна единица за планирање на развојот во Стратегијата за регионален развој.

Регионалниот развој е комплексен и долгорочен процес чија основна цел е намалување на диспаритетите во развојот меѓу и во рамките на планските региони. Комплексноста на регионалниот развој се темели на неговата повеќедимензионалност, односно преплетувањето на економскиот, демографскиот, социјалниот, просторниот, културниот и многу други аспекти на развојот. Од таа причина, успешната имплементација на политиката за регионален развој е во директна зависност од поширокото разбирање на концептот за регионален развој, ефикасното поврзување на политиката на регионалниот развој со секторските политики и обезбедувањето на потребната поддршка од страна на релевантните институции. Во таа смисла, регионалниот развој претпоставува континуирана финансиска поддршка од страна на државата и воедно, висок степен на

координација меѓу министерствата, донаторите и засегнатите страни на регионално и локално ниво.

Основните начела на кои се темели политиката за регионален развој се дефинирани во Законот (член 4) и се усогласени со основните цели на политиката за регионален развој на ЕУ:

- Начело на програмирање - изградба на повеќегодишен систем на програмирање и спроведување на политиката на регионалниот развој што вклучува идентификација на приоритетите и мерките на политиката, нивното финансирање, управување и контрола;
- Начело на партнерство - соработка при подготовката, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на планските документи за регионален развој меѓу органите на централната власт и единиците на локалната самоуправа, економските и социјалните партнери и другите релевантни претставници на граѓанското општество;
- Начело на усогласување - целите, приоритетите и мерките во планските документи за регионалниот развој се усогласуваат со целите, приоритетите и мерките во стратешките развојни документи на национално ниво и во програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија;
- Начело на кофинансирање - кофинансирање на мерките на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој од Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа, фондовите на ЕУ и други меѓународни извори, како и средства од домашни и странски правни и физички лица;
- Начело на транспарентност - редовно, навремено и објективно информирање на јавноста за мерките на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој, како и овозможување слободен пристап до информации на заинтересираните страни;
- Начело на субсидијарност - подготовката, реализацијата, контролата и евалуацијата на програмите и активностите на регионалниот развој ги вршат планските региони и единиците на локалната самоуправа, освен ако не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на државните органи и
- Начело на одржливост - почитување на економските, социјалните и еколошките компоненти на развојот при креирање на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој.

При изработката на Стратегијата, респектирани се наведените принципи. Исто така, во Законот за регионален развој (член 3) се утврдени целите на политиката на регионалниот развој во Република Македонија:

- Рамномерен и одржлив развој на целата територија на Република Македонија, заснован врз моделот на полицентричен развој;
- Намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и подигнување на квалитетот на животот на сите граѓани;
- Зголемување на конкурентноста на планските региони преку јакнење на нивниот иновациски капацитет, оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на планските региони;
- Зачувување и развивање на посебниот идентитет на планските региони, како и нивна афирмација и развој;
- Ревитализација на селата и развој на подрачјата со специфични развојни потреби и
- Поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локалната самоуправа во функција на поттикнување на рамномерен регионален развој.

Врз основа на овие цели, во Стратегијата се дефинираат стратешките цели и приоритетите на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој на Република Македонија за периодот 2009-2019 година. Притоа, направен е обид за што е можно поблиско усогласување на стратешките цели на Стратегијата за регионален развој со приоритетите на политиката на ЕУ за економско-социјална кохезија и приоритетите

идентификувани во Лисабонската стратегија на ЕУ. Ваквото усогласување е направено со цел да се поттикне развојот на планските региони според зацртаните насоки во ЕУ и да се дејствува во поглед на подигнување на капацитетите на планските региони и единиците на локалната самоуправа за користење на соодветните компоненти од расположливите ИПА фондови на ЕУ.

Исто така, при изработка на Стратегијата се користени расположливите национални документи, и тоа: Стратешките приоритети на Република Македонија, Програмата за работа на Владата, Националниот развоен план 2009-2013 година, Просторниот план на Република Македонија, Популационата политика и Стратегија за демографски развој 2008-2015 година, Стратегијата за вработување, Стратегијата за мали и средни претпријатија, Стратегијата за земјоделство и рурален развој, Националната транспортна стратегија, Стратегијата за туризам, како и другите бројни секторски документи со цел да се обезбеди координација меѓу планирањето и реализацијата на мерките насочени кон поттикнување на развојот.

Имајќи ги предвид утврдените цели на политиката за регионален развој во Законот, Стратегијата за регионален развој го разработува моделот на полицентричен развој. Моделот на полицентричен развој е фокусиран на намалување на диспаритите во развојот меѓу планските региони што подразбира алоцирање на поголема поддршка кон помалку развиените региони. Притоа, ниту еден плански регион не е изоставен од политиката за регионален развој, туку се настојува поддршката да биде во функција на намалување на диспаритетите меѓу регионите што повлекува повисока поддршка за регионите со пониско ниво на развој. Исто така, во Стратегијата се дефинирани приоритетите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби, кои согласно со законската рамка, прават посебна целна група во политиката за рамномерен регионален развој.

Стратегијата се состои од три дела: 1) карактеристики на развојот на планските региони; 2) визија, стратешки цели и приоритети на регионалниот развој и 3) имплементација на стратегијата. Стратегијата вклучува и еден Анекс 1 Листа на индикатори за следење на реализацијата на стратешките цели и приоритети.

Во првиот дел, карактеристиките на развојот на планските региони се претставени врз основа на расположливите статистички податоци од Државниот завод за статистика (ДЗС) на Република Македонија и другите официјални статистички извори. Државниот завод за статистика обезбеди голем дел од бараните податоци за потребите на оваа стратегија, меѓутоа мора да се истакне дека сѐ уште недостасува посѐопфатна база на податоци на регионално ниво како неопходен инструмент за планирање на регионалниот развој. Во карактеристиките на развојот на планските региони се вклучени податоци за местоположбата и степенот на урбанизираност; степенот на развиеност на планските региони и подрачјата со специфични развојни потреби, а посебно внимание е посветено на анализата на состојбата во однос на природните ресурси; природното и културно-историското наследство; заштитата на животната средина; демографскиот развој; економските карактеристики; пазарот на работна сила; социјалниот развој; условите за живот и домување; комуналната, сообраќајната и енергетската инфраструктура. Анализите имаат за цел да ја прикажат општата состојба во планските региони и диспаритетите помеѓу нив, додека подетална слика за поделните сегменти на развојот е содржана во секторските студии изработени за потребите на Стратегијата со кои располага Министерството за локална самоуправа на Република Македонија.

Во вториот дел се идентификувани визијата, стратешките цели и приоритетите на регионалниот развој во периодот 2009-2019 година. Во третиот дел се претставени потребните чекори за имплементација на Стратегијата, при што посебен осврт е даден на институционалната рамка за регионалниот развој во Република Македонија, градењето на

капацитетите за регионалниот развој; финансирањето на регионалниот развој, како и начинот на следење, оценување и ажурирање на Стратегијата.

Изработката на Стратегијата беше координирана од страна на Кабинетот на потпретседателот на Владата на Република Македонија, одговорен за економски прашања и Министерството за локална самоуправа (МЛС) на Република Македонија. Техничка помош при изработка на Стратегијата обезбедија ГТЗ - Друштвото за техничка соработка на Германија и УНДП. За потребите на изработката на Стратегијата беше оформен работен тим составен од експерти од релевантни области, претставници од Министерството за локална самоуправа, претставници од Кабинетот на потпретседателот на Владата на Република Македонија одговорен за економски прашања и претставници од Државниот завод за статистика.

При изработката на Стратегијата, покрај анализа на релевантните податоци и документи од страна на работниот тим, МЛС и ГТЗ организираа работилници во планските региони, со основна цел прибирање на мислења и сугестии за развојните потреби на регионите. На работилниците беа консултирани претставници од локалната самоуправа, приватниот и невладиниот сектор, а нивните укажувања се земени предвид при идентификување на стратешките цели и приоритетите за поттикнување на регионалниот развој во Република Македонија.

Стратегијата е национален стратешки документ кој првенствено е наменет за Владата и Министерството за локална самоуправа во чија надлежност е водењето и имплементацијата на политиката за регионален развој. Оттаму, целите и приоритетите во Стратегијата за регионален развој се определени на поопшто, стратешко ниво согласно со основната намена на документот. Подетално, мерките и инструментите за поттикнување на развојот на планските региони, како и нивното финансирање, надлежните институции и механизмите за имплементација ќе се определат во Акциониот план на Стратегијата за регионален развој, кој согласно со Законот се донесува за период од три години.

Исто така, Стратегијата треба да најде своја примена при изработката на други национални стратешки документи, имајќи ја предвид комплексноста на материјата што се обработува и потребата од координирање на стратешките документи заради обезбедување на подобро креирање на политиките. Посебна намена на овој стратешки документ е да послужи како основа за изработка на програмите за развој за планските региони, кои согласно со законските прописи мора да бидат усогласени со Стратегијата.



Плански региони и општини во Република Македонија
граница на плански регион
граница на општина
Општини во град Скопје:
1 Аеродром
2 Бутел
3 Гази Баба
4 Ѓорче Петров
5 Карпош
6 Кисела Вода
7 Сарај
8 Чаир
9 Центар
10 Шуто Оризари
СЕВЕРОИСТОЧЕН
ИСТОЧЕН
ЈУГОИСТОЧЕН
ВАРДАРСКИ
СКОПСКИ
ПОЛОШКИ
ПЕЛАГОНИСКИ
ЈУГОЗАПАДЕН
Крива Паланка
Ранковце
Кратово
Старо Нагоричане
Куманово
Липково
Македонска Каменица
Делчево
Пехчево
Берово
Виница
Кочани
Зрновци
Чешиново - Облешево
Карбинци
Пробиштип
Штип
Радовиш
Василево
Босилово
Ново Село
Струмица
Конче
Валандово
Дојран
Богданци
Гевгелија
Демир Капија
Неготино
Кавадарци
Свети Николе
Лозово
Градско
Росоман
Велес
Чашка
Петровец
Илинден
Арачиново
Зелениково
Студеничани
Сопиште
Чучер - Сандево
Јегуновце
Теарце
Тетово
Желино
Брвеница
Боговиње
Врапчиште
Гостивар
Маврово и Ростуша
Македонски Брод
Пласница
Вранештица
Осломеј
Зајас
Кичево
Другово
Дебар
Центар Жупа
Дебарца
Охрид
Струга
Вевчани
Прилеп
Долнени
Кривогаштани
Могила
Новаци
Крушево
Демир Хисар
Битола
Ресен
0 10 20 30 40 km
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА, Скопје 2008, за интранет

# ПРВ ДЕЛ
# КАРАКТЕРИСТИКИ НА РАЗВОЈОТ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ

## 1. Плански региони на Република Македонија

Согласно со Законот за регионален развој (член 5) за потребите на планирањето на развојот се утврдени осум плански региони според НТЕС 3 номенклатурата на територијалните единици за статистика:

- Вардарски плански регион;
- Источен плански регион;
- Југозападен плански регион;
- Југоисточен плански регион;
- Пелагониски плански регион;
- Полошки плански регион;
- Североисточен плански регион и
- Скопски плански регион.

Планските региони и општините што влегуваат во нивен состав се прикажани на слика 1 (стр. 5).

Во продолжение се дадени основните карактеристики на планските региони кои се однесуваат на нивната местоположба и урбанизираност, природните ресурси со кои располагаат регионите, природното и културно-историското наследство, како и некои аспекти во поглед на заштитата на животната средина.

Местоположба и урбанизираност. Местоположбата на планските региони е следна:

1) Вардарскиот плански регион се простира во централниот дел на Република Македонија и го опфаќа средното сливно подрачје на реката Вардар, долните теченија на притоките Брегалница и Црна Река и крајниот западен дел од Овче Поле. Зафаќа површина од 4.042 км2 или 16,2% од територијата на Република Македонија;[1]

2) Источниот плански регион го опфаќа сливното подрачје на реката Брегалница и зафаќа површина од 3.537 км2 или 14,2% од територијата на Република Македонија;

3) Југозападниот плански регион го опфаќа басенот на Охридското Езеро и сливното подрачје на реката Треска и зафаќа површина од 3.340 км2 или 13,4% од територијата на Република Македонија;

4) Југоисточниот плански регион го опфаќа басенот на Струмичко-Радовишката и Гевгелиско-Валандовската котлина, односно сливното подрачје на Струмичка река и долното сливно подрачје на реката Вардар. Регионот зафаќа површина од 2.739 км2 или 11% од територијата на Република Македонија;

5) Пелагонискиот плански регион ги опфаќа басените на Пелагониската и Преспанската котлина и зафаќа површина од 4.717 км2 или 18,9% од територијата на Република Македонија;

6) Полошкиот плански регион ја опфаќа Полошката котлина, Мавровската висорамнина, планинскиот масив Бистра и долината на реката Радика. Вкупната површина на регионот е 2.416 км2 или 9,7% од територијата на Република Македонија;

7) Североисточниот плански регион ги опфаќа општините на крајниот североисточен дел на Република Македонија, долж границата со Република Србија, односно сливното подрачје на реката Пчиња и Крива Река. Вкупната површина на регионот изнесува 2.310 км2 што претставува 9,3% од вкупната територијата на Република Македонија и

[1] Површините на регионите се однесуваат само на копнениот дел од територијата.

8) Скопскиот плански регион го опфаќа басенот на Скопската котлина и зафаќа вкупна површина од 1.812 км2 или 7,3% од територијата на Република Македонија.

Податоците од Табела 1 покажуваат дека планските региони прилично се разликуваат според нивните основни карактеристики. Најголемиот регион по површина - Пелагонискиот има најголем број на населени места (343), но се одликува со мала густина на населеност од 50 жители/км2, додека најмалиот регион - Скопскиот има изразито густа населеност од 319 жители/км2 и апсорбира повеќе од ¼ од вкупното население во Република Македонија. Руралните општини се доста застапени во сите плански региони, меѓутоа најголем дел од населението живее во поголемите урбани центри што упатува на нерамномерната концентрација на населението внатре во регионите. Полошкиот и Југозападниот плански регион се издвојуваат според високото учество на населението кое живее во руралните средини, додека во другите региони руралните населби се поретко населени. Ваквата состојба укажува на потребата за ревитализација и подобрување на квалитетот на животот во руралните населби со цел да се обезбеди намалување на диспаритетите внатре во регионите.

Табела 1. Основни карактеристики на планските региони

| | Регион | Површина во км$^2$ | Број на жители - 2006 | Густина на населеност - жит/км$^2$ | Број на општини | Општини со седиште во село | Број на населени места | Учество (во %) на градското во вкупното население 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Република Македонија | 25 713 | 2 040 228 | 82 | 84 | 41 | 1767 | 56.7 |
| 1 | Вардарски | 4042 | 154 230 | 38 | 9 | 4 | 215 | 68.7 |
| 2 | Источен | 3537 | 180 938 | 51 | 11 | 3 | 217 | 66.3 |
| 3 | Југозападен | 3340 | 222 385 | 66 | 13 | 8 | 286 | 36.1 |
| 4 | Југоисточен | 2739 | 171 972 | 63 | 10 | 5 | 188 | 45.3 |
| 5 | Пелагониски | 4717 | 236 088 | 50 | 9 | 4 | 343 | 67.6 |
| 6 | Полошки | 2416 | 310 178 | 126 | 9 | 7 | 184 | 29.2 |
| 7 | Североисточен | 2310 | 173 982 | 75 | 6 | 3 | 192 | 56.6 |
| 8 | Скопски | 1812 | 590 455 | 319 | 17 | 7 | 142 | 71.8 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Природни ресурси. Планските региони се одликуваат со разновидни природни ресурси кои можат да имаат значајна улога во поттикнувањето на развојот на регионите. Ова посебно се однесува на земјоделското земјиште, шумите, минералните богатства, водните ресурси и обновливите извори на енергија (Табела 2). Планските региони располагаат со значителни површини на земјоделско земјиште и голем дел од нив имаат одлични климатски услови за производство на препознатливи земјоделски и сточарски производи. Во овој контекст, посебно се значајни потенцијалот на Вардарскиот плански регион за натамошно унапредување на лозарството и производството на вино; природните услови за производство на ориз во Источниот регион; можностите за развивање на овоштарството во Југозападниот и Вардарскиот регион, потенцијалот за унапредување и зголемување на производството на раноградинарски култури во Југоисточниот и производството на индустриски култури во Пелагонискиот плански регион, како и одличните предуслови за развој на сточарството во Пелагонискиот, Полошкиот и Североисточниот регион. Споменатите земјоделски гранки веќе се издиференцирани како значајни економски активности во респективните плански региони, меѓутоа анализите покажуваат дека постои

висок потенцијал за нивно натамошно развивање и унапредување со цел да се постигне зголемување, стандардизација и извозно ориентирање на производството.

Табела 2. Природни ресурси на планските региони

| | Регион | Земјоделска површина (во ха) | Вкупно обработлива површина (во ха) | Површина под шуми (во ха) | Дрвна маса/вкупен сечив етат (мил. $m^3$) | Позначајни водни ресурси | Позначајни минерални ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вардарски | 115027 | 63488 | 150009 | 8.8 | р.Вардар, Црна Река, р.Брегалница, р.Бабуна, р.Тополка и р.Отовица, Велешко Езеро | Фероникалоносни руди, перлит, талк, кварцити и дијатомејска земја |
| 2 | Источен | 123688 | 78328 | 135378 | 4.8 | р. Брегалница, Оризарска Река, Беровско Езеро, Акумулации Калиманци и Градче, топли термални води - Истибања и Кежовица | Олово-цинкани руди, азбест, каолински глини, опалска бреча, лигнит |
| 3 | Југозападен | 103373 | 50677 | 218884 | 17.3 | Охридско Езеро, Дебарско Езеро, р.Црни Дрим и Треска | Алабастер, лигнит |
| 4 | Југоисточен | 92823 | 60178 | 170814 | 12.6 | Дојранско Езеро, р. Вардар и Струмица, топли термални води во с. Банско и с. Негорци | Бакар, фелдспати |
| 5 | Пелагониски | 267018 | 115667 | 144318 | 12 | Преспанско Езеро, Црна Река, Стрежево и Прилепско Езеро, студени термални води Меџитлија | Лигнит, бел мермер, дијатомејска земја |
| 6 | Полошки | 166181 | 41942 | 89638 | 4.4 | р. Вардар, Пена, Радика, Мавровско Езеро | Сив мермер, доломити |
| 7 | Североисточен | 146346 | 79800 | 49295 | 5.5 | р. Пчиња, Крива Река, Липковска Река, Липковско Езеро, топли термални води - Пројевци | Олово-цинкани руди, бакар, бентонитски глини, опалска бреча, кварцити |
| 8 | Скопски | 62779 | 36407 | 76636 | 3.8 | р. Вардар, Треска, Лепенец, Пчиња, Маркова и Кадина Река, топли термални води - Катланово | Хром, травертини, украсни камења |

Извор: „Регионите во Република Македонија 2007", ДЗС, декември 2008 и Просторен план на Република Македонија

Исто така, поголемиот дел од планските региони располагаат со значителни површини под шума кои можат да се искористат за развој на дрвната индустрија (Југозападен, Југоисточен, Вардарски и Пелагониски регион), како и за развој на планинскиот туризам. Сепак, искористувањето на шумите мора да поаѓа од принципот за рационално користење на шумите, нивно унапредување и обезбедување висок степен на заштита, посебно на националните паркови.

Што се однесува до водните ресурси, во сите плански региони постојат природни предуслови за искористување на енергијата на водата во економски цели. Посебно значаен хидро потенцијал претставуваат Охридското (Југозападен плански регион), Преспанското (Пелагониски плански регион) и Дојранското Езеро (Југоисточен плански регион), реките Вардар (Полошки, Скопски, Вардарски и Југоисточен плански регион),

Црн Дрим (Југозападен плански регион), Црна Река (Пелагониски и Вардарски плански регион), Треска (Југозападен и Скопски плански регион), како и постојните акумулациони езера. Дел од водните ресурси веќе се користат преку постојните хидроцентрали, меѓутоа постои значаен неискористен потенцијал кој може да има голема улога во обезбедувањето потребна електрична енергија за развојот на планските региони. Покрај тоа, недоволна е искористеноста на топлите минерални води кои според своите природни карактеристики даваат одлични можности за поттикнување на земјоделското оранжериско производство, како и развој на бањскиот туризам во Источниот, Југоисточниот, Североисточниот и Скопскиот регион.

Понатаму, скоро сите плански региони имаат значајни минерални ресурси кои претставуваат носечки столбови на економијата во некои од планските региони. Ова посебно се однесува на експлоатацијата на фероникланосните руди во Вардарскиот, олово-цинканите руди во Источниот и Североисточниот, алабастерот во Југозападниот, лигнитот и белиот мермер во Пелагонискиот плански регион. Од аспект на регионалниот развој, исклучително е важно рационалното користење на минералните ресурси, со цел да се обезбедат претпоставки за одржлив развој на регионите.

Искористувањето на земјоделското земјиште, шумите, водните и минералните ресурси на ниво на Република Македонија е предвидено во Просторниот план на Република Македонија (поглавје II.2. Користење и заштита на природните ресурси). Имајќи ги предвид специфичностите за планирање на заштитата и користењето на природните ресурси, при изработка на Стратегијата за регионален развој се респектирани решенијата и мерките од Просторниот план.

Природно и културно-историско наследство. Покрај со природни ресурси, планските региони се одликуваат со значајно природно и културно-историско наследство кое треба да се стави во функција на креирање препознатливост на планските региони и развивање на туризмот. Од богатото природно и културно-историско наследство во планските региони, посебно се издвојуваат:

- Археолошкиот локалитет Стоби, природниот резерват Тиквешко Езеро, планината Кожуф, Демир Капија и други споменици на природата во Вардарскиот плански регион;
- Археолошкиот локалитет Виничко Кале, природните резервати Готен, Линак, Малеш, Зрновска Река, реката Уломија и бројните споменици на природата во Источниот плански регион;
- Старото јадро на градот Охрид, бројните археолошки локалитети, цркви, манастири, урбани и рурални споменички целини и тврдини, како и извонредно богатото природно наследство во Националниот парк Галичица, Охридското Езеро, бројните врела, помали езера и природните резервати во Југозападниот плански регион;
- Археолошките локалитети во близина на Валандово, Богданци и Гевгелија, спомениците на природата - Дојранското Езеро, Смоларскиот и Колешинскиот водопад, Моноспитовското блато и бројни природни резервати и спелеолошки атракции во Југоисточниот плански регион;
- Археолошкиот локалитет Хераклеја, градската архитектура на Битола, традиционалната архитектура на Крушево, бројните цркви, манастири, Националниот парк Пелистер, Преспанското Езеро, Маркови Кули и бројните споменици на природата во Пелагонискиот плански регион;
- Националниот парк Маврово, реката Радика, Шар Планина, природните резервати Ростуше, Св. Јован Бигорски, Стрезимир, Аџина Река и бројни споменици на природата во Полошкиот плански регион;
- Опсерваторијата Кокино, локалитетот Куклица, Лесновскиот, Осоговскиот и други вредни манастири и цркви, старата градска архитектура на Кратово, како и неколку природни резервати и споменици на природата во Североисточниот плански регион и

- Археолошкиот локалитет Скупи, тврдината Кале, аквадуктот, Старата градска чаршија на градот Скопје, бројни цркви и манастири, спомениците на природата Матка и езерото Треска во Скопскиот плански регион.

Природното и културно-историско наследство на планските региони претставува одлична основа за развој на туризмот, меѓутоа Република Македонија сè уште не е препознаена како атрактивна дестинација на туристичките мапи. Според податоците од Државниот завод за статистика, во земјата биле остварени вкупно 1.917.395 туристички ноќевања во 2006 година, од кои 1.244.487 во Југозападниот регион.[2] Притоа, странски ноќевања имало само 442.845 од кои дури 80% биле реализирани во Југозападниот и Скопскиот плански регион. За жал, статистички податоци за посетеноста на културно-историските објекти на ниво на плански региони не се расположливи. Податоците за бројот на остварени ноќевања упатуваат на извесен развој на езерскиот и конференцискиот туризам, додека другите видови на туризам не се развиени. Причините за тоа се бројни и идентификувани во Стратегијата за туризам на Република Македонија. Во оваа секторска стратегија се предложени определени решенија за унапредување на туризмот во земјата што се применливи и на ниво на планските региони, се разбира во зависност од нивните специфичности.

Основните карактеристики на планските региони покажуваат дека регионите располагаат со значајни природни ресурси и интересно културно-историско наследство кое недоволно е искористено. Концентрацијата на најголем дел од населението во градските населби во определена мера влијае на постојната ситуација на недоволно искористување на потенцијалот за развој, меѓутоа непостоењето услови за квалитетен живот во голем дел од руралните населби е причина за миграција на населението кон градовите. Од аспект на регионалниот развој, посебен предизвик ќе претставува обезбедувањето на порамномерна концентрација на населението во планските региони во согласност со идентификуваниот потенцијал за развој и креирањето препознатливност на регионите преку промовирање на природното и културно-историското богатство.

Заштита на животната средина. Заштитата на животната средина е исклучително важен сегмент од политиката на регионалниот развој, меѓутоа ограничените расположливи податоци на ниво на региони оневозможија при изработката на Стратегијата да се направи детална анализа на сите аспекти поврзани со оваа проблематика. Во недостиг на комплетна и детална статистика поврзана со заштитата на животната средина на ниво на плански региони, користени се податоци од Просторниот план на Република Македонија (поглавје 5.1. Животна средина).

Во Просторниот план на Република Македонија, состојбата за квалитетот на животната средина е анализирана преку податоци за квалитетот на водата, воздухот и почвата. Согласно со анализите направени при изработката на Планот, како простори со нарушен квалитет на животната средина се утврдени:

- Со највисок степен и долготрајна загрозеност на животната средина и здравјето на населението се идентификувани градовите и непосредната околина на Скопје, Велес, Битола, Тетово и Кавадарци;

- Повремена загрозеност на квалитетот на воздухот и перманентно неповолен квалитет на реципиентите на отпадните води се јавува во градовите и непосредната околина на Штип, Куманово, Прилеп, Гостивар, Струмица, Кичево, Ресен, Радовиш и Кочани и

- Перманентно отстапување од квалитетот на дел од водотеците на сливните подрачја на реките: Вардар, Црна Река, Брегалница, Струмица, Пчиња, Црн Дрим и Треска.

Покрај наброените, наведени се и поголемите котлини во сите плански региони како подрачја каде што има опасност од контаминација на почвата заради високо антропогено

[2]„Регионите во Република Македонија 2007", ДЗС, декември 2008, стр. 46

влијание од употребата на вештачки ѓубрива, експлоатацијата на минерални суровини, користењето на аеоседименти и испуштањето на отпадни води од населбите.

Утврдените подрачја покажуваат дека нарушување и/или опасност од нарушување на животната средина е присутно во сите плански региони. Како најважни причини за постојната состојба се наведуваат: деградирањето на големи почвени површини при ископ, транспорт и други активности поврзани со експлоатацијата на минерални суровини и депонирањето на техноген отпад од топилнички и енергетски комплекси; пренамената на земјоделското земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивна намена; деградирањето на шуми во близина на населените места преку сеча во националните паркови и недоволна/ненавремена заштита на шумите; испуштање на хемиски и други загадувачи во површинските и подземните води; примена на стари технологии во стопанството, како и непостоење /некористење/застареност на системите за пречистување на отпадните гасови, комунални и индустриски води.

За подетално специфицирање на проблемите поврзани со нарушување на квалитетот на животната средина на ниво на плански региони потребна е изработка на детални студии за кои е неопходна добра статистичка основа. Од аспект на регионалниот развој, врз основа на Просторниот план на Република Македонија може да се идентификуваат општите цели за заштита на животната средина кои се значајни за развојот на планските региони.

## 2. Степен на развиеност на регионите

Со цел да се постави основа за креирање на политиката на регионален развој, направена е класификација на планските региони според степенот на развиеност. Во Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста донесена во декември 2008 година (“Службен весник на Република Македонија“ број 162/2008), планските региони се класифицирани на следниов начин:

Табела 3. Класификација на планските региони според степеност на развиеност за периодот 2008-2012 година

| Плански регион | Според развојниот индекс | Според економско-социјалниот индекс | Според демографскиот индекс |
|---|---|---|---|
| Скопски | 1.48 | 1.86 | 1.25 |
| Југоисточен | 0.89 | 1.38 | 0.58 |
| Пелагониски | 0.73 | 0.79 | 0.69 |
| Југозападен | 0.72 | 0.50 | 0.86 |
| Полошки | 0.72 | 0.18 | 1.05 |
| Вардарски | 0.69 | 0.63 | 0.73 |
| Источен | 0.67 | 0.95 | 0.50 |
| Североисточен | 0.56 | 0.33 | 0.70 |

Извор: Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2008-2012, “Службен весник на Република Македонија“ број 162/2008

Класификацијата е направена врз основа на Одлуката за поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони (“Службен весник на Република Македонија“ број 162/2008). Според оваа одлука, развојниот индекс се утврдува како пондериран просек од економско-социјалниот и демографскиот индекс, при што двата индекси имаат подеднакво учество во креирањето на развојниот индекс. При определувањето на економско-социјалниот индекс како индикатори се користат: бруто-домашниот производ по жител, буџетските приходи по жител, растот на додадената вредност на нефинансискиот сектор и стапката на невработеност, додека демографскиот индекс се определува врз основа на природниот прираст на населението, коефициентот на стареење, салдото на миграции на 1.000 жители и завршени студенти на 1.000 жители.

Индексите (развоен, економско-социјален и демографски) на планските региони (Табела 3) покажуваат колку регионите отстапуваат во развојот споредено со просекот на земјата при што:

- Индекс 1 означува дека нивото на развој на планскиот регион е еднакво на просечниот развој на ниво на Република Македонија;
- Индекс поголем од 1 означува дека нивото на развој на планскиот регион е повисоко од просечниот развој на ниво на Република Македонија и
- Индекс помал од 1 означува дека нивото на развој на планскиот регион е пониско од просечниот развој на ниво на Република Македонија.

Развојните индекси на планските региони во Република Македонија покажуваат дека единствено Скопскиот плански регион се карактеризира со натпросечен степен на развој, додека сите други региони се под националниот просек. Притоа, разликата меѓу Скопскиот и вториот по развиеност - Југоисточниот плански регион е значајна (индекс 1,48 и индекс 0,89, соодветно), меѓутоа јазот во развојот меѓу Скопскиот и последниот по развиеност - Североисточниот плански регион е исклучително голем (индекс 1,48 и индекс 0,56 соодветно). Останатите плански региони (Пелагониски, Југозападен, Полошки, Вардарски и Источен) се одликуваат со слични развојни индекси, меѓутоа има значајни разлики меѓу економско-социјалниот и демографскиот индекс што треба да се земе предвид при креирање на мерките за поттикнување на развојот на регионите. Најголеми разлики меѓу двата индекси има кај Полошкиот регион кој се одликува со натпросечен демографски развој (1,05) и најнизок економско-социјален развој (0,18), додека Југоисточниот регион има висок економско-социјален индекс (1,38) и низок демографски индекс (0,58). Подетален осврт на диспаритетите во развојот на планските региони е направен во натамошниот текст каде што се обработуваат демографскиот развој, економските карактеристики, пазарот на трудот, социјалниот развој и инфраструктурата.

Согласно со законската регулатива, направената класификација е со важност од пет години (2008-2012), после што повторно ќе се оценуваат степенот на развиеност на планските региони и ефектите од применетите мерки и реализираните проекти за регионален развој.

Графикон 1




Извор: Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2008-2012, "Службен весник на Република Македонија" број162 /2008

Врз основа на класификацијата за степенот на развиеност на планските региони (Табела 3), направена е пресметка за учеството на планските региони во распределбата на средствата за финансирање на проекти за развој на планските региони во периодот 2008-2012 година.

Распределбата на средствата за финансирање на проекти е важен предуслов за имплементација на моделот на полицентричен регионален развој. Како што се гледа од Графикон 1, скоро сите региони е предвидено да добиваат барем двојно повеќе средства споредено со Скопскиот плански регион за кој ќе се издвојуваат 6,4% од вкупните расположливи средства кои, на годишно ниво, ќе се издвојат од Буџетот на Република Македонија. Средствата за поттикнување на регионалниот развој се наменети за намалување на диспаритетите меѓу и внатре во регионите. Согласно со законската и подзаконската регулатива, искористувањето на средствата е директно условено од поднесувањето и реализацијата на квалитетни проекти за поттикнување на развојот на регионите што пак, зависи од капацитетите за планирање и имплементација на развојни проекти во регионите. Оттаму, при поставувањето на системот на регионален развој посебно внимание мора да се посвети и на компонентата - развивање на капацитетите на релевантните институции.

### 3. Подрачја со специфични развојни потреби

Согласно со Законот (член 6) за потребите на планирањето на регионалниот развој се утврдуваат подрачја со специфични развојни потреби кои претставуваат посебен фокус на политиката за регионален развој. Во подрачјата со специфични развојни потреби спаѓаат: погранични, рурални, ридско-планински и други подрачја што заостануваат во развојот; подрачја со природни богатства и културно наследство кои се заштитени со закон, како и други подрачја определени со закон. Подрачјата можат да се простираат на територијата на една или повеќе единици на локалната самоуправа во рамките на еден или повеќе региони. Основни критериуми врз основа на кои се определуваат подрачјата со специфични развојни потреби се: степенот на економската развиеност, демографскиот индекс, географската положба, степенот на изграденост на техничката и социјалната инфраструктура и вредноста на природното богатство и културното наследство. Освен

наведените се користат и други подетални критериуми за определување на овие подрачја определени во соодветните подзаконски акти.

Согласно со законската регулатива, а заради поттикнување на развојот на подрачјата со специфични развојни потреби потребно е да се утврди листа на овие подрачја со важност од пет години за перидот 2009-2013 година. При изработката на Стратегијата, на располагање беше ставена прелиминарната листа во која се наброени ридско-планинските, пограничните, руралните и други населени места кои заостануваат во развојот, како и населените места во подрачјата со природни богатства и културно наследство кои се заштитени со закон и подрачјата со специфични развојни потреби утврдени со закон. Имајќи го предвид нискиот степен на развој во Република Македонија, малата површина и ридско-планинската конфигурација на територијата, во прелиминарната листа како подрачја со специфични развојни потреби се квалификуваат дури 1.164 населени места (од вкупно 1.767) или 65,9% од вкупниот број населени места во земјата. Овие подрачја се простираат на 65,3% од вкупната површина на Република Македонија, но опфаќаат само 26,9% од вкупното население на земјата. Ваквата ретка густина на населеност се должи најмногу на тоа што во овие подрачја се вбројуваат националните паркови кои имаат поголема површина, а воедно местата кои влегуваат во оваа група се најчесто ретко населени.

Ридско-планинските, пограничните и руралните места именувани како подрачја со специфични развојни потреби се лоцирани во дури 68 единици на локалната самоуправа и дисперзирани низ сите плански региони. Што се однесува пак, до подрачјата со природни богатства и културно наследство кои се заштитени со закон тука влегуваат: националните паркови „Маврово“, „Галичица“ и „Пелистер“, а како подрачја со културно наследство заштитени со закон се издвоени с. Гари како рурална целина; с. Смилево како историска целина и с. Конско како урбанистичка целина. Покрај овие, како подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон се издвоени планината Водно како предел со посебна убавина, Катлановскиот предел заради посебните природни карактеристики и р. Белештица како предел-споменик на природата.

Определувањето на подрачјата со специфични развојни потреби во Република Македонија се врши со цел за овие подрачја да се определат дополнителни средства и инструменти за нивен развој. Се разбира, овие подрачја ќе бидат опфатени и со другите мерки за поттикнување на регионалниот развој кои се однесуваат на планските региони како единици на развојот.

## 4. Демографски развој

Развојот на населението во Република Македонија се карактеризира со драстично намален природен прираст и силен пораст на емиграцијата во странство. Ваквите промени предизвикаа значително намалување на порастот на населението и поместувања во неговата демографска и социо-економска структура, особено во регионални размери. Имајќи ги предвид долгорочните импликации од развојот на населението овие промени во голема мера ќе го детерминираат и идниот регионален развој во земјата.

Обем и динамика на населението. Република Македонија е демографски изразито хетерогено подрачје. Во периодот 1994-2006 година[3] пораст на населението е забележан во сите региони, освен во Пелагонискиот (Табела 4). Порастот е двапати помал од просекот во земјата во Источниот, Вардарскиот и Југоисточниот регион, еднаков во Југозападниот, околу 50% повисок во Североисточниот и Скопскиот, а двојно поголем во

[3] Со оглед на специфичноста на демографските процеси, промените во обемот и структурните белези на населението се анализираат во подолг временски интервал (1994-2006). Се користат податоци од пописите на население, домаќинства и становите во Република Македонија во 1994 и 2002 година и од процените на населението за 2006 година. Поради различната методолошка основа меѓу пописите и процените, промените првенствено се набљудуваат преку податоците од пописите. Регионалните диспаритети се идентификуваат на ниво на региони (НТЕС 3) и општини (НТЕС 5).

Полошкиот регион (Графикон 2). Од 67 општини (без оние од Скопскиот регион[4] ) намалување на населението е карактеристично за повеќе од половина (35). Значајното намалување на населението во најголем број од регионите и општините, придонесува регионалните разлики во обемот и динамиката на населението да се продлабочуваат.

Графикон 2

Апсолутен пораст на населението во Република Македонија на ниво на региони во периодот 1994-2002 година




Извор: Државен завод за статистика

Густина на населеноста и концентрација на населението. Регионалните разлики во порастот на населението условија промени во густината на населеноста и концентрацијата на населението. Во периодот 1994-2002 година, густината на населеноста во земјата порасна за 3,9% (од 78,2 на 81,3 жители на км2). Во регионални рамки, пораст е карактеристичен за сите региони освен Пелагонискиот, како и за две третини од општините, при што најголем пораст имаат Полошкиот (8%), Скопскиот (6%) и Североисточниот регион (5,5%). Според густината на населеноста се издвојуваат шест зони.[5] Во 2002 година два региона (Вардарскиот и Пелагонискиот) и половина (38) од општините припаѓаат на зоната на слаба населеност, четири региони (Источен, Југоисточен, Југозападен и Североисточен) и 18 општини се со средна населеност, Полошкиот регион и осум општини се пренаселени, Скопскиот регион и десет општини имаат голема пренаселеност, четири мошне голема пренаселеност, а во шест општини бројот на жители на км2 е поголем од 1000.

Промените во учеството на населението од регионите/општините во вкупното население на земјата се изразени во негово намалување кај Пелагонискиот, Вардарскиот, Југоисточниот и Источниот регион. Во другите региони се забележува пораст, кој е најголем во Полошкиот регион. Заедничкото учество на населението од Североисточниот, Скопскиот и Полошкиот регион се зголеми од 50,8% (1994) на 52,2% (2002 година). Тоа претставува огромна концентрација на население на повеќе од една четвртина (26,3%) од територијата на земјата.

Од аспект на идниот регионален развој, постојната состојба во густината на населеноста и концентрацијата на население е мошне неповолна поради бројните

[4] Во недостиг на податоци за населението во 17-те општини од Скопскиот регион во 1994 година, според територијалната организација од 2004 година, не може да се идентификува порастот на населението во одделните општини.
[5] Зона на слаба населеност (до 50 жители на км$^2$), средна населеност (51-100), пренаселеност (101-150), голема пренаселеност (151-500), мошне голема пренаселеност (501-1000) и зона на огромна пренаселеност (над 1000 жители на км$^2$).

импликации врз социо-економскиот развој на земјата. Со оглед на досегашните тенденции во демографскиот развој може да се очекува продлабочување на регионалните разлики во густината на населеноста, односно нејзино натамошно зголемување во општините кои денес се издвојуваат како густо населени, додека на определени подрачја може да се очекува појава на потполна депопулација.

Табела 4

Некои показатели за вкупното и природното движење на населението и неговите карактеристики во Република Македонија и на ниво на региони (НТЕС 3)

| | Македонија | Вардарски регион | Источен регион | Југозападен регион | Југоисточен регион | Пелагониски регион | Полошки регион | Североисточен регион | Скопски регион |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупно население (Попис)* | | | | | | | | | |
| 1994 | **1945932** | 152479 | 180081 | 212856 | 168481 | 242614 | 280352 | 163841 | 545228 |
| 2002 | **2022547** | 154535 | 181858 | 221546 | 171416 | 238136 | 304125 | 172787 | 578144 |
| *Просечни годишни стапки на пораст на населението(1994/2002)* | | | | | | | | | |
| | **0,48** | 0,20 | 0,10 | 0,49 | 0,22 | -0,23 | 1,02 | 0,66 | 0,73 |
| *Процена на население* | | | | | | | | | |
| 2006 | **2041941** | 154161 | 180791 | 222141 | 172067 | 235861 | 310853 | 174076 | 591991 |
| *Стапки на природен прираст** | | | | | | | | | |
| 1994 | **8,1** | 4,2 | 4,7 | 10,0 | 7,7 | 3,0 | 14,8 | 8,4 | 8,4 |
| 2006 | **1,9** | 0,0 | 0,8 | 1,5 | 1,2 | -2,0 | 4,2 | 2,3 | 3,9 |
| *Умрени доенчиња на 1000 живородени* | | | | | | | | | |
| 1994 | **23,9** | 15,6 | 17,0 | 20,4 | 17,4 | 21,8 | 27,1 | 26,9 | 28,9 |
| 2006 | **11,5** | 15,5 | 8,9 | 7,9 | 9,6 | 8,2 | 11,4 | 6,5 | 15,3 |
| *Стапка на тотален фертилитет* | | | | | | | | | |
| 1994 | **2,1** | 1,8 | 1,8 | 2,3 | 2,0 | 2,0 | 2,5 | 2,3 | 2,0 |
| 2006 | **1,42** | 1,39 | 1,27 | 1,30 | 1,40 | 1,48 | 1,35 | 1,54 | 1,63 |
| *Очекувано траење на животот при раѓање* | | | | | | | | | |
| 1995 | **72,1** | 71,6 | 72,3 | 72,6 | 72,7 | 72,3 | 72,3 | 70,8 | 72,2 |
| 2005 | **73,4** | 73,4 | 73,7 | 73,9 | 73,9 | 73,7 | 73,7 | 73,4 | 74,2 |
| *Учество (во %) во вкупното население (2006)* | | | | | | | | | |
| Деца (0 - 14) | 18,9* | 17,1* | 16,2* | 20,0* | 17,9* | 16,3* | 22,3* | 20,6* | 18,9* |
| Работноспособе контингент** | 67,6 | 68,3 | 69,2 | 67,7 | 68,3 | 66,0 | 67,7 | 66,7 | 67,4 |
| Стари 65 и + | 11,2 | 12,1 | 12,0 | 10,4 | 11,5 | 15,2 | 8,2 | 10,6 | 11,1 |
| *Коефициенти на старосна зависност на населението (2006 година)**** | | | | | | | | | |
| Вкупно | **44,6** | 42,8 | 40,7 | 44,8 | 43,0 | 47,7 | 45,0 | 46,7 | 44,7 |
| На младите | **28,0** | 25,1 | 23,4 | 29,5 | 26,2 | 24,7 | 32,9 | 30,8 | 28,1 |
| На старите | **16,6** | 17,8 | 17,3 | 15,3 | 16,8 | 23,0 | 12,1 | 15,9 | 16,5 |
| *Домаќинства* | | | | | | | | | |
| Број (2002) | **564237** | 40873 | 64490 | 57652 | 49695 | 72531 | 69089 | 46295 | 163612 |
| Пораст (%) 2002/1994 | **12,4** | 6,3 | 7,8 | 15,0 | 10,6 | 3,5 | 32,3 | 12,7 | 12,7 |
| *Образовно ниво на населението старо 15 и повеќе години (2002)***** | | | | | | | | | |
| Ниско | **53,2** | 49,2 | 51,4 | 60,8 | 58,9 | 49,7 | 73,8 | 59,7 | 39,8 |
| Средно | **36,9** | 42,2 | 39,4 | 30,7 | 33,9 | 39,0 | 21,2 | 33,6 | 45,5 |
| Високо | **10,0** | 8,6 | 9,2 | 8,6 | 7,2 | 11,3 | 5,0 | 6,7 | 14,8 |

* Природен прираст на 1000 жители (промили)

**Работноспособниот контингент го опфаќа населението на возраст 15-64 години (мажи) и 15-59 години

***Коефициент на вкупната старосна зависност - оптовареност на населението на работноспособна возраст контингентите на младите (0-14 год.) и на старите (65 и повеќе год.). Коефициент на старосна зависност на младите - оптовареност на населението на работоспособна возраст со контингентите на младите (0-14 год.).
Коефициент на старосна зависност на старите - оптовареност на населението на работноспособна возраст контингентите на старите 65 и повеќе години.

**** Ниско ниво на образование - без образование, незавршено основно и основно образование; Средно ниво на образование - тригодишно и четиригодишно средно образование; Високо ниво на образование - вишо и високо образование, магистратура, докторат.

Извор: ДЗС: Демографска статистика по региони (Статистички преглед 2.4.6.04, 526), Скопје, 2006 година и од документацијата на ДЗС.

Градско население и ниво на урбанизација. Учеството на градското во вкупното население во земјата изнесува 56,7% (2002). На ниво на планските региони се движи од 29,2% (Полошки) до 71,8% (Скопски). Со релативно повисоко учество се издвојуваат Вардарскиот, Пелагонискиот и Источниот регион, а со пониско се Југозападниот и Југоисточниот регион. Речиси половина (41) од општините имаат само рурално население.

Во 2002 година Македонија имала 22 мали градови (до 20.000 жители) од кои 12 со помалку од 10.000 жители, седум средни (20.000-50.000) и четири големи градови (од 50.001 до 100.000 жители). Градот Скопје остана единствената градска населба со над 100.000 жители. Учеството на населението од малите градови во вкупното градско население изнесува 17,2%, од средните 22,8%, а од големите градови 23,8%. Повеќе од една третина (36,2%) од градското население живее во Скопје.

Мошне големиот број на мали и поголеми рурални општини во голема мера ќе го определува и идниот регионален развој на земјата. Затоа, треба да се обрне внимание на континуираната депопулација на малите рурални подрачја од една, и значителниот пораст на население во поголемите рурални општини, од друга страна. Тоа ја наметнува потребата од диференциран приод при идентификувањето на стратешките определби за регионалниот развој.

Наталитет, морталитет и природен прираст. Во периодот 1994-2006 година стапките на наталитет во Македонија се намалија од 16,1 на 11,1 живородени на 1000 жители. Намалување имаат сите региони, при што тоа е најголемо во Полошкиот, Југозападниот и Североисточниот регион. Ваквата тенденција во високонаталитетните подрачја придонесе за значително намалување на регионалните разлики во големината на стапките на наталитет. Меѓутоа, огромни остануваат разликите на ниво на општини кои во 2006 година се движат од 5,5 (Осломеј) до 23,3 промили (Студеничани).

Стапките на морталитет, пак, во Република Македонија се зголемија од 8,0 (1994) на 9,1 умрени на 1000 жители (2006). Оваа стапка во 2006 година е најголема во Пелагонискиот (12,3 промили), а најмала во Полошкиот регион (6,8 промили). Натпросечни стапки имаат Вардарскиот, Источниот, Југоисточниот и Североисточниот регион. Разликите кај општините се мошне големи и се движат од 4,3 (Арачиново) до 23,5 промили (Вранешница).

Бројот на умрени доенчиња на 1.000 живородени на ниво на земјата се намали од 23,9 (1994) на 11,5 (2006). Промени во позитивна насока имаат сите региони. Тие се најголеми во Североисточниот и Југозападниот регион, помали во Полошкиот, Скопскиот и Источниот, а најмали во Вардарскиот плански регион. Во 2006 година бројот на умрени доенчиња на 1000 живородени најмал е во Североисточниот (6,5), а најголем во Вардарскиот регион (15,6).

Големите промени во наталитетот предизвикаа енормно намалување на природниот прираст во Република Македонија. Тој во периодот 1994-2006 година се намали за четири пати (од 15.772 на 3.955 лица), а стапката на природен прираст од 8,1 на само 1,9 промили. Големи промени во апсолутниот обем на природниот прираст има во сите подрачја во земјата. До негово драстично намалување дојде и во високонаталитетните подрачја, првенствено под влијание на емиграцијата во странство. Сепак, во 2006 година стапките на природен прираст најголеми се во Скопскиот и Полошкиот регион, на кои отпаѓа 91,7% или речиси целиот природен прираст во земјата.

Внатререгионалните диференцијации на вредностите на стапките на природниот прираст се особено нагласени на ниво на општини. Тие се движат од 15,1 промили (Вранешница) до 17,5 промили (Студеничани).

Природното движење во Република Македонија се карактеризира со голема хетерогеност и огромни регионални отстапувања. Посматраните индикатори укажуваат на

различната фаза на демографска транзиција во која се наоѓаат одделни региони и општини. Релативно големиот пораст на населението во некои општини од Скопскиот, Полошкиот и Југозападниот регион сè уште е под влијание на високиот природен прираст, иако дел од нив се изразито емиграциони подрачја. Сепак, тоталната стапка на фертилитет (со чии промени се намалија регионалните отстапувања) покажува дека според состојбата во 2006 година проста репродукција на населението во смисла на обновување на генерациите нема во ниту еден регион.

Внатрешни и надворешни миграции. Анализата на внатрешните миграции покажува дека во набљудуваниот период незначителен пораст забележаа миграциите во рамките на општините. Независно од ваквите промени во структурата на внатрешните миграции остана доминантно учеството на меѓуопштинските преселувања кое изнесува нешто помалку од 2/3 (според податоците од Пописот на населението во 2002), односно околу 4/5 според податоците од редовното статистичко истражување во периодот 2003-2006 година. Ваквата структура на внатрешните миграции е условено од намалениот миграционен потенцијал и од зголемувањето на преселничките движења од селските подрачја во странство.

Што се однесува на надворешните миграции преовладува учеството на иселувањата. Според уделот на емигрантите во вкупното население во 1994 година се диференцираат две групи на изразито емиграциони подрачја. Првата ја сочинува Пелагонискиот регион (22,5%), а втората група Југозападниот (14,1%) и Полошкиот регион (12,8%). Повеќе индиции упатуваат на констатацијата дека во последната деценија во поголемиот број општини од Полошкиот и Југозападниот регион, како и дел од општините од Скопскиот и Североисточниот регион, емиграцијата во странство продолжи со мошне голем интензитет. Но, треба да се истакне дека во овој период оваа емиграција поприма сè пошироки размери на целата територија на земјата.

Сознанијата за обемот, интензитетот и насоченоста на просторната мобилност на населението, како и демографската структура на мигрантите, упатуваат на тоа дека внатрешните и надворешните миграции директно и индиректно влијаеја врз развојот на населението. Тие имаа значително влијание врз големината на вкупното население во земјата, неговата репродуктивна основа и процесот на демографско стареење. Последиците и импликациите се понагласени во подрачјата каде миграциите, посебно емиграцијата во странство, забележаа значителен интензитет, што придонесе за продлабочување на регионалните разлики во развојот на населението во земјата и за промени во просторно-демографските соодноси. Овие движења се одвива стихијно и во отсуство на миграциона политика, како и на политика за порамномерен регионален развој, особено за развој на руралните подрачја и помалите општини.

Население според пол и старост. Во периодот 1994-2002 година во Република Македонија дошло до незначителен пораст на учеството на машкото во вкупното население (од 50,1% на 50,2%). На ниво на региони пораст има во Вардарскиот, Североисточниот, Југозападниот, Југоисточниот и Полошкиот, намалување бележат Пелагонискиот и Скопскиот, а тоа останува исто во Источниот регион. Во 2002 година, учеството на мажите е поголемо од она на жените во сите региони освен во Скопскиот.

Старосната структура на населението се карактеризира со големи промени. Рангирањето на демографската старост покажува дека населението на ниво на земјата од праг на демографска старост (1994) преминало во стадиум на демографска старост (2002). Во двете посматрани години во четврти стадиум - праг на демографска старост е населението во Североисточниот и Југозападниот регион. Со поинтензивен процес на стареење се издвојуваат Вардарскиот, Скопскиот, Југоисточниот и Источниот регион, чие население од праг на демографска старост преминало во стадиум на демографска старост.

Во истиот стадиум - демографска старост остана Пелагонискиот, а Полошкиот регион од стадиум на демографска зрелост преминува на праг на демографска старост[6].

Рангирањето на демографската старост на 84 општини покажува дека во 2002 година во стадиум на демографска зрелост било населението во десет општини, во 22 на праг на демографска старост, во 39 во стадиум на демографска старост, во девет во длабока демографска старост, а во четири во најдлабока демографска старост. Тоа значи дека повеќе од три петтини од општините во Македонија се зафатени со мошне интензивен процес на демографско стареење[7].

Графикон 3

Коефициенти на старосна зависност на младите и на старите во Република Македонија на ниво на региони во 2006 година




Извор: Државен завод за статистика

Промените во основните функционални старосно-полови контингенти се мошне големи и треба да се имаат предвид при конципирањето на регионалниот развој, бидејќи тие по своите особености бараат и соодветни социјални трансфери за различните потреби на одделни сегменти од населението. Огромните регионални разлики во коефициентите на старосната зависност, пак, имплицираат повеќе последици кои произлегуваат од оптовареноста на работоспособниот контингент (Графикон 3). Тие се значајни како од аспект на формирањето на активниот контингент - работната сила, така и од потребата за обезбедување на средства за различните видови на трансфери за младите и старите лица.

Старосната структура на населението различно ќе се одрази врз идниот демографски развој на одделни подрачја во земјата. Со оглед на нагласените отстапувања во концентрацијата на вкупното население и застапеноста на младите, посебно на женската популација на фертилна и оптимална репродуктивна возраст, демографските последици ќе се манифестираат во натамошно продлабочување на регионалните разлики во развојот на населението. Најголем дел од земјата ќе се соочи со интензивирање на процесот на демографско стареење, следствено намалување на вкупното и населението на

[6] Податоците од проценките на населението за 2006 година покажуваат дека на ниво на земјата и во сите региони, освен Пелагонискиот чиешто население преминало во стадиум на длабока демографска старост, се задржуваат во истите стадиуми на демографска старост.

[7] Во 1994 година населението во две општини било во стадиум на демографска младост, во 14 во демографска зрелост, 35 на праг на демографска старост, во 16 во стадиум на демографска старост, пет во длабока демографска старост и една во најдлабока демографска старост.

работоспособна возраст. Во подрачјата, пак, кои во почетокот на анализираниот период беа идентификувани како високонаталитетни и покрај големите промени, населението и понатаму ќе има значителен пораст поради сè уште релативно широката репродуктивна основа и големата застапеност на младите во вкупното население.

Образовна структура на населението - Во последниот меѓупописен период во Македонија продолжи намалувањето на стапката на неписменост, но со значително помала динамика од онаа во периодот 1981-1994 година. Промените во структурата на населението според школска подготовка, пак, се одвиваа во насока кон намалување на учеството на лицата со ниско ниво на образование и пораст на оние со средно и високо ниво на образование. Но, и покрај ваквата тенденција уделот на лицата со ниско ниво на образование останува доминантен во најголем број од регионите и општините (Графикон 4). Релативно малиот пораст на населението со вишо и високо образование, меѓу другото, е условен од интензивната интелектуална емиграција.

Анализата на промените во апсолутната големина и структурата на населението според школска подготовка на ниво на региони (НТЕС 3) укажува на исти тенденции. Независно од интензитетот на промените, со одредени исклучоци, овие движења се карактеристични за сите региони.

Графикон 4

Учеството на населението старо 15 и повеќе години со ниско, средно и високо ниво на образование во Република Македонија, на ниво на региони во 2002 година



Графикон 5 – Регионален БДП по жител 2007




Извор: Државен завод за статистика

Намалувањето на учеството на лицата со ниско ниво на образование е најизразено во Источниот регион, а најмало во Полошкиот регион. Скопскиот и Полошкиот регион беа и остануваат подрачја со најмала, односно најголема застапеност на населението со ниско образование (околу 40% и 74%, соодветно во 2002 година). Учеството на лицата со средно ниво на образование најголем пораст бележи во Источниот, а најмал во Полошкиот регион. Во 2002 година Полошкиот регион е единственото подрачје каде што тоа е помало од 30%. Најголем пораст на учеството на лицата со високо ниво на образование, е карактеристичен за Скопскиот и Пелагонискиот, а најмал за Полошкиот и Југоисточниот регион. Регионалните разлики во застапеноста на лицата со високо ниво на образование во набљудуваниот период се продлабочуваат.

Постојната состојба во однос на писменоста и образовната структура на населението е мошне неповолна. Најголем дел од планските региони и општините не располагаат со квалитетни човечки ресурси неопходни за поттикнување и следење на социо-економскиот развој. Во услови на релативно ограничени природни и финансиски ресурси од една, и сè понагласено значење на образованието како вид на човечки капитал, од друга страна, тоа може да претставува сериозна ограничувачка околност за ублажување на постојните големи диспаритети на регионалниот развој во земјата.

## 5. Економски карактеристики

Бруто домашен производ по жител. БДП по жител на регионално ниво покажува голема нерамномерност во нивото на развој меѓу Скопскиот и другите плански региони во земјата (Графикон 5). Според податоците од 2006 година, Скопскиот плански регион со БДП по жител од 289.622 денари според паритетот на куповната моќ е далеку над просекот на земјата од 173.385 денари. Заедно со Вардарскиот плански регион (179. 645 денари) тоа се единствените региони со повисок БДП по жител од просекот на земјата. Потоа следат Пелагонискиот и Југоисточниот плански регион со БДП по жител од 97%, односно 92% од просекот на Македонија. Останатите четири региони имаат БДП по жител помал од 75% од просекот на земјата. Во Скопскиот плански регион се создава 48,5% од вкупниот БДП на Македонија, додека сите останати плански региони имаат далеку поскромен придонес. Втор по учество во БДП е Пелагонискиот регион со 11,2%, додека најнизок придонес има Североисточниот регион со 4,2% (Графикон 6)

Извор: Соопштение бр.3.1.9.03 Државен завод за статистика, јуни 2009

Скопскиот плански регион има 3,4 пати повисок БДП по жител од Североисточниот плански регион. Во земјите од ЕУ се сретнуваат и поголеми регионални разлики при што рекордот го држи Велика Британија каде што најбогатиот регион е 9,7 пати побогат од најсиромашниот регион. Но, забележливо е дека големите регионални разлики во БДП по жител се карактеристични за поголемите земји, како Велика Британија, Германија и Франција. Регионалните разлики во нивото на БДП по жител се далеку пониски во земјите од ЕУ со слична големина како Македонија. На пример, во Словенија тој сооднос изнесува 2,1, во Летонија и Естонија 2,2, а во Литванија 2,5. Оттука се наметнува констатацијата дека Македонија се карактеризира со исклучително нерамномерен економски развој меѓу главниот град и другите населени места во земјата, несвојствен за мала земја по територија и население.

Графикон 6.Учество на регионите во создавањето на БДП во 2007 година




Извор: Соопштение бр.3.1.9.03 Државен завод за статистика, јуни 2009

Структурна и динамичка анализа на економијата на планските региони. Структурната и динамичката анализа на економијата на планските региони во Република Македонија е направена врз основа на расположивите податоци за нефинансискиот сектор обезбедени од страна на Државниот завод за статистика. Анализата на додадената вредност на нефинансискиот сектор овозможува да се добие јасна претстава за динамиката на економскиот развој на планските региони заради следново: 1) нефинансискиот сектор е најголемиот институционален сектор во економијата[8] со удел од приближно 60% во вкупната додадена вредност; 2) произведува стоки и услуги исклучиво за пазарот наспроти владиниот сектор кој обезбедува непазарни услуги и секторот домаќинства кој во голема мера произведува за сопствените потреби и 3) порастот на македонската економија е најмногу генериран од нефинансискиот сектор.

Според сите анализирани економски индикатори за нефинансискиот сектор, Република Македонија има карактеристики на моноцентричен модел на развој, при што Скопскиот плански регион се издвојува како јадро на развојот, додека сите други плански региони многу заостануваат. Ваквата состојба наметнува потреба од водење на регионална

[8] Останатите институционални сектори се: финансиските претпријатија, домаќинствата, државата и непрофитните институции

политика за поттикнување на динамичен развој во другите региони и порамномерна дисперзија на инвестициите низ земјата, со цел да се намалат економските и другите диспаритети во развојот. Притоа, како што е веќе споменато, политиката на полицентричен развој не подразбира развој на другите региони за сметка на заостанување на развојот на Скопскиот плански регион, туку вклучува паралелно поттикнување развојот во сите региони, со тоа што мерките треба да бидат првенствено насочени кон забрзување на развојот на помалку развиените региони.

Производство. Економската доминација на Скопскиот плански регион е јасно воочлива кај вкупната додадена вредност во производството на нефинансискиот сектор во земјата. Скопскиот регион учествува со дури 2/3 во вкупната додадена вредност (Графикон 7), а другите региони имаат многу ниско учество. Интересно е да се забележи дека во анализираниот период (2003-2006), трите региони со најголемо учество во 2003 година (Скопски, Пелагониски и Југозападен) остварија намалување на нивниот придонес во вкупната додадена вредност на нефинансискиот сектор. Останатите пет региони остварија зголемување на учеството како резултат на нивниот динамичен раст кој се движи од 30% во Вардарскиот,[9] 33% во Полошкиот, 36% во Источниот,[10] 47% во Североисточниот до 117% во Југоисточниот плански регион. Наспроти нив, Скопскиот плански регион оствари раст од 26%, а Пелагонискиот и Југозападниот од само 9% и 3%, соодветно. Сепак, високата економска основа на Скопскиот регион диктира голем економски јаз меѓу него и другите региони за чие намалување потребен е континуиран и динамичен раст на останатите региони во подолг временски период.

Графикон 7




Извор: Државен завод за статистика

Наследените диспаритети во економскиот развој меѓу регионите во определена мера се должат на концентрацијата на големите и средните претпријатија во Скопскиот, Пелагонискиот и Југозападниот регион кои овозможија создавање на повисока економска основа во овие региони во минатото. Меѓутоа, токму големите и средните претпријатија во последните неколку години условуваат забавување на растот во овие региони заради долготрајните проблеми во однос на нивното преструктуирање. Останатите региони се

[9] Податокот е за периодот 2003-2005, Податоците за 2006 година за Вардарскиот и Источниот регион се неспоредливи со претходните години, затоа што се по старата територијална организација пред префрлувањето на општините Лозово и Свети Николе од Источниот во Вардарскиот регион. Имено, по измената на територијалната организација на овие два региони, ДЗС ги достави преработените податоци за додадената вредност по институционални сектори за 2003, 2004 и 2005 година, но не и за 2006 година.
[10] Види фуснота 9.

карактеризираат со доминантен удел во производството на малите бизниси кои бележат високи стапки на раст и придонесуват за побрз развој на бизнис секторот.

Графикон 8




Извор: Државен завод за статистика

Увоз и извоз. Доминацијата на Скопскиот регион во производството видливо се отсликува и во надворешно-трговската размена на регионите (Графикон 9). Во периодот 2003-2006 година, Скопскиот регион учествувал со дури 45% во вкупниот извоз и со над 62% во вкупниот увоз на Република Македонија. Од другите плански региони најголем извоз остваруваат Вардарскиот (како резултат на извозот на фероникел од страна на „Фени“) и Источниот регион (како резултат на извозот од металната и текстилната индустрија). Најлоши перформанси во поглед на извозно-увозните активности покажуваат Југозападниот и Североисточниот регион кои воедно имаат најниско учество во производството. Овие резултати покажуваат дека извозната ориентираност на економските субјекти во планските региони е неопходна за поттикнување на развојот, имајќи ја предвид ниската апсорпциона моќ на домашниот пазар. Оттаму, поддршката на развојот на конкурентни индустрии се наметнува како основен предизвик за политиката на регионален развој на Република Македонија.

Графикон 9




Извор: „Регионите во Република Македонија 2007“, ДЗС, декември 2008, стр. 42

Работни места. Наспроти апсолутната доминација на Скопскиот плански регион во производството на нефинансискиот сектор, неговото учество во вработувањата е 47% што претставува многу висок удел, но сепак упатува на поголема дисперзираност на работните места по регионите. Во однос на креирањето на нови работни места (Графикон 8), во периодот 2003-2006 година бројот на работни места во Скопскиот плански регион пораснал за 13%, додека најголем раст е забележан во Североисточниот регион (17%), а најголема загуба на работни места е остварена во Југозападниот плански регион (-3%). Губењето на работни места во Југозападниот плански регион најмногу се должи на незавршеното преструктуирање или затворањето на големите и средните претпријатија. Слична е ситуацијата и во Пелагонискиот плански регион каде што во анализираниот период бројот на работни места пораснал за минимални 1% како последица на тоа што со создадените нови работни места во малите фирми не може во голема мера да се компензира губењето на работните места во големите и средните фирми.

Графикон 10




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на авторите

Продуктивност на трудот. Анализата на продуктивноста на трудот ја потврдува доминацијата на Скопскиот плански регион, како резултат на високото учество на регионот во вкупната додадена вредност (67%) и релативно пониското учество во вкупните вработувања (47%). Во периодот 2003-2006 година, продуктивноста во овој регион се зголемила за 12% и просечната остварена додадена вредност по вработен изнесувала 712.000 денари во 2006 година. Многу побрз раст на продуктивноста во анализираниот период е остварен во другите региони - 92% во Југоисточниот, 31% во Источниот,[11] 26% во Североисточниот, 25% во Вардарскиот[12] и 23% во Полошкиот плански регион, што резултира со стеснување на диспаритетот во продуктивноста на трудот меѓу Скопскиот и останатите региони. Во 2006 година отскокнува Вардарскиот плански регион со многу висока продуктивност од 793.000 денари, што е резултат на високиот раст на "Фени". Без оваа компанија, овој регион би имал двојно пониска продуктивност. Пелагонискиот и Југозападниот плански регион повторно заостануваат во поглед на растот на продуктивноста со 8% и 6%, соодветно, што е логична последица на ниските перформанси во поглед на производството.

Интересно е да се забележи дека регионите со повисока продуктивност на трудот вообичаено имаат повисок износ на бруто плати по вработен што е економски логично објаснување на регионалните разлики во примањата на вработените (Графикон 10).

[11] Види фуснота 9
[12] Види фуснота 9

Трошоци за работна сила по единица производ. Динамичниот раст на нефинансискиот сектор во периодот 2003-2006 година во повеќето плански региони на Република Македонија беше придружен и со значително подобрување на конкурентноста мерена преку трошоците за работна сила по едница производ (ТРСЕП). Вардарскиот регион оствари најголемо намалување на ТРСЕП во периодот 2003-2006 година (Графикон 11), меѓутоа резултатите повторно се должат најмногу на доброто работење на „Фени“ и овој индикатор не ја отсликува реално состојбата во целиот регион. Анализата на другите региони покажува дека Југоисточниот плански регион оствари најголемо намалување на ТРСЕП од 41% во периодот 2003-2006 година, следен од Источниот[13] и Североисточниот плански регион со намалување од 22% и 19%, соодветно. Скопскиот плански регион успеа да ги намали ТРСЕП од 0,58 во 2003 година на 0,51 во 2006 година, како резултат на намалувањето на бруто платите со што во определена мера се надомести пониският пораст на продуктивноста во овој регион. И покрај тоа, Скопскиот плански регион ја загуби водечката позиција зашто ТРСЕП во Југоисточниот плански регион паднаа на 0,47 во 2006 година (од 0,81 во 2003) што се должи на исклучително динамичкиот раст на малите и средните претпријатија. Со лошите перформанси во анализираниот период, Пелагонискиот и Југозападниот плански регион стануваат најмалку конкурентни во Република Македонија, што повлекува потреба од преземање на мерки во овој сегмент значаен за нивниот развој.

Графикон 11




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на авторите

Значењето на малите претпријатија во производството и отворањето на нови работни места. Со интензивниот раст во последните неколку години, малите претпријатија полека го преземаат приматот на најголем производител во нефинансискиот сектор во Република Македонија. Во 2006 година, тие апсолутно доминираат во шест региони со учество во производството од 55% во Пелагонискиот до 72% во Источниот плански регион. Единствено во Скопскиот и Вардарскиот регион сè уште доминираат големите претпријатија со 51%, односно 63%, додека малите претпријатија имаат учество од 36% и

[13] Види фуснота 9

23%, соодветно. Во периодот 2003-2006 година, најимпресивен раст од 190% на малите претпријатија е остварен во Југоисточниот регион, следен од Североисточниот со 72%. Најниска стапка на раст од 30% е забележана во Вардарскиот[14] плански регион, што го потврдува навистина динамичниот раст на овој сектор во сите региони. Овие податоци покажуваат дека структурата на нефинансискиот сектор интензивно се менува во корист на малите претпријатија што имплицира нивно поголемо влијание врз вкупните економски движења во земјата.

За разлика од производството каде што малите претпријатија го презедоа приматот во последните неколку години, тие од поодамна се најголем работодавец во македонскиот нефинансиски сектор. Во 2006 година, малите претпријатија апсорбирале околу 60% од вработените во нефинансискиот сектор во Република Македонија. Погледнато по региони, тие се најголем работодавец во сите региони во 2006 година и нивното учество се движи од 48% во Вардарскиот[15] до 79% во Југозападниот плански регион (Графикон 12). Карактеристично е што во периодот 2003-2006 година, малите претпријатија континуирано отвораа нови работни места и во повеќето региони успеаја целосно да ја амортизираат загубата на работни места во големите и средните претпријатија и да обезбедат нови вработувања. Отворањето на нови работни места во малите претпријатија е карактеристично за сите региони, а растот во анализираниот период (2003-2006) се движи од 21% во Пелагонискиот до 46% во Скопскиот плански регион.

Графикон 12




Извор: Државен завод за статистика

Секторска структура. Во производството на нефинансискиот сектор во Република Македонија доминираат услугите со учество од 51% и индустријата со 36% во 2006 година. Притоа, анализата на податоците за периодот 2003-2006 година покажува дека услугите и градежништвото го зголемуваат своето учество за сметка на индустријата, додека земјоделството има помало учество. Во анализираниот период, градежништвото пораснало за 46%, услугите за 40%, а индустријата за 25%. Земјоделството оствари најдинамичен раст од 65% во периодот 2003-2006 година што веројатно најмногу се должи на преминот на дел од земјоделските производители од неформалниот сектор во формалната економија. Сепак, мора да се напомене дека најголем дел од земјоделското производство се остварува во секторот домаќинства зашто мал дел од земјоделските производители се организирани во претпријатија. Поради тоа, од анализата на

[14] Види фуснота 9
[15] Види фуснота 9

нефинансискиот сектор не може да се согледа реалното значење на земјоделството за одделни региони, кое е далеку повисоко од прикажаното со статистичките податоци.

Анализирано по региони, индустријата сè уште доминира во пет региони со учество од 45% во Североисточниот до 61% во Вардарскиот[16] плански регион, додека услугите се повеќе застапени во Скопскиот, Полошкиот и Југозападниот плански регион со учество од 6%, 49% и 48%, соодветно. Градежништвото и земјоделството се со значително пониско учество во производството на нефинансискиот сектор на регионите, меѓутоа се издвојуваат како позначајни во одделни региони. Градежништвото има поголемо значење во Југозападниот и Полошкиот плански регион каде учествува со 13%, додека земјоделството е најзначајно во Југоисточниот регион со учество од 6% во производството на нефинансискиот сектор.

И покрај брзиот раст на останатите сектори, индустријата е сè уште најголем работодавец со учество од 44% во вкупните вработувања во нефинансискиот сектор, следена од услугите со 43%. Меѓутоа, услугите се карактеризираат со најголем број новоотворени работни места во анализираниот период (2003-2006 година) што реално може да повлече услугите да го преземат приматот на работодавец на национално ниво, особено доколку во индустријата нема поголеми инвестиции. Сепак, на ниво на региони, освен во Скопскиот и Југозападниот плански регион, индустријата е најголем работодавец во другите региони. Во 2006 година, учеството на индустријата во вработувањата се движи од 34% во Скопскиот до 67% во Источниот[17] плански регион.

Податоците покажуваат дека индустријата е најзначаен економски сектор во економската структура во повеќето плански региони и дека натамошниот развој на регионите треба да се поттикнува преку стимулирање на постојните индустриски гранки и инвестиции во нови индустрии, соодветно на производните ресурси во регионот, посебно на природните богатства и квалитетот на работната сила.

Земјоделство. Постојната состојба во земјоделскиот сектор покажува извесна специјализација на планските региони за производство на определени земјоделски култури. Во Вардарскиот плански регион најзастапено е производството на житарици, овоштарството и лозарството како највежна стратешка гранка. Во Источниот плански регион највежни култури се оризот и компирот, чие производство треба да се унапредува зашто овој регион има потенцијал да создаде извозни брендови од овие два производа. За разлика од овие два региони, Југозападниот плански регион се карактеризира со голема фрагментираност на површините што не е погодно за поинтензивен земјоделски развој, меѓутоа има голем потенцијал за развој на сточарството и лозарството за кое посебно добри услови постојат во Охридското виногорје.

Посебно важни во однос на земјоделството се Југоисточниот плански регион кој е најзначаен во Република Македонија за градинарството, а втор по значење за тутунот и лозарството и Пелагонискиот плански регион кој се одликува со најмала фрагментираност на земјоделските површини и доминира во производството на житарици и тутун. Во Пелагонискиот плански регион е исто така развиено сточарството и индустријата за преработка на млеко и млечни производи, при што постои висок потенцијал за извозно ориентирање на оваа индустриска гранка. Сточарството е присутно и во Полошкиот плански регион кој нема предуслови за интензивно земјоделско производство, меѓутоа има неколку препознатливи производи како тетовски грав, тетовско јаболко, шарпланинско јагне, сирење и кашкавал кон чие негување и подобра извозна промоција треба да биде насочен развојот на земјоделството во овој регион.

Екстензивното земјоделско производство е посебно присутно во Североисточниот плански регион кој не е специјализиран за определени земјоделски култури и не се

[16] Види фуснота 9
[17] Види фуснота 9

постигнуваат високи приноси. Сепак, екстензивното производство лесно може да се конвертира во органско што може да претставува голема предност на регионот, заедно со сточарството за чиј развој постои голем потенцијал заради големите површини под ливади и пасишта во овој регион. Извесен потенцијал за развој на сточарството и градинарството постои и во Скопскиот плански регион, каде што условите за развој на другите земјоделски гранки се прилично лимитирани заради високото ниво на урбанизација на регионот.

Факт е дека планските региони веќе користат дел од своите потенцијали за земјоделско производство, меѓутоа производството многу често се одвива без користење на современи методи и механизација, а како посебен проблем во повеќето плански региони се јавува наводнувањето на земјоделските површини. Имајќи го предвид традиционалното значење на земјоделството во Република Македонија, како и стратешката определба на државата за унапредување на овој сектор јасно изразена во Националниот развоен план и другите национални стратешки документи, поттикнувањето на земјоделскиот развој се поставува и како приоритет на политиката за регионален развој, посебно имајќи ги предвид специфичностите и погодната клима на планските региони за висококвалитетно земјоделско производство.

## 6. Пазар на работна сила

Стапка на активност. Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија,[18] просечната стапка на активност на национално ниво, мерена како учество на работната сила во работноспособното население изнесува 54,3% во 2002. Во просек, економската активност на работноспособното население во Република Македонија во периодот 1994-2002 година се намали за 13,1%. Анализирано по региони, постојат големи варијации во поглед на активноста (Графикон 13). Највисока активност има Југоисточниот плански регион од 64,7% во 2002 година, додека Полошкиот плански регион се издвојува со најниска стапка на активност од 36,5% во 2002 година и со највисок пад на активноста во периодот 1994-2002 година од 25%.

Графикон 13

Основни индикатори за пазарот на работна сила, 1994 и 2002 година




[18] Анализата на пазарот на работната сила е направена врз основа на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 1994 и 2002 година, од каде што единствено можат да се добијат официјални статистички податоци на регионално ниво. Понови податоци за пазарот на работна сила се достапни од Анкетата на работна сила (АРС), која од 1996 година ја спроведува Државниот завод за статистика. Бидејќи податоците од Анкетата сè уште не се изработуваат на ниво на регион, таа не се користи при изработката на Стратегијата за регионален развој.

Извор: Државен завод за статистика, Попис на население 1994 и 2002.

Просечната стапка на активност кај мажите во 2002 година изнесува 66,1% на национално ниво, додека женското население бележи активност од 42,1% што укажува на висок полов јаз од 24% во корист на мажите. Највисок полов јаз од 36,8% е присутен во Полошкиот плански регион, каде што активноста на женската популација е мошне ниска, што најмногу се должи на традиционалната неактивност на жените од албанско етничко потекло на пазарот на трудот. Половиот јаз во активноста е најнизок во Источниот плански регион (17,1%), додека во сите други региони (освен Пелагонискиот) е над 20%.

Графикон 14
Стапки на активност и вработеност по пол и региони во 2002 година




Извор: Државен завод за статистика, Попис на население 2002.

Од аспект на возрасните групи на пазарот на трудот, во сите региони највисока стапка на активност има населението на возраст од 25 до 49 години, чија активност на национално ниво изнесува 69,8%. Очекувано, најниска активност од 31,9% има возрасната група 15-24 години, што е вообичаено во сите земји, поради тоа што поголем дел од населението на таа возраст е сè уште во процес на образование, или пак работи без работни договори, бидејќи нивната позиција е слаба во однос на работодавачите. Сепак, ниската активност е резултат и на одредени национални специфични причини, односно дел од младите во Република Македонија го пролонгираат школувањето знаејќи дека е тешко да најдат работа.

Графикон 15
Стапка на активност и вработеност по возрасни групи и региони, 2002




Извор: Државен завод за статистика, Попис на население 2002.

Анализирано според образовната структура, на национално ниво, активноста на населението се зголемува пропорционално со порастот на нивото на образование (Табела 5). Најголема регионална разлика во стапките на активност според образовно ниво се јавува кај пониските образовни нивоа. Најниска стапка на активност за лицата без училиште се забележува во Југозападниот регион и изнесува 2,9% во 2002 година, а највисока во Југоисточниот плански регион 23,5%. Регионалната разлика во стапката на активност кај лицата со факултетско или повисоко образование е далеку пониска, а Полошкиот регион е еден од регионите со највисоки стапки на активност кај високообразованите лица. Оттука, од аспект на промовирање на порамномерен регионален развој и во насока на напорите за зголемување на просечната стапка на активност на национално ниво, една од мерките за постигнување на овие цели е поттикнување на лицата (особено од регионите со пониски стапки на активност) да стекнуваат повисоко образование. Оваа забелешка има дури и поголемо значење ако се анализира активноста кај женската популација според образовно ниво. Така, кај пониските образовни нивоа, просечната стапка на активност на жените е пониска отколку кај мажите, додека пак, жените со завршена виша школа, факултет, магистратура и докторат имаат повисоки стапки на активност од мажите со соодветното ниво на образование.

Табела 5 Стапки на активност според образование, по региони во 2002 година[1]

| Статистички регион | Вкупно | Сè уште во образование | Школска подготовка (највисока завршена школа) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Без училиште | Нецелосно основно образование | Основно училиште | Средно училиште | Виша школа | Висока школа, факултет, академија | Магистратура, докторат |
| Република Македонија | 48.0 | 0.7 | 10.2 | 19.3 | 35.3 | 65.8 | 71.2 | 81.9 | 80.9 |
| Вардарски | 53.1 | 0.8 | 10.9 | 18.6 | 42.8 | 70.9 | 75.5 | 86.2 | 87.1 |
| Источен | 52.0 | 0.7 | 14.3 | 18.9 | 43.8 | 67.7 | 73.9 | 85.5 | 82.9 |
| Југозападен | 42.4 | 0.3 | 2.9 | 9.5 | 31.6 | 65.0 | 74.8 | 84.1 | 80.6 |
| Југоисточен | 57.4 | 2.0 | 23.5 | 37.2 | 55.2 | 71.8 | 78.0 | 87.0 | 80.9 |
| Пелагониски | 54.6 | 0.8 | 18.7 | 25.3 | 45.3 | 69.6 | 76.4 | 84.3 | 82.4 |
| Полошки | 33.1 | 0.6 | 3.6 | 12.3 | 26.7 | 57.5 | 71.8 | 82.8 | 86.6 |
| Североисточен | 46.0 | 0.0 | 8.0 | 18.7 | 37.2 | 68.0 | 71.2 | 83.0 | 78.9 |
| Скопски | 49.3 | 1.0 | 6.8 | 9.9 | 28.9 | 62.8 | 62.2 | 78.9 | 80.1 |
| Највисока стапка | 57.4 | 2.0 | 23.5 | 37.2 | 55.2 | 71.8 | 78.0 | 87.0 | 87.1 |
| Најниска стапка | 33.1 | 0.0 | 2.9 | 9.5 | 26.7 | 57.5 | 62.2 | 78.9 | 78.9 |
| Најниска/Највисока (во %) | 57.7 | 0.0 | 12.2 | 25.5 | 48.4 | 80.1 | 79.7 | 90.8 | 90.6 |

1) Податоците се однесуваат на население на возраст 15-80 години.

Извор: Државен завод за статистика, Попис на население 2002.

Вработеност. Стапката на вработеност утврдена со Пописот на населението во 2002 година изнесува 33,5% на национално ниво.[19] Во однос на 1994 година, стапката на вработеност е намалена за 27,8%. Ваквиот силен пад делумно е резултат на апсолутниот пораст на работоспособното население во анализираниот период, а најмногу се должи на негативните економски случувања во Република Македонија во периодот на транзиција кои резултираа со затворање и реструктуирање на голем број економски субјекти во земјата и следствено, отпуштање на голем број работници. Карактеристично е тоа што дел од овие работници станаа неактивни, а дел подолг временски период се невработени, што влијаеше на опаѓање на активноста и вработеноста, како и пораст на невработеноста.

Дезагрегирано по региони (графикони 13 и 14), состојбата е слична како кај стапката на активност. Полошкиот плански регион се карактеризира со најниска стапка на вработеност во 2002 година од 18% што е речиси двојно помала од стапката во 1994 година (34,9%). Тоа претставува најголемо намалување на вработеноста во споредба со сите други региони. Ваквата промена е условена како од неповолните економски движења и затворањето на голем број фирми, но и од релативно високиот пораст на работоспособното население во овој регион, односно приливот на нови генерации на пазарот на трудот. Исто така, ангажираноста на работниците во неформалниот сектор (за што не се достапни конкретни податоци), придонесува за постоење на толку ниска стапка на вработеност. За време на анализираниот период, многу висок пад на вработеноста се случи и во Североисточниот плански регион кој во 2002 година имал стапка на вработеност од 26,5%, споредено со 40,9% во 1994 година.

Стапките на вработеност во другите плански региони исто така се ниски и се движат од 27,7% (Југозападен плански регион) и 35,5% (Вардарски плански регион) до околу 38% во Пелагонискиот (38,2%), Скопскиот (38,6%) и Источниот плански регион (38,9%). Највисока стапка на вработеност во 2002 година е регистрирана во Југоисточниот плански регион од 42,3% што се должи главно на најдинамичниот економски раст на овој регион во последните неколку години. Иако некои од регионите се карактеризираат со подобра

[19] Овој процент е понизок од оној објавен во Анкетата за работна сила (АРС) за истата година (40.4%). Според АРС, стапката на вработеност се намалува до 2004 година, а потоа се зголемува, за да повторно го достигне нивото од 40% (прв квартал 2007).

состојба на пазарот на трудот во однос на другите подрачја во земјата, сепак сите плански региони забележаа негативни промени во анализираниот период како последица на општите неповолни економски движења во земјата. Меѓутоа, економските индикатори покажуваат дека во периодот 2003-2006 година, планските региони бележат подинамичен раст во споредба со претходните години. Оттаму, во услови на непостоење на официјални податоци, реална е претпоставката дека во 2006 година стапката на вработеност е значително повисока во однос на 2002 година.

Погледнато по полова структура (Графикон 14), просечната стапка на вработеност кај машкото население изнесува 41,3%, споредено со стапката на женското население од 25,7%, што кореспондира со половата структура на активното население. Јазот во стапката на вработеност меѓу мажите и жените изнесува 15,6% што е слично на половата разлика во повеќето од земјите членки на ЕУ. Машкото население регистрира највисока стапка на вработеност од 51,5% во Југоисточниот плански регион, кој воедно се карактеризира и со највисок полов јаз, додека женското население има највисока стапка на вработеност во Источниот плански регион од 33,4% каде што половиот јаз е всушност и најнизок. Најмалку вработено женско население има во Полошкиот плански регион (9,4%), што упатува на потребата од преземање соодветни мерки за подигнување на стапките на активност и вработеност на женското население во овој регион.

Анализата на стапката на вработеност по возрасни групи (Графикон 15) покажува дека вработеноста е највисока за возрасната група 25-49 години и изнесува 45,1%. Сосема очекувано, таа е најниска (8,8%) за помладата возрасна група (15-24) која има најниска стапка на вработеност заради тоа што голем дел од лицата сè уште се наоѓаат во процес на образование. Возрасната група на население 50-64 год. има стапка на вработеност од 32,2%. Очекувано, стапката на вработеност и кај мажите и кај жените е највисока за категоријата 25-49 години, а најголем полов јаз постои за групата од 50-64 години, веројатно поради тоа што повозрасните жени потешко наоѓаат нова работа кога ќе останат без работа. Регионалната анализа укажува дека во Југоисточниот плански регион има највисока стапка на вработеност за сите категории на возраст, додека во Полошкиот се забележани најниски стапки на вработеност, како кај мажите, така и кај жените за сите групи на возраст, што кореспондира на другите индикатори од пазарот на работна сила.

Стапката на вработеност, слично на стапката на активност, расте пропорционално со нивото на образование. Така, на национално ниво, таа варира од 2,9% за лицата без училиште до 77% за лицата со магистратура и докторат. Истата констатација важи за сите региони, при што најголеми разлики во стапките на вработеност меѓу регионите се јавува токму кај пониските образовни нивоа, а потоа разликата се стеснува со зголемување на степенот на образование. Ова повторно покажува дека лицата со повисоко образование се во поповолна позиција на пазарот на работна сила, односно дури и во регионите кои се карактеризираат со ниска вработеност, високообразованите лица имаат стапки на вработеност споредливи со истите во регионите со висока просечна стапка на вработеност. Во Југоисточниот плански регион се забележани највисоки стапки на вработеност за сите нивоа на образование, освен за лицата со магистратура и докторат, кои имаат највисока стапка на вработеност во Вардарскиот плански регион.

Комбинираната анализа на вработеноста според образование и пол нè упатува на претходната констатација, односно и кај жените и кај мажите вработеноста се зголемува со степенот на образование. Притоа, стапката на вработеност кај пониските образовни нивоа е повисока кај машката популација отколку кај жените, додека пак кај повисоките нивоа на образование, состојбата е обратна. Ваквата ситуација може да се објасни со тоа што видовите на работа кои им се нудат на лицата со пониско ниво на образование (поголема физичка способност) се типични за мажите, иако кај некои гранки за кои, исто

така, не е потребно високо образовно ниво, на пример текстилната индустрија, речиси сите вработени се од женската популација.

Податоците од Пописот на население 2002 година покажуваат дека најголем "работодавач" во Република Македонија е секторот на услуги или 50,9% од вработените работат во услужната дејност. Во индустријата се вработени 36,4% од вкупните вработени, а учеството на земјоделството во вкупната вработеност е 10,9%. Како што покажува Графиконот 16, Источниот и Североисточниот плански регион имаат најголема вработеност во индустрискиот сектор. Најголема вработеност во земјоделството има во Југоисточниот и Пелагонискиот плански регион, што е сосема очекувано, бидејќи овие два региона се познати земјоделски региони. Најниска вработеност во земјоделството има во Скопскиот плански регион, поради високата застапеност на вработеноста во услужниот сектор. Високо учество на услужниот сектор има и во Југозападниот плански регион.

Графикон 16
Секторска структура на вработеноста по региони, 2002 година




Извор: Државен завод за статистика, Попис на население 2002.

Невработеност. Стапката на невработеност утврдена со Пописот на население во 2002 година изнесува 38,2% на национално ниво.[20] Во однос на 1994 година, стапката на невработеност е зголемена за 60%. Причините за ваквиот раст се веќе споменати претходно. Најниска стапка на невработеност во 2002 година е забележана во Скопскиот плански регион од 30,4%, иако во апсолутни големини, во Скопје е лоциран најголемиот број на невработени (5% од вкупната работна сила во РМ). Меѓутоа, невработеноста релативно е највисока во Полошкиот регион, каде што половина од работната сила (50%) е регистрирана како невработена во 2002 година, споредено со 27,9% во 1994 година. Имајќи предвид дека Полошкиот регион има и најниска стапка на вработеност, социо-економската положба на жителите на овој регион, барем според овие податоци, би требало да биде најлоша во овој регион. Сепак, анализата на економските карактеристики на регионите, изградбата на нови станови и нивната опременост, упатува на спротивен заклучок. За Полошкиот плански регион е карактеристична емиграцијата на голем број лица во странство кои се регистрирани како резиденти во Република Македонија (најчесто невработени, заради користење на бесплатно здравствено осигурување), како и големиот број на ангажирани работници во земјоделството и неформалниот сектор кои се регистрирани како невработени. Ваквата состојба придонесува стандардот на живот на

[20] Овој процент е понизок од оној објавен во Анкетата за работна сила (АРС) за истата година (40,4%). Според АРС, стапката на вработеност се намалува до 2004 година, а потоа се зголемува, за да повторно го достигне нивото од 40% (прв квартал 2007).

населението во овој регион и економската активност да бидат на многу повисоко ниво отколку состојбата прикажана преку официјалните податоци. Овие елементи се присутни и во другите региони, но во помал интензитет. Многу високи стапки на невработеност имаат и другите плански региони, при што со стапки над 40% се издвојуваат Североисточниот, Вардарскиот и Југозападниот плански регион (Табела 6).

Табела 6 Показатели за невработеноста 1994/2002

| Региони | Активно население | | Број на невработени лица | | Стапка на невработеност | | Пораст на активно население (во %) | Пораст на број на невраб. лица (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | | |
| Република Македонија | 779.097 | 743.676 | 186.689 | 283.132 | 24.0 | 38.2 | -4,5 | 51,7 |
| Вардарски | 66.690 | 65.250 | 16.767 | 28.401 | 25.1 | 43.5 | -2,2 | 69,4 |
| Источен | 81.006 | 74.875 | 19.374 | 25.273 | 23.9 | 33.8 | -7,6 | 30,4 |
| Југозападен | 68.423 | 68.789 | 17.835 | 29.200 | 26.1 | 42.4 | 0,5 | 63,7 |
| Југоисточен | 79.967 | 77.056 | 14.736 | 26.497 | 18.4 | 34.4 | -3,6 | 79,8 |
| Пелагониски | 105.553 | 104.016 | 23.814 | 41.465 | 22.6 | 39.9 | -1,5 | 74,1 |
| Полошки | 82.598 | 71.089 | 23.007 | 35.451 | 27.9 | 49.9 | -13,9 | 54,1 |
| Североисточен | 62.524 | 60.020 | 18.111 | 29.179 | 29.0 | 48.6 | -4,0 | 61,1 |
| Скопски | 232.336 | 222.581 | 53.045 | 67.666 | 22.8 | 30.4 | -4,2 | 27,6 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис на население 1994 и 2002.

Погледнато по полова структура, стапката на невработеност изнесува 37,6% кај машкото население, додека истата кај жените изнесува 39,2%. Нискиот полов јаз се должи главно на пониското учество на жените во активното населние, а не на низок број на невработени жени. Гледано по региони, стапката на невработеност кај мажите се движи од 31,8% во Скопскиот до 50,3% во Полошкиот плански регион, додека кај жените таа варира меѓу 28,4% во Скопскиот и 54,1% во Североисточниот регион (Графикон 17). Стапката на невработеност кај жените е пониска во однос на истата кај мажите во Скопскиот (3,3 процентни поени-п.п.), Полошкиот (1,1 п.п.) и Источниот плански регион (0,8 п.п.), а најголем јаз постои во Вардарскиот плански регион, каде што стапката на невработеност на жените е 11,8 п.п. повисока отколку кај мажите.

Графикон 17

Полов јаз во невработеноста, по региони



Извор: Државен завод за статистика, Попис на население 2002.

Анализирано по возрасни групи, стапката на невработеност на ниво на целата држава е највисока кај населението на возраст од 15-24 год. (72,5%), што е логично со оглед на тоа што голем дел од припадниците на оваа група сè уште се наоѓаат во процес на образование. Најниска невработеност има старосната група од 50-64 години (21,4%), додека за старосната група 25-49 години, стапката на невработеност изнесува 35,5%. Анализирано по региони, стапката на невработеност кај населението на возраст од 15-24 год. варира помеѓу 80,3% во Североисточниот и 64,1% во Источниот регион. Што се однесува до постарите возрасни групи, стапките на невработеност се најниски во Скопскиот, а највисоки во Полошкиот плански регион. Интересно е да се забележи тоа дека единствено во Скопскиот плански регион, за сите категории на возраст, стапката на невработеност е пониска кај жените, додека во Пелагонискиот, Вардарскиот и Североисточниот плански регион состојбата е спротивна.

Во однос на образованието, стапката на невработеност расте обратно пропорционално, односно најниска стапка на невработеност се забележува кај лицата со факултетско и повисоко образование. Ова важи за сите плански региони, а во сите нив е најголем уделот во вкупниот број невработени имаат лицата без образование и со пониски степени на образование. Ако се има предвид образовната структура на населението во која исклучително високо е учеството на лицата со ниско ниво на образование (Табела 4), може да се заклучи дека квалитетот на работната сила во иднина ќе претставува сериозна ограничувачка околност за динамизирање на економскиот развој. Ова посебно претставува проблем во Полошкиот, Североисточниот, Југозападниот и Југоисточниот плански регион. Оттаму, во овие региони неопходни се мерки за поголем опфат на младите во средното и високото образование и за подигнување на образовното ниво на населението и на работната сила. Како региони каде што состојбата со образовната структура е многу подобра се издвојуваат Скопскиот, Пелагонискиот и Источниот плански регион.

Графикон 18

Регионално учество во невработеност и "стапка на невработеност"




Извор: АВРМ и Државен завод за статистика, Процена на население на крај на 2006 година.

Имајќи предвид дека официјалните расположливи податоци за стапката на невработеност и воопшто, за пазарот на трудот на ниво на планските региони се за 2002 година, при изработката на Стратегијата е направен напор за собирање на понови податоци. Оттаму, направена е анализа на податоците од Агенцијата за вработување во Република Македонија (АВРМ). Според последните расположливи податоци за 2006 година (Графикон 18), најмногу невработени во апсолутен број има во Скопскиот плански регион, кои се 23,5% од вкупниот број на невработени. Сепак, ако се земе предвид дека според процените на население за 2006 година, во Скопскиот плански регион живее 29% од работноспособното население во Република Македонија, невработеноста во овој регион е под националниот просек. Слична е состојбата и во Полошкиот и Југозападниот регион во кои стапката на невработеност[21] е под националниот просек поради поголемото учество на регионите во работноспособното население отколку во бројот на невработени лица. Спротивно, најмалку невработени (како учество во вкупниот број на невработени во земјата) има во Вардарскиот и Југоисточниот регион (9,1%), но учеството на тие региони во работноспособното население е 6,6% и 8,5%, соодветно, што пак значи дека овие региони се карактеризираат со повисока невработеност од националниот просек.

Податоците од АВРМ даваат поразлична регионална распределба на невработеноста од податоците од последниот попис, претставени погоре. Разликите се должат најмногу на различните методологии на пресметување (според Пописот и според АВРМ), заради што овие податоци не се споредливи. Оттаму, целта на претставувањето на податоците од АВРМ не е да се анализира трендот меѓу 2002 и 2006 година, туку да се согледаат понови состојби од оние од Пописот во 2002 година. Независно кои податоци ќе се анализираат (2002 или 2006), неспорен е фактот дека невработеноста е мошне висока во сите плански региони и претставува еден од најгорливите проблеми чие решавање е од клучно значење за неговиот развој. Обезбедувањето на релевантна статистичка основа за пазарот на труд на ниво на региони е неопходен прв чекор при планирањето на конкретни мерки од оваа област.

## 7. Социјален развој

Домаќинства и семејства. Во периодот 1994-2002 година бројот на домаќинствата најголем пораст бележи во Полошкиот регион 31,4% (Табела 4). Натпросечен пораст (12,4%) имаат Југозападниот, Североисточниот и Скопскиот плански регион, а со најмал се издвојува Пелагонискиот регион (3,5%). Истовремено просечниот број членови на домаќинство бележи намалување (од 3,9 на 3,6 лица). Во 2002 година тој е поголем од четири члена само во Полошкиот регион.

Манифестираните промени во бројот на домаќинствата и семејствата, како и нивната големина, вкупно и особено регионално, се последица на сведувањето на домаќинствата на најтесното семејно езгро, потоа намалувањето на бројот на децата во семејството, како и интензивниот процес на демографско стареење. На вредностите на овие индикатори, исто така, влијае и промената во брачноста, пред сè, порастот на разводите на бракови, додека релативно помало е значењето на моделот на напуштање на родителското домаќинство. Од аспект на регионалниот развој особено внимание заслужува растечкиот број на самечките домаќинства.

[21] Во овој дел од анализата, стапката на невработеност е дефинирана како однос меѓу бројот на регистрирани невработени лица и работноспособното население поради тоа што не располагаме со податоци од ист извор за вработени лица, односно активно население.

Табела 7 Станови и нивна опременост во планските региони

| Регион | Вкупен број на станови | | Пораст, во % | Учество (%) на становите изградени по 1990 година | Учество (%) на домаќинства чии станови имаат инсталации за: | | | Учество (во%) на домаќинства чии станови се опремени со: | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Водовод, канализација, струја и централно греење | Водовод, канализациј а и струја | Само струја | Кујна, бања и клозет | Бања и клозет | Само кујна |
| | 1994 | 2002 | 2002/1994 | 2002 | 2002 | 2002 | 2002 | 2002 | 2002 | 2002 |
| Р. Македонија | 580.342 | 697.529 | 20.2 | 17.0 | 14.6 | 81.0 | 4.2 | 73.5 | 0.5 | 15.2 |
| Вардарски | 44.247 | 53.101 | 20.0 | 14.5 | 5.9 | 90.7 | 3.3 | 70.1 | 0.5 | 21.7 |
| Источен | 68.389 | 80.390 | 17.5 | 14.9 | 3.7 | 90.7 | 5.3 | 63.2 | 0.5 | 25.2 |
| Југозападен | 67.253 | 84.044 | 25.0 | 19.8 | 6.4 | 90.5 | 3.0 | 86.9 | 0.3 | 8.8 |
| Југоисточен | 48.128 | 59.436 | 23.5 | 16.8 | 3.4 | 90.7 | 5.7 | 55.8 | 0.3 | 27.5 |
| Пелагониски | 84.712 | 93.857 | 10.8 | 12.8 | 11.1 | 84.6 | 3.9 | 68.5 | 0.3 | 19.3 |
| Полошки | 59.099 | 79.075 | 33.8 | 27.3 | 6.4 | 90.9 | 2.6 | 78.0 | 0.4 | 7.3 |
| Североисточен | 47.504 | 59.430 | 25.1 | 17.2 | 3.6 | 84.0 | 12.1 | 52.6 | 0.3 | 25.6 |
| Скопски | 161.010 | 188.196 | 16.9 | 15.2 | 35.4 | 61.8 | 2.6 | 85.1 | 0.7 | 6.8 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите, 2002.

Услови за живот и домување. Податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите покажуваат дека во периодот 1994-2002 година,[22] бројот на станови во Република Македонија е зголемен за 20,2%. На ниво на плански региони, највисок раст на бројот на станови е забележан во Полошкиот (33,8%), а најнизок во Пелагонискиот плански регион (10,8%), што соодветствува на категоризацијата на регионите според растот на бројот на домаќинствата. Во другите плански региони, растот на станови во дадениот период се движел од 16,9% во Скопскиот, 17,5% во Источниот, 23,5% во Југоисточниот и 25% во Југозападниот и Североисточниот плански регион. Ваквата состојба не кореспондира најсоодветно со степенот на економска развиеност на регионите, посебно во Полошкиот и Североисточниот плански регион кои имаат многу низок економско-социјален индекс. Сепак, опременоста на становите со водовод, канализација, бања и санитарни јазли е многу ниска во Североисточниот регион што укажува на релативно низок животен стандард и потреба од подобрување на комуналната инфраструктура. Во Полошкиот регион пак, покрај брзиот раст, становите се одликуваат и со високо ниво на опременост, а ваквата состојба би можела да се објасни со можната висока вработеност во сивата економија во овој регион, како и со високите приватни трансфери од странство кои овозможуваат подобар животен стандард на ова население. Што се однесува до опременоста на становите во другите региони, секаде има подрачја, посебно рурални, каде што опременоста е на ниско ниво, а најнеповолна е состојбата во Источниот и Југоисточниот плански регион каде што 25,2% и 27,5% од становите немаат санитарни јазли (Табела 7). Оттаму, подобрувањето на комуналната инфраструктура се наметнува како приоритет за подобрување на животните услови во регионите.

[22] Податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 1994 и 2002 година се земени како најверодостојни за прикажување на трендот на раст на становите по плански региони.

Пензиско осигурување. Ниската стапка на вработеност и високата стапка на невработеност, во комбинација со демографското стареење на населението, во повеќето региони повлекуваат сериозен проблем за понатамошно издржување на контингентот кој се пензионира. Податоците од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување (ФПИОМ) покажуваат дека во Република Македонија во 2006 година имало 1,5 осигуреници (вработени лица кои плаќаат придонеси) на еден пензионер. Состојбата на ниво на региони прилично се разликува - најнизок сооднос од 0,9 имало во Североисточниот регион, а највисок во Источниот и Скопскиот плански регион - 2 и 1,9 осигуреници, соодветно, на еден пензионер. Пелагонискиот и Полошкиот регион се карактеризираат со низок сооднос од 1,1, додека другите плански региони варираат од 1,2 (Вардарски), 1,3 (Југозападен) до 1,5 (Југоисточен). Имајќи го предвид природното движење на населението, одржливоста на пензинскиот систем може да претставува голем проблем во иднина заради што се потребни мерки за зголемување на вработеноста, како и подобрување на демографската состојба. Ова се однесува и на регионите што имаат подобар сооднос осигуреници-пензионери од просечниот на ниво на Република Македонија. Доколку не дојде до значителен пораст на вработеноста, процесот на стареење на населението ќе повлече негативни ефекти и во овие региони што ќе има подолгорочни последици врз пензискиот систем.

Што се однесува до висината на пензијата, Скопскиот регион значително отскокнува од другите со просечна висина на пензијата од 119% споредено со националниот просек во 2006 година. Следуваат Источниот регион со 93,5% од националниот просек и Југоисточниот и Вардарскиот регион со 92%. Најниски примања имаат пензионерите од Полошкиот регион каде што просечната пензија изнесува 82,4% од националниот просек. Податоците упатуваат на разлика во стандардот на живот на пензионерите, меѓутоа при анализата треба да се земат предвид и други аспекти како користењето на пензиите за делумно амортизирање на социјалните проблеми на семејствата кои живеат во заедница со пензионерите од една и приливот на приватни трансфери од странство во определени семејства од друга страна, што влијае на намалување, односно зголемување на животниот стандард на пензионерите, соодветно. За жал, овие констатации не можат да се поткрепат со конкретни податоци, бидејќи нема расположлива статистика за трансферите на регионално ниво.

Здравствено осигурување и здравствена заштита. Состојбата во поглед на покриеноста на населението со здравствено осигурување во повеќето плански региони е релативно добра и изнесува 100% во Пелагонискиот и Скопскиот регион, околу 99% во Источниот и 98% во Вардарскиот и Југоисточниот плански регион. Како резултат на состојбите на пазарот на трудот и зголемувањето на бројот на невработени лица, процентот на население што е здравствено осигурано врз основа на невработеност е прилично високо во сите региони. Најниска покриеност со здравствени услуги од 80% има населението на Полошкиот регион што ја отсликува неможноста на системот на здравствена заштита да ги следи демографските промени на брз пораст на населението, а следат Југозападниот и Североисточниот регион со 89% и 92%, соодветно.

Достапноста на здравствените услуги од примарната и амбулантно-специјалистичко консултативната здравствена заштита е релативно добра во најголем број од регионите. Според Националната стратегија за намалување на сиромаштијата од 2002 година, околу 90 проценти од населението има пристап од својот дом до давател на здравствени услуги за помалку од 30 минути. Сепак, постојат одредени региони кои не се доволно покриени со здравствени услуги, особено кога станува збор за стоматолошки или специјалистички здравствени услуги. Ова посебно се однесува на Полошкиот и Североисточниот плански регион (Табела 8).

Табела 8 Индикатори за системот на примарна здравствена заштита со 2005 година

| Регион | Гинекологија[1] | Општа медицина[2] | Стоматологија[3] | Педијатрија[4] | Вкупно [5] |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 1.465 | 1.624 | 1.872 | 3.365 | 713 |
| Вардарски | 1.481 | 1.496 | 1.548 | 2.967 | 622 |
| Источен | 1.120 | 1.641 | 1.998 | 2.082 | 703 |
| Југозападен | 1.465 | 2.076 | 2.057 | 3.389 | 848 |
| Југоисточен | 1.195 | 1.774 | 1.831 | 5.776 | 755 |
| Пелагониски | 1.830 | 1.404 | 1.072 | 2.760 | 528 |
| Полошки | 3.237 | 2.391 | 2.826 | 8.267 | 1.106 |
| Североисточен | 1.619 | 1.674 | 2.385 | 4.177 | 806 |
| Скопски | 1.166 | 1.348 | 1.980 | 2.580 | 638 |

1) жени на возраст 15-39 години на еден гинеколог;
2) вкупно население на еден општ лекар;
3) вкупно население на еден стоматолог;
4) население на возраст 0-19 година на еден педијатар и
5) вкупно население на еден доктор од примарна здравствена заштита.

Извор: Фонд за здравствено осигурување

Што се однесува до повисоките степени на здравствена заштита, болничката нега во Република Македонија е организирана преку широка мрежа на општи и специјалистички болници. Специјалистичките болници се претежно лоцирани во Скопскиот и Југозападниот плански регион, додека кај општите болници се забележува порамномерна регионална распределба. Притоа, една приватна општа болница и две специјализирани болници се активни во Скопскиот регион.

Терцијарната здравствена заштита пак, во најголем дел е концентрирана во Скопскиот регион. Од аспект на релативно малата територијална оддалеченост на сите населени места до главниот град Скопје, ваквото решение сепак обезбедува пристап на сите граѓани до потребните медицински услуги. Според резултатите од анализата на Медицинската мапа на Република Македонија, единствена алтернативна локација којашто би можела ефикасно да служи како центар за терцијарна нега е Битола, односно Пелагонискиот плански регион. На тој начин би се постигнало намалување на трошоците и зголемување на ефикасноста на овој тип услуги за граѓаните.

Социјална и детска заштита. Високите стапки на невработеност во планските региони се рефлектираат и на социјалната заштита во Република Македонија. Според податоците од Државниот завод за статистика за 2006 година, во Република Македонија просечниот број на корисници на социјална парична помош на возраст над 18 години изнесувал 42,5 на илјада лица. Погледнато по региони, најмногу корисници на социјална помош имало во Североисточниот (72,3 на илјада лица), Полошкиот (54,1 на илјада лица) и Пелагонискиот (53 на илјада лица), а најмалку во Југоисточниот плански регион (30,1 на илјада лица).[23] Доколку се повлече паралела меѓу овие податоци и расположливите податоци за стапката на невработеност од Агенцијата за вработување за 2006 година, може да се забележи правопропорционална врска меѓу стапката на невработеност и примателите на социјална помош, имајќи предвид дека состојбата во поглед на невработеноста на национално ниво не е битно променета во изминатиот период. Високиот број на приматели на социјална

[23] „Регионите во Република Македонија 2007", ДЗС, декември 2008, стр. 15

помош е индиректен показател за стандардот на живот во планските региони и упатува на потребата од креирање нови работни места во планските региони со цел за намалување на невработеноста.

Нискиот стандард на населението се одразува и на бројот на деца кои посетуваат детски градинки и бројот на корисници на додаток за деца до 18 години. Просечниот број на деца на возраст 0-6 години во детските градинки изнесувал само 11,5% од вкупниот број на деца во Република Македонија во 2006 година. Притоа, овој индикатор бил најголем во Источниот - 20,2% (од вкупниот број деца во регионот) и Скопскиот - 18,2%, а најнизок во Полошкиот плански регион - само 2,3%.[24] Ваквата состојба на мал број на деца кои посетуваат детски градинки во голема мера е детерминирана од нискиот животен стандард на семејствата од една и невработеноста на членови на семејството што овозможува огледување на децата во домашни услови, од друга страна. Влијание има и ограничениот број на детски градинки во некои од планските региони, посебно во помалите населени места, што пак е ограничувачки фактор за повисока активност на жените на пазарот на труд. При планирањето на демографската ревитализација на регионите и поттикнувањето на економскиот раст, внимание ќе треба да се обрне и на овој аспект заради обезбедување предуслови за соодветна згриженост на децата поради значењето на раното образование и развој врз целиот натамошен живот, како и за зголемување на економската активност на жените.

Што се однесува до бројот на корисници на детски додаток, околу 7,5% од вкупниот број деца до 18 години во Република Македонија примаат ваков додаток. Притоа, најголем е бројот на приматели на детски додаток во Источниот (15,1% од вкупниот број на деца до 18 години во регионот) и Вардарскиот плански регион (11%), а најнизок во Скопскиот (4,2%) и Полошкиот плански регион (5,5%).[25] Интересен е релативно нискиот процент на корисници на детски додаток во Полошкиот регион, имајќи ја предвид демографската состојба на младото население во овој регион. Сепак, ваквата состојба би можела да се објасни со високата миграција од овој регион која честопати имплицира еден или повеќе членови од потесното семејство да работат во странство и обезбедуваат доволно приходи за издржување на децата под 18 години.

## 8. Инфраструктура

### Транспортна инфраструктура

Патишта. Од аспект на развиеност на патната мрежа, сите плански региони се релативно добро покриени со магистрални и регионални патишта (Табела 9). Развиеноста на магистралната и регионалната патна мрежа е особено добра, односно само уште мал број на патни правци не се изградени. Меѓутоа, квалитетот на постојната магистрална и регионална патна мрежа е доста различен. Поради фокусираноста на развојот на патните правци кои припаѓаат на европските коридори, дел од магистралните и регионалните правци се во лоша состојба и не овозможуваат соодветно поврзување на некои од регионалните центри со главните сообраќајници. Со исклучок на Скопскиот, Вардарскиот и Полошкиот плански регион, во сите други региони состојбата на поголемиот дел од главните магистрални и регионални правци не е во согласност не само со барањата за економски развој, туку и со стандардите за безбедно одвивање на сообраќајот. Неколку делници на магистралните патишта се во исклучително лоша состојба и тоа пред сè поради фактот дека се изградени пред 30-40 години и не се соодветно одржувани и навремено реконструирани. Тие делници се:

[24] Ibidem
[25] Ibidem

- Велес - Штип - Кочани - Делчево (М-5)
- Штип - Радовиш - Струмица (М-6)
- Градско - Прилеп; Битола - Ресен - Охрид ( Р-106;М-5)
- Гостивар - Кичево - Подмоље (Струга) (М-4)
- Куманово - К.Паланка - Гр.Пр. Бугарија (М-2)

Генерално, во Југозападниот, Североисточниот, Источниот, Пелагонискиот и дел од Југоисточниот плански регион квалитетот на магистралната и регионалната патна инфраструктура е релативно низок. Во Југозападниот регион градот Дебар се наоѓа во своевидна сообраќајна изолација, бидејќи постојната регионална патна мрежа е во многу лоша состојба, а најкраткиот патен правец кој го поврзува Дебар со главната магистрала (М-4), Бошков Мост (врска со Р-409) - Извор (врска со М-4), не е доизграден.

Карактеристично за сите региони е недоволната развиеност и квалитет на локалната патна мрежа. Ова пред сè е последица на недоволното одржување на истата и недоволните инвестиции. Слабата развиеност на локалната патна мрежа е особено карактеристична за планинските области во секој од регионите. Должината на локалната патна мрежа е најмала во Југоисточниот плански регион (902 км) каде што се лоцирани 10% од локалните патишта во Македонија, додека во Источниот плански регион должината изнесува 1.245 км или 13,8% од локалните патишта во Македонија. Подобрувањето на патната инфраструктура е од исклучително значење за развојот на регионите, имајќи предвид дека високата концентрација на населението во урбаните средини е неповолна за развојот, а несоодветните локални патишта не овозможуваат развој на туризмот и другите економски дејности за кои регионите имаат потенцијал.

Табела 9 Транспортна инфраструктура по региони (патна и железници)

| *Инфраструктура/Регион* | *Вкупно (РМ)* | *Вардар-ски* | *Исто-чен* | *Југоза-паден* | *Југоист.* | *Пелаго-ниски* | *Полош-ки.* | *Северо-источен* | *Скопски* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Патишта* | | | | | | | | | |
| Локални км | 9155 | 1120 | 1183 | 13 03 | 910 | 1173 | 1261 | 900 | 1305 |
| Магистрални км | 1123 | 116 | 156 | 154 | 174 | 113 | 124 | 133 | 153 |
| Регионални км | 3806 | 577 | 345 | 471 | 440 | 879 | 378 | 392 | 324 |
| Коефициент пат. | 0.55(РМ) | 0.44 | 0.49 | 0.58 | 0.55 | 0.46 | 0.7 | 0.62 | 0.92 |
| *Железница км* | 682 | 184 | 70 | 27 | 24 | 114 | 83 | 67 | 95 |
| км'/км2 | 27(РМ) | 44.16 | 17.3 | 8.56 | 8.46 | 57.18 | 22.15 | 13.22 | 29.43 |
| км'/ 100.000 жители | 33.9 (РМ) | 136.94 | 9.56 | 12.09 | 14 | 47.46 | 27.13 | 18.94 | 16.4 |

Извор: Државен завод за статистика и Националната транспортна стратегија на РМ

Железница. Развиеноста на железничката мрежа во Република Македонија може да се оцени како недоволна. Услугите кои ги даваат Македонски железници се ограничени и регионите не се доволно опслужени со овој вид на транспорт. Постојната железничка инфраструктура претежно е лоцирана на Коридорот 10. Опслуженоста на регионите со железнички услуги е нерамномерна, односно Скопскиот, Вардарскиот, Пелагонискиот, Источниот и Полошкиот регион се подобро опслужени со овој вид на услуги, додека голем дел од урбаните центри во другите региони - Југозападниот (Охрид, Струга, Дебар), Североисточниот (Крива Паланка) и дел од Југоисточниот (Радовиш и Струмица)

воопшто не се опслужени со железнички услуги. Коефициентот (км'/км2) кој ја прикажува густината на железницата во однос на површината на секој од регионите се движи од 8,46 во Југоисточниот до 57,18 во Пелагонискиот плански регион (националниот просек е 27). Коефициентот кој го прикажува односот меѓу должината на железничките линии и бројот на жители, се движи од 9,56 во Источниот до 136,94 во Вардарскиот плански регион (националниот просек е 33,9), со што се потврдуваат разликите на регионално ниво во поглед на можностите за користење на железничкиот транспорт во функција на развојот.

Основен проблем за ефикасен железнички транспорт е недооформената железничка мрежа, односно одредени правци завршуваат со слеп колосек. Постојната железничка инфраструктура е во лоша состојба и е неопходно нејзино итно реконструирање за да се обезбеди брз и сигурен транспорт на стоки и патници. Како една од можностите за унапредување на овој вид на транспорт е идентификуван развојот на комбинираниот мултимодален транспорт кој може да обезбеди порентабилен транспорт и да поттикне инвестиции во регионите, а исто така би можел да се искористи за подобрување на урбаниот транспорт, посебно на подрачјето на Скопскиот регион.

Воздушен сообраќај. Со постојните меѓународни патнички аеродроми во Скопје и Охрид, поголемиот дел од регионите се добро покриени, меѓутоа за определени општини пристапот до аеродромите не е брз и едноставен. Исто така, постојните аеродроми имаат релативно мал капацитет што упатува на потребата од нивно проширување и модернизирање, како и понатамошна изградба на уште еден аеродром за превоз на патници, како би се обезбедиле услови за развој на регионите. Покрај тоа, неопходно е да се изгради карго аеродром во Република Македонија, кој би овозможил развој на земјоделското производство. Овој аеродром би бил од посебно значење за Југоисточниот и Источниот плански регион, меѓутоа би можел да им користи и на другите региони, доколку се обезбеди добар пристап до истиот. Исто така, корисна би била изградбата на аеродром во близина на Битола (Пелагониски плански регион), како што е предвидено во Просторниот план на Република Македонија.

Сите региони, освен Југоисточниот, располагаат со спортски леталишта или леталишта за стопанска авијација, но нивната искористеност е релативно мала. Овие леталишта може да се искористат во економски цели и за развој на туризмот.

## Комунална инфраструктура

Водоснабдување. Процентот на домаќинства кои располагаат со инсталации за довод на вода се движи од 87,2% во Југозападниот регион до 97,3% во Полошкиот регион (националниот просек е 95,6%). Карактеристика на сите региони е што поврзаноста на населението со централни системи за снабдување со вода во урбаните центри се движи од 75 до 100%, додека во руралните области од регионите тој процент е доста различен и се движи од 0 до 100%. За сите региони е карактеристично тоа што дел од населените места се соочуваат со недостиг на вода за пиење. Најкритична е ситуацијата во Свети Николе (Вардарски регион) каде што населението веќе неколку години се снабдува со вода за пиење од цистерни или локални бунари. Со исклучок на неколку урбани центри (Прилеп, Кривогаштани и Демир Хисар - Пелагониски регион) системите за снабдување со вода за пиење се карактеризираат со големи загуби на вода при транспортот на водата низ системите (просечно повеќе од 50%), што е последица на недоволното одржување и староста на системите (просечно постари од 15 години). Дел од урбаните центри во регионите (Полошки - Гостивар; Југозападен - Дебар), не располагаат со пречистителни станици за вода.

Одведување и пречистување на отпадни води. Покриеноста на населението со системи за одведување на отпадните комунални води во урбаните центри се движи од 60% до 100%, додека руралните области се помалку покриени со системи за одведување на отпадните води и процентот се движи од 0 до 100%. Дел од руралните населени места не располагаат со системи или со соодветни септички јами за отпадни води, а како општина во која проблемот со одведување на отпадните води е на критично ниво е општина Липково (Североисточен регион). Во Полошкиот регион, односно во општината Маврово-Ростуше, населените места и туристичката населба кои се лоцирани во границите на Националниот парк не се поврзани со систем за одведување на комуналните отпадни води. Понатаму, состојбата со системите за одведување на отпадните води е релативно лоша, бидејќи системите се карактеризираат со истекување на дел од отпадната вода во текот на транспортот, со што се зголемува ризикот од загадување на почвата и подземните води.

Покриеноста на населението со станици за пречистување на отпадните води на ниво на Македонија изнесува 12,5% (Графикон 19). Процентот на покриеност на населението во регионите доста варира и се движи од 0% (Источен и Скопски) до 60% (Североисточен). Освен оние урбани центри кои располагаат со пречистителни станици (Охрид и Струга - Југозападен; Куманово - Североисточен; Свети Николе - Вардарски; Дојран - Југоисточен; Ресен - Пелагониски; Македонски Брод - Југозападен) во сите други урбани или рурални места отпадните комунални води се испуштаат директно во реципиентот, без каков било третман.

Графикон 19




Цврст отпад. На територијата на Република Македонија постојат 52 депонии т.н. општински депонии, кои се користат од страна на локалните јавни претпријатија за депонирање на цврстиот комунален отпад. Со исклучок на депонијата Дрисла (Скопски плански регион), која исполнува дел од потребните стандарди за безбедно депонирање на овој вид на отпад, сите други депонии не ги исполнуваат ниту најелементарните стандарди за безбедно депонирање на отпадот. Бројот на локалните општински депонии во секој регион е различен и се движи од една депонија (Полошки и Североисточен плански регион)

до 17 (Пелагониски плански регион), меѓутоа решавањето на проблемот со цврстиот отпад во Република Македонија бара изградба на современи, модерни депонии во секој регион (барем по една), каде што ќе може да се врши рециклирање и преработка на отпадот со што во голема мера би се заштитила животната средина во регионите, а истовремено би се поттикнала употребата на отпадот во економски цели.

Енергетска инфраструктура

Производство и пренос на електрична енергија. Системот за производство на електрична енергија во Република Македонија се состои од термоцентрали и хидроцентрали. Термоцентралите „Битола“ (Пелагониски плански регион) и „Осломеј“ (Југозападен плански регион) користат главно домашни ресурси - лигнит, додека термоцентралата „Неготино“ (Вардарски плански регион) работи на увозен мазут. Вкупниот капацитет на термоцентралите за годишно производство на електрична енергија е околу 6.200 GWh, а најголем производител е ТЕЦ “Битола” со вкупен капацитет за годишно производство од околу 4.350 GWh. Имајќи ја предвид исцрпливоста на лежиштата на лигнит што се во експлоатација, од големо значење е постоењето и на други јагленови басени во Република Македонија. Како лежишта со големи проценети резерви би можеле да се издвојат Мариовскиот (110 милиони тони резерви) и Тиквешкиот басен (70 милиони тони резерви) во Пелагонискиот и Вардарскиот плански регион, соодветно кон чија експлоатација сè уште не е пристапено, како и наоѓалиштето Брод Гнеотино во Пелагонискиот басен (45 милиони тони резерви), кое веќе е активирано како извор на гориво за ТЕЦ “Битола”.

Хидроцентралите се лоцирани главно во западниот дел од земјата, а малите ХЕЦ се распоредени низ целата земја. При просечна хидрологија, хидроцентралите можат да обезбедат до 1.300 GWh електрична енергија годишно. Според производниот капацитетот, најголеми се хидроцентралите “Вруток” на р. Вардар (Полошки плански регион), “Шпиље” и “Глобочица” на р. Црн Дрим (Југозападен плански регион), “Тиквеш” на Црна река (Вардарски плански регион) и “Козјак” на р. Треска (Скопски плански регион). Согласно со Просторниот план на Република Македонија,[26] предвидена е изградба на нови хидроелектрани, од кои најголемо значење според годишниот капацитет за производство на електрична енергија би имале ХЕЦ “Галиште” и ХЕЦ “Чебрен” кои се планирани да се градат на Црна Река, хидроелектричните централи на р. Вардар и ХЕЦ “Бошков мост” на Мала Река. Новоизградените хидроцентрали би можеле годишно да обезбедат дополнителни 2.270 GWh при просечна хидрологија. Покрај споменатите, Република Македонија има доста голем потенцијал за изградба и на мали хидроцентрали распоредени на околу 400 локации низ сите плански региони, кои се веќе идентификувани и кои можат да обезбедат околу 10% од моменталните потреби од електрична енергија на земјата.[27]

Во делот на термоенергетиката во тек е изградба на гасна термоелектрана-топлана ТЕ-ТО во Скопје со просечно годишно производства на електрична енергија од околу 1.500 GWh. Исто така, се планира изградба на комбинирана гасна електрична топлана Енергетика во Скопје со просечно годишно производство на електрична енергија од 2.000 GWh.

Преносниот систем за електрична енергија е разгранет низ целата територија на Република Македонија и обезбедува релативно добра покриеност на населените места во сите плански региони. Високонапонската мрежа се состои од три напонски нивоа - 110kV,

[26] Просторен план на Република Македонија, стр. 47
[27] Use of Renewable Energies and Energy Conservation, Part C: Feasibility Study of Small Hydroelectric Project, in Investment Options in the Energy Sector, Component 6, PHARE Programme, EXERGIA S.A (for the Ministry of Economy), February 2003

220kV и 400kV, при што електроенергетскиот систем на Република Македонија е поврзан на 400 кВ напонско ниво со системите на Грција, Бугарија и Србија. Во интерес на зголемување на можностите за транспорт на електрична енергија и подобрување на сигурност во снадбувањето на Република Македонија и во регионот во тек се активностите за изградба на 400кВ интерконективна врска меѓу Штип (Република Македонија) - Ниш (Република Србија). Исто така, постојат планови за поврзување со електроенергетскиот систем на Република Албанија и надградба на постојниот 220 кВ далновод на 400 кВ напонско ниво со Косово.

Потрошувачка на електрична енергија. Вкупната годишна просечна потрошувачка на електрична енергија во Република Македонија во периодот 2003-2006 година изнесувала во просек околу 7.854 ГВтч. Потрошувачката на електрична енергија во 2007 година изнесувала 8.689 ГВтч. Дел од потребите на електрична енергија се задоволуваат и од увоз кој во последните години достигнува и до 25% од вкупните потреби на електрична енерија. Анализирано по плански региони, најголем дел од електричната енергија била потрошена во Скопскиот плански регион (35%), по што следуваат Пелагонискиот (12%), Полошкиот (12%) и Југозападниот регион (10%). Другите плански региони имаат пониско учество, при што најмала потрошувачка имале Вардарскиот и Североисточниот плански регион кои имале удел по 7% во вкупната потрошувачка. Потрошувачката на електрична енергија во голема мера соодветствува на концентрацијата на населението и економските активности по регионите, при што Скопскиот плански регионi значително се издвојува од останатите.

Други енергетски системи. Покрај енергетските системи на цврсти горива и хидроенергија, во Република Македонија постојат енергетски системи за течни горива (нафта и нафтени деривати), природен гас и обновливи извори на енергија. Потребата од нафтени деривати во Република Македонија е околу 800.00 до 900.000 тони годишно што се обезбедува од преработка на сурова нафта во Рафинеријата ОКТА и од увоз. Системот за нафта и нафтени деривати го прават рафинеријата ОКТА, нафтоводот Скопје-Солун и мрежа на бензински пумпи во сите плански региони кои обезбедуваат релативно добра покриеност на населението и економските субјекти од сите населени места. Како перспектива за развој на Коридорот 8 е изградбата на нафтоводот АМБО кој се планира да се протега низ Североисточниот, Скопскиот, Пелагонискиот и Југозападниот плански регион.

Гасоводниот систем во Република Македонија е дел од рускиот транзитен гасовод кој поминува низ Украина, Романија и Бугарија, а е наменет и за задоволување на потребите на Турција, Грција и земјите од поранешна Југославија. Република Македонија се приклучува на бугарскиот дел од гасоводот во граничниот реон Деве Баир. Гасоводот се протега преку подрачјата на Крива Паланка, Кратово, Куманово и Скопје, меѓутоа системот се користи само со 15% од неговиот вкупен капацитет што е исклучително малку со оглед на високите можности што гасот ги нуди како енергенс за производство на топлинска и електрична енергија. Од аспект на регионалниот развој, градењето на капацитети за подобро искористување на гасоводниот систем може да придонесе за поттикнување на развојот на регионите.

Значајна улога во обезбедувањето на електрична и топлинска енергија во Република Македонија можат да имаат и обновливите извори на енергија. Покрај хидроенергијата, тука можат да се вбројат соларната енергија, геотермалната енергија, биомасата и ветерната енергија чие искористување во планските региони е само симболично. Поради природните предуслови, поголем број на плански региони имаат можност за користење на соларната енергија и биомасата. Геотермалната енергија може да биде од исклучително значење за развивање на земјоделството во Југоисточниот и Источниот плански регион, додека потенцијал за развивање на ветерна енергија има во Вардарскиот, Источниот и

Пелагонискиот плански регион. Покрај економските ефекти, користењето на обновливите извори на енергија би имало позитивно влијание и врз заштитата на животната околина во регионите.

*　*　*

Презентираната анализа на карактеристиките за развој на планските региони овозможува увид во постојната состојба во поголем број сегменти значајни за регионалниот развој, при што се нагласени клучните проблеми во секое обработено подрачје, како и потенцијалите за развој. Тргнувајќи од големите диспаритети во развојот меѓу планските региони, во анализите фокусот е ставен на меѓурегионалните разлики, а истовремено се нагласуваат и внатре регионалните диспаритети во сите области каде што се посебно изразени. Идентификувањето на диспаритетите и секаде каде што е можно - причините за нивна појава, е направено со цел да се добие солидна основа за планирање на регионалниот развој. Врз основа на анализите и утврдената причинско-последична врска на детерминатите и диспаритетите, пристапено е кон дефинирање на визијата, стратешките цели и приоритетите на регионалниот развој, елаборирани во вториот дел од Стратегијата.

# ВТОР ДЕЛ
# ВИЗИЈА, СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ

## 1. Визија

Визијата за регионален развој упатува на крајната цел што треба да се постигне и одржува преку имплементирањето на политиката за регионален развој и гласи:

„Рамномерен и одржлив развој на целата територија на Република Македонија кој се карактеризира со висока стапка на економски раст и конкурентни плански региони меѓу кои постојат релативно помали диспаритети и каде што оптимално се користат природните, човечките и енергетските ресурси, постои висока економска и социјална кохезија и населението ужива добар животен стандард.“

Остварувањето на визијата е поврзано со градење на функционален систем за регионален развој заснован на цврсти принципи и институционално поддржан од релевантните институции. Имајќи ја предвид специфичната ситуација на ниско ниво на развој во земјата и големите диспаритети меѓу планските региони, остварувањето на визијата е можно преку полицентричниот модел на развој кој обезбедува поддршка на развојот на сите региони, меѓутоа фокусот на политиката е интензивирање на развојот на помалку развиените региони со цел да се намалат диспаритетите меѓу регионите. Остварувањето на визијата е долгорочен процес кој бара конзистеност и континуираност на политиката за регионален развој, посветеност од страна на многу актери и вложување на потребните напори за исполнување на стратешките цели и приоритети.

## 2. Процес на идентификување на стратешките цели и приоритети

Идентификувањето на стратешките цели и приоритети за поттикнување на регионалниот развој на Република Македонија е направено врз основа на анализите на расположливите статистички податоци и сознанијата од регионалните средби со засегнатите страни од локалната власт, приватниот и невладиниот сектор во планските региони. Исто така, при формулирањето на стратешките цели и приоритети за регионален

развој, детално се проучени целите и приоритетите од Националниот развоен план (НРП) 2009-2013 и Просторниот план на Република Македонија, како основни документи за планирање на развојот. Основната стратешка цел на НРП 2009-2013 е "зголемување на економскиот раст и обезбедување на услови за одржлив економски раст и повисока стапка на вработеност",[28] а основните приоритети до 2013 година се однесуваат на: зголемување на конкурентноста на економијата; развој на економската инфраструктура; развој на човечкиот капитал; заштита на животната средина; рурален развој и развој на земјоделството и промоција на државата како партнер во економскиот раст.

Основната стратешка определба на Просторниот план на Република Македонија е „остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји".[29] Остварувањето на оваа комплексна цел подразбира бројни други цели идентификувани во Просторниот план кои вклучуваат: техничко-технолошко осовременување на стопанството; ефикасно планирање на урбаниот развој; обезбедување подобар квалитет на животот во населбите и стимулирање на развојот на помалите градови, селските населби и подрачја, како и подрачјата со специфични потреби во развојот; организација и користење на просторот во функција на развојот на стопанството; рационално користење на природните ресурси и зачувување на квалитетот на животната средина.

При изработката на Стратегијата се користени Стратешките приоритети на Република Македонија и Програмата за работа на Владата, како и бројни секторски стратегии вклучително Популационата политика и Стратегијата за демографски развој 2008-2015, Стратегијата за вработување, Стратегијата за мали и средни претпријатија, Стратегијата за земјоделство и рурален развој, Националниот план за земјоделство и рурален развој ИПАРД (2007-2013), Националната транспортна стратегија, Стратегијата за туризам и други бројни секторски документи. Согласно со специфичностите на политиката за регионален развој, целите од НРП 2009-2013, целите од Просторниот план на Република Македонија и целите од секторските стратегии се соодветно респектирани при дефинирањето на стратешките цели и приоритетите за регионален развој. Секаде каде што е можно, во Стратегијата за регионален развој прецизно е назначена врската меѓу мерките за регионален развој и мерките од другите стратешки документи заради подобра координација.

Понатаму, имајќи ги предвид определбата и напорите на Република Македонија за пристапување кон Европската унија, при дефинирањето на стратешките цели за регионален развој предвид се земени целите на кохезионата политика на ЕУ и целите на Лисабонската стратегија. Преку кохезионата политика на ЕУ се промовира економската конвергенција меѓу регионите,[30] подигнување на конкурентноста и вработеноста и поттикнување на прекуграничната и соработката помеѓу регионите, додека Лисабонската стратегија има за цел „ЕУ да стане најконкурентна и најдинамична економија заснована на знаење во светот, со капацитет за одржлив економски раст со повеќе и подобри работни места и поголема социјална кохезија",[31] што првенствено подразбира поголеми вложувања во иновации и развој, подигнување на нивото на човечкиот капитал во земјите членки на ЕУ и поттикнување на создавањето нови работни места преку инвестиции.

[28] Национален развоен план на Република Македонија 2009-2013, стр. 21
[29] Просторен план на Република Македонија, стр.9
[30] Согласно со регулативата на ЕУ, предмет на регионалната политика на ЕУ се поголеми региони на НТЕС 2 ниво. Република Македонија претставува еден регион на НТЕС 2 ниво, меѓутоа при планирањето на националната политика за регионален развој во земјата на НТЕС 2 се почитуваат целите на кохезионата политика на ЕУ во функција на подигнувањето на конкурентноста и вработеноста на планските региони во Република Македонија како предуслов за подобро искористување на можностите што ги нудат фондовите на ЕУ после зачленувањето на земјата во Унијата.
[31] http://ec.europa.eu/growthandjobs/index_en.htm

Иако кохезионата политика на ЕУ и Лисабонската стратегија во дадениот временски момент не се однесуваат директно на земјите кандидати за влез во Унијата, нивното почитување е важно од аспект на идното членство на Република Македонија во ЕУ. Оттаму, наведените цели се соодветно респектирани при креирање на стратешките цели за регионален развој. Покрај тоа, големо внимание е посветено на расположливата претпристапна помош од страна на ЕУ, посебно на ИПА фондовите, со намера да се обезбеди усогласеност на стратешките цели со соодветните ИПА компоненти кои можат да имаат улога во поттикнувањето на регионалниот развој на Република Македонија. Во таа смисла, посебно се значајни следниве ИПА компоненти:[32]

- ИПА компонента 2: Прекугранична соработка во рамките на која се поддржуваат проекти наменети за промовирање на одржлив економски и социјален развој во пограничните области, при што посебно внимание се посветува на поттикнување на соработката во областите: животна средина, природно и културно наследство, јавно здравство, како и превенција и борба против организираниот криминал;
- ИПА компонента 3: Регионален развој чија основна цел е подготвување на земјите кандидати за идно успешно пристапување кон Европскиот фонд за регионален развој и Кохезивниот фонд преку кои се имплементира политиката на кохезија на ЕУ. Во однос на Република Македонија, користењето на оваа компонента во периодот 2007-2009 година е ограничено на подобрување на транспортната инфраструктура и животната средина, додека после 2010 година предвидени се средства за поддршка на регионалната конкурентност;
- Компонента 4: Развој на човечки ресурси која се фокусира на три приоритетни области: вработување, образование и обука и социјална вклученост. Целта на оваа компонента е да се привлечат и задржат повеќе лица во работен однос, да се модернизира системот за социјална заштита, да се зголемат инвестициите во човечкиот капитал за да се оствари поголем раст, креирање на подобри работни места и да се зголеми националната конкурентност на меѓународно ниво и
- ИПА компонента 5: Рурален развој (ИПАРД) што е фокусирана на подобрување на конкурентноста и воведување на ЕУ стандардите во производството и продажбата на земјоделски производи, имплементација на агро-еколошките мерки и локалните стратегии за рурален развој, како и поттикнување на развојот на руралните економии. Република Македонија одбра поддршката во рамките на ИПАРД да биде насочена кон подигнување на конкурентноста на секторите: месо и млеко, овошје и зеленчук и грозје и вино, со истовремена поддршка на диверзификацијата на економски активности во руралните средини.

Врз основа на горенаведеното и како резултат на опсежните проучувања и анализи, идентификувани се главните стратешки цели на Стратегијата за регионален развој што се дадени во продолжение.

## 3. Стратешки цели и приоритети

Главните стратешки цели на Стратегијата за регионален развој за периодот 2009-2019 година се:

1. Конкурентни плански региони што се одликуваат со динамичен и одржлив развој и
2. Поголема демографска, економска, социјална и просторна кохезија меѓу и во рамките на планските региони во Република Македонија.

[32] http://www.sep.gov.mk

Во продолжение е даден краток опис на главните стратешки цели, а понатаму следат приоритетите за секоја стратешка цел и основните мерки за секој приоритет. Секаде каде што е можно, направено е конкретно лоцирање на мерките според региони.

Стратешка цел 1. Конкурентни плански региони што се одликуваат со динамичен и одржлив развој

Со просечен БДП по жител од 27,1% од просекот на ЕУ 27 во 2005 година,[33] Република Македонија се карактеризира со низок степен на економски развој. БДП на најразвиениот плански регион (Скопскиот) изнесува 44,5% од просекот на ЕУ 27, а на најмалку развиениот (Североисточниот) само 13,1%. Скопскиот регион има 3,4 пати повисок БДП по жител од Североисточниот регион, со што се илустрираат големите економски разлики меѓу регионите. Ниското ниво на инвестиции и ниската конкурентна способност на македонската економија се основните фактори за ваквите резултати заради што осовременувањето на носечките индустрии во планските региони, како и инвестирањето во нови индустрии со висока техничко-технолошка основа се наметнува како императив при планирањето на регионалниот развој. Оттаму, подигнувањето на конкурентноста на планските региони е идентификувано како примарна цел на Стратегијата за регионален развој во Република Македонија. Притоа, долгорочната цел е создавање на солидна основа за обезбедување динамичен и одржлив развој на планските региони заснован врз оптимално користење на економските потенцијали за развој со истовремено респектирање на социјалната димензија на развојот, како и димензијата на заштита на животната средина. Оваа цел директно кореспондира со основната стратешка цел на НРП 2009-2013 година (наведена погоре), а приоритетите и мерките се во согласност со утврдените специфичности на планските региони.

Главните приоритети за остварување на првата стратешка цел се:

Приоритет 1.1. Поттикнување на економскиот раст во планските региони

Забрзувањето на економскиот раст е основен предуслов за обезбедување на одржлив развој на земјата, како и за намалување на диспаритетите во регионалниот развој. Согласно со проекциите во НРП 2009-2013, макроекономските политики на државата се насочени кон обезбедување на годишна стапка на раст од околу 6,5% во споменатиот период, а доколку растот и понатаму се одвива со слично темпо, тоа би претставувало добра основа за постигнување на следниве резултати:

- просечниот БДП по жител (според ПКМ) во Република Македонија да достигне 50% од просекот на ЕУ во 2019 година;
- најмалку развиениот плански регион во Република Македонија да има БДП по жител (според ПКМ) не понизок од 35% од просекот на ЕУ во 2019 година и
- разликата во БДП по жител на најразвиениот и најмалку развиениот плански регион да не надминува 2,5 пати во 2019 година.

Економскиот раст е директно условен од нивото на инвестиции (домашни и странски). Иако стапката на економски раст во голема мера е детерминирана од надворешни економски влијанија врз кои малите економии како Република Македонија не може значително да дејствуваат, сепак државата може да влијае на поттикнување на инвестициите преку различни стимулативни мерки. Досегашните напори на Република Македонија за подобрување на деловната клима обезбедија подобро економско опкружување, меѓутоа потребно е постојано унапредување на правната и

[33] Последните расположливи податоци од Државниот завод за статистика за БДП по региони се однесуваат на 2005 година

институционалната рамка за инвестиции. Оваа потреба е идентификувана и во НРП 2009-2013 година каде што се утврдени соодветни мерки за подобрување на деловната клима во Република Македонија. Од аспект на регионалниот развој, многу е важно да се обезбеди поголемо забрзување на економскиот раст во помалку развиените планските региони што е директно условено од дисперзијата на инвестициите по региони. Оттаму, креирањето на поволна легислатива за инвестиции мора да биде поддржано од ефикасни институции што истата ќе ја имплементираат. Ова посебно се однесува на институции кои ќе обезбедат соодветно препознавање, промоција и реализација на потенцијалот за инвестиции во планските региони.

Остварувањето на овој приоритет ги вклучува следниве основни мерки:

- Подобрување на деловната клима за инвеститорите и претприемачите преку унапредување на правната рамка (сите плански региони - согласно со мерките дефинирани во НРП - 4.1. Подобрување на деловното опкружување);
- Обезбедување на подобар пристап до капитал, пред сè за домашните претприемачи (сите плански региони);
- Креирање и/или поддршка на микроинвестициски, гарантни и други фондови за поттикнување на инвестициите на ниво на планските региони (сите плански региони);
- Воспоставување и/или развивање на постојните институции (вклучително и центрите за развој на регионите) за препознавање, промовирање и реализација на потенцијалот за инвестиции во планските региони (сите плански региони);
- Едукација на домашните претприемачи за вложувања во пропулзивни и профитабилни дејности (сите плански региони);
- Намалување на обемот на работна сила ангажирана во неформалниот сектор (сите плански региони);
- Обезбедување на поддршка при формирање на кластери и деловни мрежи на носечките индустрии во планските региони (сите плански региони);
- Промовирање на јавно-приватни партнерства за поттикнување на инвестициите (сите плански региони);
- Јакнење на координацијата меѓу релевантните институции на национално, регионално и локално ниво значајни за поттикнување на инвестициите (сите плански региони) и
- Јакнење на улогата на општините во планирањето и реализацијата на регионалниот развој (сите плански региони).

Приоритет 1.2. Развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони

Постоењето на современа и модерна сообраќајно-транспортна и комунална инфраструктура е основен предуслов за поттикнување на развојот во планските региони. За жал, квалитетот на инфраструктурата во планските региони, посебно на сообраќајната, не е на задоволително ниво. Потребна е реконструкција и модернизација на голем дел од патните правци, како и изградба на нови делници, модернизација и проширување на железничката мрежа и подобрување на инфраструктурата за воздушен сообраќај. Идентификувањето на основните мерки неопходни за подобрување на патната инфраструктура е направено според специфичните потреби на планските региони и во согласност со утврдените приоритети во НРП 2009-2013 (поглавје 5.1. Патен, железнички и авиотранспорт), Просторниот план на Република Македонија и Националната транспортна стратегија.

Состојбата во планските региони е подобра во однос на комуналната инфрастуктура, меѓутоа не е обезбедена целосна покриеност на населението од планските региони, а посебно загрижуваат системите за одведување и пречистување на отпадните води, како и управувањето со цврстиот отпад. Надминувањето на неповолните состојби поврзани со

комуналната инфраструктура е неопходно за подобрување на условите за живот и работа на населението и за поттикнување на инвестициите во планските региони. Основните мерки за подобрување на комуналната инфраструктура се идентификувани според специфичните потреби на планските региони и во согласност со утврдените приоритети во Просторниот план на Република Македонија (поглавје 2.4. Водни ресурси и водостопанска инфраструктура) и Стратегијата за управување со отпадот.

Остварувањето на овој приоритет ги вклучува следниве мерки:

- Осовременување на постојните магистрални патишта:
- М2 Куманово-Крива Паланка - Граница со Бугарија (Североисточен плански регион);
- М3 Момин Поток-Граница со Косово (Скопски плански регион);
- М4 Кичево – Струга - Граница со Албанија (Југозападен плански регион);
- М5 Охрид – Ресен - Битола (Југозападен и Пелагониски плански регион),
- М5 Отовица – Штип – Кочани - Делчево- Звегор (граница со Бугарија) (Источен плански регион) и
- М6 Штип-Радовиш-Струмица – граничен премин Ново село (Источен и Југоисточен плански регион);
- Градење на нови магистрални патишта:
- Велес-Прилеп (преку Бабуна) (Вардарски и Пелагониски плански регион);
- Осовременување на постојните регионални патишта:
- Р110 Удово - Раброво (Југоисточен плански регион);
- Р111 Гевгелија - Богданци-Фурка (Југоисточен плански регион);
- Р409 Врска со М4 Ново село - Маврови Анови - Дебар - граница со Албанија (Југозападен плански регион);
- Р418 Струга - Дебар (Југозападен плански регион);
- Р501 Охрид - Св.Наум - Граница со Албанија (Југозападен плански регион);
- Р604 Струмица - Раброво - Дојран - граница со Грција (Југоисточен плански регион);
- Велес - Штип - Кочани - Делчево - граница со Бугарија (Вардарски и Источен плански регион);
- Демир Хисар - Бучин - Прилеп (Пелагониски плански регион);
- Р402 Тетово - Боговиње - Врапчиште - Гостивар (Полошки регион) u
- Р407 - Желино - Шемшово Р424- Шемшово-Жилче-Лешок (Полошки регион);
- Изградба на нови регионални делници:
- Р112 Гевгелија-Конско-Бохула-Крњево (Југоисточен и Вардарски плански регион);
- Р415 Бошков Мост-Извор-врска со М4 (Југозападен плански регион);
- Р323 Берово-Радовиш (Источен и Југоисточен плански регион);
- Р210 Пробиштип - Свети Николе (Источен и Вардарски плански регион);
- Демир Капија - Смоквица (Вардарски и Југоисточен плански регион)
- Демир Капија - Кожуф (Вардарски и Југоисточен плански регион);
- Струга - Делогожди - Климештани - М4 (Кичево - Охрид) и
- Василево - Водоча - Градец (Југоисточен плански регион);
- Осовременување на постојните локални патишта (сите плански региони);
- Градење на нови локални патишта (сите плански региони);
- Реконструкција и модернизација на постојната железничка инфрастуктура (Скопски, Вардарски,Полошки, Пелагониски и Источен плански регион);
- Изградба на нови железнички линии за интегрирање на железничкиот систем на Република Македонија со соседните земји (Источен, Југозападен, Југоисточен и Пелагониски плански регион);
- Обезбедување поголема опслуженост на регионите со железнички услуги (сите плански региони);
- Изградба на мултимодални транспортни јазли:

- Изградба на мултимодален транспортен јазол во Скопје (Скопски плански регион);
- Изградба на мултимодален транспортен јазол во Струмица (Југоисточен плански регион);
- Изградба на мултимодален транспортен јазол во Битола (Пелагониски плански регион) и
- Изградба на мултимодален транспортен јазол во Струга (Југозападен плански регион);
- Осовременување на постојната инфраструктура за воздушен сообраќај:
- Реконструкција, модернизација и проширување на капацитетот на аеродромот за меѓународен патнички и карго-сообраќај „Александар Велики“ во Петровец (Скопски плански регион) и
- Реконструкција, модернизација и проширување на капацитетот на аеродромот за меѓународен патнички и карго-сообраќај „Апостол Павле“ во Охрид (Југозападен плански регион);
- Проширување на инфраструктурата за воздушен сообраќај:
- Изградба на нов карго аеродром во близина на Штип (Источен плански регион);
- Изградба на нов карго аеродром во близина на Битола (Пелагониски плански регион);
- Изградба на стоковно-транспортни и логистички центри и терминали (сите плански региони);
- Користење на постојните спортски аеродроми и стопански леталишта во економски цели (сите, освен Југоисточниот плански регион) и
- Изградба на аеродром за спортски и стопанско-економски цели (Југоисточен плански регион);
- Реконструструкција, модернизација и проширување на системите за водоснабдување (сите плански региони):
- Изградба на нови и санација на постојните резервоари и системи за водоснабдување и
- Искористување на постојните и создавање на нови акумулации на вода;
- Реконструкција и модернизација на системите за одведување и пречистување на отпадните води (сите плански региони):
- Изградба на нови и проширување на постојните канализациони мрежи
- Дооформување на колекторските системи;
- Изградба на атмосферска канализација и
- Изградба на пречистителни станици.
- Подобрување на управувањето со цврстиот отпад (сите плански региони):
- Изградба на регионални депонии согласно со стандардите за заштита на животната средина;
- Санација и осовременување на постојните локални депонии согласно со стандардите за заштита на животната средина и
- Рециклирање и преработка на отпадот.

Приоритет 1.3. Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони

Имајќи предвид дека иновациите и техничко-технолошката основа се носечки елемент на конкурентноста на секоја економија, македонското стопанство се наоѓа пред сериозен предизвик во поглед на подигнување на додадената вредност на производството. Во таа смисла, поддршката на истражувачко-развојни проекти за развој на носечките индустрии на ниво на планските региони е клучен елемент за подигнување на економската основа на регионите. Иако во текот на изработката на Стратегијата немаше расположиви податоци за вложувањата во истражување и развој на ниво на планските региони со што би се дала прецизна слика за состојбата на ова поле, просечната ниска додадена вредност на

македонското производство, доминацијата на мали фирми во структурата на стопанството и многу малите средства за истражување и развој што се издвојуваат од централниот буџет на Република Македонија, заедно со долгогодишното непостоење на национална индустриска политика[34] упатуваат на претпоставката за многу неповолна состојба во поглед на истражувањето и развојот во планските региони. Оттаму, исклучително е значајно да се обезбедат предуслови за идентификување и искористување на потенцијалот за иновации и да се подигне техничко-технолошката основа на веќе развиените, носечки индустрии во планските региони.

Остварувањето на овој приоритет ги вклучува следниве основни мерки:

- Формулирање и имплементација на индустриска политика насочена кон подигнување на техничко-технолошкиот развој на македонското стопанство (сите плански региони);
- Изработка на студии за идентификување на потребите за подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии на ниво на плански региони (сите плански региони);
- Поддршка на истражувањата за технолошки развој и иновации (сите плански региони);
- Функционално поврзување на академските истражувачки институции со стопанството (сите плански региони);
- Креирање на бизнис инкубатори, технолошки паркови, деловни мрежи и ИТ кластери (сите плански региони);
- Промовирање на јавно-приватни партнерства за развивање и трансфер на нови технологии (сите плански региони);
- Креирање на „центри на извонредност“ за истражувања во информатичката и други напредни индустрии (Скопски, Пелагониски и Југоисточен плански регион);[35]
- Поддршка на МСП за усвојување и ефикасно користење на информатичките технологии (сите плански региони);
- Обезбедување на предуслови за препознавање, развивање и искористување на иновативниот потенцијал на младата популација во текот на образовниот процес (сите плански региони) и
- Привлекување на странски директни инвестиции со (по)висока технолошка основа во технолошко-индустриските зони (сите плански региони).

Приоритет 1.4. Подигнување на нивото на човечкиот капитал во планските региони

Според податоците од Пописот на населението од 2002 година, повеќе од половина од населението (53%) на Република Македонија е со ниско ниво на образование. Посебно е загрижувачка состојбата во 18 општини каде што овој индикатор има нумеричка вредност повисока од 80%, а посебен проблем во определени општини е нискиот опфат на женското население во образовните процеси, што пак е поврзано со ниската економска активност на жените. Оттаму, образовната структура на населението, како составен дел на човечкиот капитал, претставува сериозна ограничувачка околност од аспект на идниот регионален развој на земјата. Ваквата состојба е условена од нискиот опфат на населението во повисоките нивоа на образование, потоа од релативно малиот опфат на населението со доживотното учење (четири пати помал од оној во земјите членки на ЕУ и шест пати помал од Лисабонската цел за 2010), како и од интензивната интелектуална емиграција во странство (околу 20% од населението со високо образование е надвор од земјата). Тоа ги определува и приоритетите на политиката на регионалниот развој во

[34] На почетокот на 2009 година е изготвена Стратегија за индустриска политика на Република Македонија
[35] Овие региони се издвоени како погодни за формирање на центри на извонредност согласно со образовната структура на работната сила и преземените активности за формирање на Центар за применета технологија и менаџмент во Југоисточниот плански регион.

однос на подигањето на нивото на човечкиот капитал со цел да се обезбеди преполовување на уделот на населението со ниско ниво на образование во сите општини/плански региони до 2019 година. Притоа, посебно внимание треба да се посвети на креирање „функционални“ образовни програми со висока употребна вредност за стопанството што би овозможило човечкиот капитал да има значајна улога во поттикнувањето на развојот на планските региони. За реализација на овој приоритет би било корисно ползувањето на можностите што ги нуди ИПА Компонентата 4: Развој на човечките ресурси.

Остварувањето на овој приоритет ги вклучува следниве основни мерки:

- Програми за поголем опфат на населението во средното образование (сите плански региони, согласно со Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование);
- Програми за поголем опфат на населението во високото образование (Полошки, Источен, Југоисточен, Североисточен, Југозападен и Вардарски плански регион);
- Развивање и имплементација на системот на доживотно учење (сите плански региони);
- Обезбедување на поголема вклученост на женското население во формалните образовни процеси и системот на доживотно учење (сите плански региони);
- Прилагодување на наставните планови и програми на потребите на стопанството (сите плански региони);
- Градење на регионални информациски системи за професионална ориентација согласно со карактеристиките на пазарот на трудот во регионите (сите плански региони);
- Креирање на јавно-приватни партнерства за поддршка на вработувањата на младите високообразовани кадри (сите плански региони);
- Поддршка за воспоставување функционални врски меѓу образовните институции и економските субјекти (сите плански региони);
- Креирање на предуслови за повратни текови на интелектуалната емиграција и намалување на „одливот на мозоци“ (сите плански региони);
- Институционална поддршка на приватните бизнис иницијативи на високо-образованите кадри што емигрирале во странство (сите плански региони) и
- Воспоставување на виртуелни програми преку електронски медиуми за користење на знаењето на емигрираните високообразованите кадри во странство (сите плански региони).

Приоритет 1.5. Креирање на конкурентски предности на планските региони

Долгогодишното отсуството на политика за регионален развој, заедно со случувањата во потесното и поширокото економско опкружување на Република Македонија придонесоа за стихијно концентрирање на најголем дел од економските активности во Скопскиот регион и делумно развивање на поголемите урбани центри во другите плански региони. Со цел да се поттикне развојот на планските региони неопходно е да се идентификува и развие потенцијалот за креирање на конкурентски предности на планските региони преку создавање препознатливи македонски производи и поттикнување на развојот на извозно ориентирани индустрии. Тоа подразбира поддршка на носечките индустрии во регионите за кои веќе постои квалификувана работна сила и постојат трасирани патишта за извоз, а истовремено се однесува на инвестиции во нови извозни индустрии согласно расположивите производни фактори во планските региони. Истовремено, потребно е да се поттикнува развојот на земјоделството и услужните дејности, посебно туризмот, согласно специфичностите на планските региони. За реализација на некои од целите во рамките на овој приоритет би било корисно

ползувањето на можностите што ги нудат ИПА Компонентата 3: Регионален развој и ИПА Компонентата 5: Рурален развој (ИПАРД).

Остварувањето на овој приоритет ги вклучува следниве основни мерки:

- Изработка на студии за идентификување на приоритетните индустриски и услужни дејности за развој на регионите согласно со нивните потенцијали (сите плански региони);
- Промовирање на поддршка на стандардизацијата, акредитацијата, метрологијата и заштитата на интелектуалната сопственост (сите плански региони);
- Поддршка за брендирање на препознатливи македонски производи (сите плански региони);
- Обезбедување институционална поддршка за унапредување на носечките индустрии во планските региони:
- Метало-преработувачката индустрија (Вардарски, Североисточен и Скопски плански регион);
- Тутунската индустрија (Вардарски, Југоисточен и Пелагониски плански регион);
- Винската индустрија (Вардарски, Скопски, Југозападен и Југоисточен плански регион);
- Прехранбената индустрија (сите плански региони);
- Текстилната индустрија (Источен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки и Скопски плански регион);
- Чевларската индустрија (Источен и Североисточен плански регион);
- Градежништвото (сите плански региони);
- Дрвната индустрија (Југоисточен, Полошки, Југозападен, Пелагониски и Североисточен плански регион);
- Производство на електрична енергија (Пелагониски плански регион) и
- Индустријата за неметали (сите плански региони);

- Обезбедување институционална поддршка за развивање на технолошко-интензивни индустрии:
- Поттикнување на развојот на информатичката индустрија (Скопски, Пелагониски и Југоисточен плански регион);
- Поттикнување на развојот на индустријата за автомобилски делови (Скопски, Источен и Југоисточен плански регион) и
- Привлекување на странски директни инвестиции во технолошко-интензивни индустрии (сите плански региони);

- Креирање на модерен и продуктивен земјоделски сектор во планските региони (согласно со приоритетите дефинирани во НРП и Стратегијата за земјоделство и рурален развој):
- Отворање на регионални центри за земјоделски производи (сите плански региони);
- Отворање на агро-берза (Југоисточен и Источен плански регион);
- Обезбедување на инфраструктура за едноставен, брз и лесен пристап на земјоделските производители до агро-берза (сите плански региони);
- Поддршка за развој на органско земјоделско производство (сите плански региони);
- Поддршка за подигање нови квалитетни насади во овоштарството и лозарството (Вардарски, Југозападен и Југоисточен плански регион);
- Поддршка за развивање на сточарството (Источен, Полошки, Пелагониски, Североисточен плански регион) и
- Поддршка на инвестиции во капацитети за производство преработка на земјоделски производи (Источен, Југоисточен, Вардарски, Пелагониски плански регион).

- Оптимално користење на природното и културно-историското наследство во функција на развој на туризмот (согласно со приоритетите во Стратегијата за туризам):

- Сѐопфатно мапирање на археолошките локалитети и културно-историските и природните споменици на ниво на плански региони (сите плански региони);

- Градење на нова/осовременување на постојната инфраструктура за безбеден и брз пристап до туристичките дестинации (сите плански региони);

- Изработка на студии за оптимално користење на природното богатство на планските региони во туристички цели (сите плански региони);

- Изработка на студии за оптимално користење на културно-историското наследство на планските региони за туристички цели (сите плански региони);

- Туристичко промовирање на природното и културно-историското наследство во планските региони (сите плански региони);

- Обезбедување на институционална поддршка за развивање на различни видови туризам на ниво на планските региони:

- Езерски туризам (Југозападен, Пелагониски и Југоисточен плански регион);

- Планински туризам (Пелагониски, Полошки, Источен, Југозападен и Југоисточен плански регион);

- Зачувување и развој на традиционалните занаети (сите плански региони);

- Селски туризам и ревитализација на етно-селата (сите плански региони);

- Вински туризам (Вардарски плански регион);

- Бањски туризам (Југозападен, Југоисточен, Источен, Скопски, Североисточен плански регион);

- Транзитен туризам (сите плански регион);

- Развивање на „индустриите на игри на среќа“ во пограничните места (Југоисточен и Пелагониски плански регион);

- Алтернативни форми на туризам (спелеолошки, ловен и друго) согласно со спефичностите на регионите (сите плански региони) и

- Заштита на природното и културно-историското наследство (сите плански региони).

Приоритет 1.6. Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони

Планските региони во Република Македонија располагаат со специфични природни ресурси и високи енергетски потенцијали чие поголемо искористување би овозможило бројни позитивни ефекти. Природните богатства на регионите се значаен економски ресурс, меѓутоа нивното искористување треба да биде оптимално, рационално и согласно со законските стандарди и норми со цел да се обезбеди зачувување на животната средина.

Остварувањето на овој приоритет ги вклучува следниве основни мерки:

- Изработка на студии за оптимално користење на природното богатство на планските региони за економски цели (сите плански региони);

- Унапредување на правната рамка за експлоатација на природното богатство во функција на обезбедување повисоко ниво на заштита на животната средина (сите плански региони);

- Создавање претпоставки за оптимално користење на резервите на јаглен за производство на електрична енергија:

- Рационално користење на резервите на јаглен за производство на електрична енергија во ТЕЦ Битола (Пелагониски плански регион) и

- Создавање предуслови за експлоатација на јагленовите басени Мариово (Пелагониски) и Тиквеш (Вардарски плански регион);

- Создавање претпоставки за поголемо искористување на хидро-потенцијалот во планските региони:

- Изградба на ХЕЦ Галиште и ХЕЦ Чебрен на Црна река(Пелагониски плански регион);

- ХЕЦ Велес и ХЕЦ Градец на р. Вардар (Вардарски плански регион);

- Реализација на ХЕЦ „Бошков Мост“ (Југозападен плански регион);

- Искористување на хидропотенцијалот на реката Вардар преку реализација на енергетскиот проект „Вардарска долина“ и

- Реализација на малите ХЕЦ за производство на електрична енергија (Источен, Југозападен, Пелагониски, Полошки плански регион);

- Поттикнување на користењето на соларната енергија (сите плански региони);

- Поттикнување на користење на биомасата за производство на енергија (сите плански региони);

- Поттикнување на користењето на енергија од ветерот (Вардарски, Источен и Пелагониски плански регион);

- Користење на енергијата од геотермалните извори во економски цели (Источен, Југоисточен, Југозападен, Скопски и Североисточен плански регион) и

- Создавање на предуслови за подобро искористување на енергетскиот систем на природен гас:

- Изградба на нови гасни термоенергетски објекти за производство на електрична и/или топлинска енергија за индустриските капацитети (Североисточен, Скопски, Вардарски и Пелагониски плански регион);

- Спроведување на гасоводниот систем до ТЕЦ Неготино за производство на електрична енергија (Вардарски плански регион);

- Гасификација на Куманово, Крива Паланка, Кратово, Тетово и Гостивар (Североисточен плански регион и Полошки регион) и

- Гасификација на подрачјето на градот Скопје (Скопски плански регион).

Приоритет 1.7. Заштита на животната средина во планските региони

Обезбедувањето на здрава животна средина во планските региони е исклучително значаен аспект за создавање на конкурентни плански региони кои ќе се препознаваат според добрите услови за живот и работа на населението. Со оглед на важноста на овој аспект од една, и недостатноста на статистички податоци и анализи на ниво на планските региони кои би овозможиле детална слика од друга страна, заштита на животната средина е идентификувана како приоритет врз основа на утврдената состојба во Просторниот план на Република Македонија и сознанијата од регионалните средби со засегнатите страни одржани при изработката на Стратегијата.

Остварувањето на овој приоритет ги вклучува следниве основни мерки:

- Обезбедување на добра статистичка основа за различни аспекти поврзани со животната средина на ниво на планските региони;

- Изработка на студии за заштита на животната средина на ниво на планските региони (сите плански региони);

- Обезбедување на имплементација на стандардите за заштита на квалитетот на воздухот и водата од страна на големите индустриски „загадувачи“ и другите економски субјекти (сите плански региони - приоритети Скопје - Скопски регион; Велес и Кавадарци - Вардарски регион; Битола - Пелагониски регион, Тетово - Полошки регион и Куманово и Крива Паланка - Североисточен регион);

- Обезбедување на имплементација на стандардите при испуштање на хемиски и други загадувачи во површинските и подземните води (сите плански региони);

- Обезбедување на имплементација на стандардите за дозволеното количество на издувни гасови во патничкиот сообраќај (сите плански региони);
- Градење/осовременување на системите за пречистување на отпадните гасови, комуналните и индустриски води (сите плански региони);
- Обезбедување на висок степен на контрола при примената на стари технологии во стопанството (сите плански региони);
- Обезбедување на имплементација на стандардите при депонирањето на техноген отпад од топилничките и енергетските комплекси (сите плански региони);
- Рекултивирање на загадената почва (сите плански региони);
- Пошумување на поголеми површини во близина на градовите (сите плански региони);
- Обезбедување механизми за силна контрола на влијанието на инвестициите врз животната средина (сите плански региони);
- Обезбедување повисока заштита против природните ризици - ерозија на земјиштето, заштита на речните корита, итн. (сите плански региони) и
- Заштита на биодиверзитетот (сите плански региони).

Стратешка цел 2. Поголема демографска, економска, социјална и просторна кохезија помеѓу и во рамките на планските региони во Република Македонија

Во Република Македонија веќе подолг временски период се одвива процес на депопулација и демографско стареење. Овој процес со различен степен на интензитет ги зафаќа сите плански региони и мошне неповолно се одразува на човечките ресурси во регионите, посебно од аспект на расположливата работна сила како фактор за инвестиции. Понатаму, долгогодишната политика на моноцентричен развој во Република Македонија резултираше во концентрација на повеќе од ¼ од населението во Скопскиот плански регион, посебно во градот Скопје, заедно со алоцирање на најголем дел од вкупните инвестиции во овој регион. На ниво на плански региони пак, постои висока концентрација на населението и економските активности во урбаните центри. Оваа состојба негативно се рефлектира врз социјалната и просторната димензија на развојот зашто резултира со замирање на голем дел од руралните населби, а истовремено создава проблеми во функционирањето на урбаните центри заради непостоењето на соодветна техничка и социјална инфраструктура за високата концентрација на население. Оттаму, се појавуваат големи диспаритети во економскиот, социјалниот и другите аспекти на развојот меѓу и во рамките на планските региони што претставува појдовна основа при планирањето на регионалниот развој. Во таа насока, долгорочната цел на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија е подигнување на степенот на демографска, економска, социјална и просторна кохезија меѓу и во рамките на планските региони во функција на намалување на диспаритетите во развојот и обезбедување повисок стандард за живот и работа во сите плански региони.

Главните приоритети за остварување на втората стратешка цел се:

Приоритет 2.1. Демографска ревитализација и порамномерна дистрибуција на населението меѓу и внатре во планските региони

Постојната демографска состојба во Република Македонија се оценува како изразито хетерогена и мошне неповолна од аспект на идниот регионален развој. Таа се карактеризира со многу голем број на општини (40) кои се соочуваат со намалување и/или минимален пораст на вкупното население и забрзан процес на стареење на населението со кој се зафатени шест региони и дури 52 општини. Оттаму, во најголем дел од земјата се

одвива интензивен процес на депопулација и демографско стареење кој неповолно се одразува како на обемот и квалитетот на расположливите човечки ресурси, така и на обезбедувањето на социјални трансфери за постарото население. Таргетираната цел со политиката за регионален развој е до 2019 година за две третини да се намали бројот на општините што се соочуваат со негативен природен прираст. Со оглед на долгорочноста на демографските процеси истовремено треба да се преземат активности за подобрување на здравствената и социјалната заштита на населението и нејзино сообразување со демографските промени во регионите.

За неповолните демографски движења во планските региони во голема мера придонесува и исклучително нерамномерната дистрибуција на населението. Повеќе од ¼ од вкупното население на Република Македонија е концентрирано во Скопскиот плански регион, додека во рамките на планските региони постои висока концентрација на населението во урбаните центри. Имајќи предвид дека најголем дел на населените места во Република Македонија се рурални (дури 98,4%), дистрибуцијата на повеќе од 56% од вкупното население во градските средини укажува на замирање на голем дел од руралните населби, а истовремено урбаните центри не создаваат доволно нови инфраструктурни и други предуслови за приливот на ново население, што негативно се одразува на квалитетот на живот во градовите. Нерамномерната дистрибуција на населението по региони и во рамките на регионите влијае и на недоволно искористување на потенцијалите за развој, посебно на природните ресурси. Оттаму, неопходни се извесни промени во дистрибуцијата на населението, а долгорочноста на тековите би требало да се обезбеди со динамичен економски раст на сите плански региони, модернизирање на инфраструктурата и подобрување на условите за живот во помалите урбани и посебно, во руралните средини.

Остварувањето на овој приоритет ги вклучува следниве основни мерки:

- Демографска ревитализација на планските региони и општините (сите плански региони):

- Унапредување на правната рамка и институционалната поддршка за поттикнување на наталитетот во општините со негативен или низок природен прираст на населението (согласно со Популационата политика и Стратегијата за демографски развој 2008-2015);

- Унапредување на примарната здравствена заштита за унапредување на репродуктивното здравје и мајчинството:

- Подобрување на пристапот и квалитетот на примарната здравствена заштита за доенчињата и малите деца и

- Подобрување на здравствената заштита за постарите лица.

- Намалување на нерамномерната дистрибуција на населението меѓу планските региони:

- Намалување на концентрацијата на населението во Скопскиот плански регион преку обезбедување инфраструктура за високо образование, социјална и здравствена заштита, култура и други аспекти на општествениот живот во другите плански региони;

- Креирање претпоставки за помали миграциони текови меѓу планските региони (посебно кон Скопскиот регион), преку поттикнување на инвестициите и зголемување на бројот на работни места во планските региони;

- Обезбедување на даночни и други поволности за градење на станбени населби во другите плански региони (надвор од Скопскиот);

- Обезбедување на квалитетен, сигурен и брз јавен транспорт меѓу планските региони и

- Обезбедување на брзи и квалитетни комуникациски врски за економски и други потреби на населението во планските региони.

- Намалување на нерамномерната дистрибуција на населението внатре во регионите (сите плански региони):

- Намалување на високата концентрација на населението во поголемите урбани центри на регионите преку обезбедување инфраструктура за квалитетно основно и средно образование, социјална и здравствена заштита во помалите општини и посебно, руралните средини;

- Креирање претпоставки за намалување на внатрешните миграции кон урбаните центри преку ревитализација на животот во малите општини и посебно, руралните средини;

- Повластени даночни стапки за живот и работа во малите општини и руралните средини со низок демографски индекс во рамките на планските региони;

- Обезбедување на квалитетен, сигурен и брз локален јавен транспорт во рамките на планските региони кој ќе биде достапен до сите граѓани и

- Обезбедување на добра покриеност на населението од малите општини и посебно, руралните средини со комуникациски врски.

Приоритет 2.2. Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони

Нерамномерната дистрибуција на населението и концентрацијата на економските активности во Скопје и урбаните центри на регионите значително се одразува врз начинот на искористување на расположивиот простор и врз квалитетот на живот во урбаните и руралните средини. Ваквата концентрација не е поддржана со соодветен развој на инфраструктурата што повлекува негативни промени во функционирањето на урбаните средини, додека руралните населби (посебно малите) многу често се соочуваат со економска и социјална изолираност. Просторниот план на Република Македонија предвидува просторен концепт на урбанизација и развивање на мрежа на центри како основни оски на развојот. Иако Просторниот план нема регионална димензија, предвидените оски на развојот се всушност урбаните центри во планските региони. Имајќи предвид дека овие центри се на определено ниво на развој, главниот предизвик за политиката за регионален развој (воедно и за Просторниот план) е вмрежувањето на овие центри со помалите општини и руралните населби во функција на градење на функционално-просторни и економски структури во планските региони. Целта на овие структури е постигнување на усогласен просторен и економски развој, како и оптимална просторна разместеност на населението во планските региони заради што овој приоритет се наметнува како исклучително значаен.

Остварувањето на овој приоритет ги вклучува следните основни мерки:

- Поголема покриеност на планските региони со просторно-планска документација за планирање на урбаниот и другите сегменти од развојот (сите плански региони):

- Изработка на просторни планови за планските региони

- Изработка на просторни планови за општините

- Унапредување на правната и институционалната рамка за реализација на просторно-планската документација (сите плански региони);

- Обезбедување кохерентност на просторот преку заштита на високо-продуктивното земјоделско земјиште од неконтролирана пренамена во градежно (сите плански региони);

- Поврзување на помалите општини и руралните средини со поголемите урбани центри во заеднички економски, образовни, социјални и културни проекти (сите плански региони);

- Обезбедување едноставен, брз и финансиски достапен пристап на граѓаните од руралните општини и малите средини до урбаните центри за активности поврзани со работа, образование, социјален и културен живот (сите плански региони);

- Подобрување на квалитетот на живот во помалите општини и руралните средини преку обезбедување на поголема покриеност со здравствени и социјални услуги и културни настани (сите плански региони) и
- Афирмирање на предностите за живот во помалите општини и руралните средини (сите плански региони).

Приоритет 2.3. Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите

Податоците за степенот на развиеност на планските региони што покажуваат заостанување од три пати на најмалку развиениот (Североисточниот) во однос на најмногу развиениот плански регион (Скопскиот) упатуваат на висока концентрација на инвестициите и работните места во Скопскиот регион. Ваквата состојба повлекува миграција на граѓаните од другите плански региони кон Скопје, посебно на високо образованиот кадар, со што се намалува квалитетот на работната сила во другите плански региони. Оттаму, планирањето на регионалниот развој во функција на намалување на диспаритетите помеѓу регионите неизоставно мора да биде фокусирано на зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите со цел да се поттикне креирањето на работни места надвор од Скопскиот регион. Понатаму, заради концентрирањето на економските активности во поголемите центри на планските региони, исто така е потребно да се поттикне порамномерна дисперзија на економските активности внатре во регионите.

Остварувањето на овој приоритет ги вклучува следните основни мерки:

- Намалување на нерамномерната дистрибуција на инвестициите и вработеноста помеѓу планските региони:
- Градење/осовременување на потребната инфраструктура за инвестиции во помалку развиените региони;
- Промоција на потенцијалот за инвестиции во помалку развиените плански региони пред домашни и странски инвеститори;
- Обезбедување подобар пристап до капитал за претприемачите од помалку развиените региони;
- Институционална поддршка за креирање на нови работни места во помалку развиените плански региони;
- Обезбедување на обуки за подигнување на квалитетот и флексибилноста на работната сила во помалку развиените плански региони;
- Поголема вклученост на населението од помалку развиените плански региони во формалното и неформалното образование, како и во системот на доживотно учење;
- Обезбедување поволности на високообразованата работна сила при вработување во помалку развиените плански региони и
- Намалување на нерамномерната дистрибуција на инвестициите и вработеноста внатре во регионите (сите плански региони):
- Градење инфраструктура за инвестиции и живеење во малите општини и руралните средини во рамките на планските региони;
- Промоција на можностите за инвестирање во малите општини и руралните средини (природни богатства, потенцијал за туризам, итн.) пред домашни и странски инвеститори;
- Едукација на потенцијалните претприемачи од малите општини и руралните средини за можностите за инвестиции и пристапот до капитал;
- Едукација на населението од малите општини и руралните средини за развивање на туристички услуги;
- Обезбедување подобар пристап до активните политики на пазарот на труд на невработените лица од малите општини и руралните средини во планските региони;

- Промовирање на јавно-приватни партнерства за поттикнување на инвестиции во малите општини и руралните средини;
- Обезбедување на обуки за подигнување на квалитетот и флексибилноста на работната сила во малите општини и руралните средини во планските региони;
- Обезбедување предуслови за поголема вклученост на населението, посебно женското од малите општини и руралните средини во формалното и неформалното образование, како и во системот на доживотно учење;
- Обезбедување предуслови за поголема вклученост на женското население од малите општини и руралните средини на пазарот на трудот и
- Обезбедување поволности на високо-образованата работна сила при вработување во малите општини и руралните средини.

Приоритет 2.4. Подигнување на степенот на социјален развој во планските региони

Податоците за нивото на социјален развој во планските региони укажуваат на неопходност од подобрување на условите за живот во сите плански региони, посебно во помалите општини и руралните средини. Ова конкретно се однесува на подобрување на стандардот на домување во планските региони, како и обезбедувањето на подобри услови за здравствена и социјална заштита, посебно на малите деца и постарите лица. Имајќи предвид дека социјалните услови во најголема мерка го определуваат квалитетот на живот на граѓаните, подигнувањето на нивото на социјалниот развој се наметнува како приоритет при планирањето и спроведувањето на политиката за регионален развој.

Остварувањето на овој приоритет ги вклучува следните основни мерки:
- Подигнување на стандардот на домување во планските региони:
- Обезбедување можности за приклучок на сите станови на комуналните мрежи за водовод, канализација и струја (сите плански региони);
- Подигнување на степенот на опременост на становите со санитарни јазли (сите плански региони);
- Обезбедување целосна покриеност на населението со здравствено осигурување (сите плански региони);
- Преструктурирање на примарната здравствената заштита на населението согласно со демографските промени во регионите/општините (сите плански региони);
- Отворање на центар за терцијарна здравствена нега во Битола, согласно со Медицинската мапа на Република Македонија (Пелагониски плански регион);
- Подобрување на заштитата и грижата за лицата со функционални и ментални нарушувања на ниво на планските региони (сите плански региони);
- Преструктурирање на социјалната и детската заштита на населението согласно со демографските промени во регионите/општините(сите плански региони);
- Отворање на домови и/или обезбедување на услуги за згрижување на стари лица, посебно во малите општини и руралните средини (сите плански региони) и
- Отворање на детски градинки и/или обезбедување на згрижување на децата, посебно во малите општини и руралните средини (сите плански региони).

Приоритет 2.5. Поддршка на подрачјата со специфични развојни потреби

Поттикнувањето на развојот на подрачјата со специфични развојни потреби е составен дел од политиката за регионален развој со цел да се обезбеди поголемо внимание на подрачјата кои според определени карактеристики имаат посебни развојни потреби. Согласно со постојната класификација, дури во 68 единици на локалната самоуправа се лоцирани подрачја со специфични развојни потреби што укажува на сериозните потреби

за развој на овие подрачја. Класификацијата на подрачјата со специфични развојни потреби вклучува ридско-планински, погранични, рурални и други населени места кои заостануваат во развојот, како и населени места во подрачјата со природни богатства и културно наследство кои се заштитени со закон и подрачјата со специфични развојни потреби утврдени со закон. Класификацијата е важна од аспект на креирањето и имплементацијата на мерките за поттикнување на развојот на овие подрачја, меѓутоа сите населени места што влегуваат во оваа класификација исто така ќе бидат опфатени и со другите мерки за поттикнување на регионалниот развој кои се однесуваат на планските региони како единици на развојот.

Остварувањето на овој приоритет ги вклучува следниве основни мерки:

- Изработка на планска документација за подрачјата со специфични развојни потреби;
- Подобрување на сообраќајната и комуналната инфраструктура на ридско-планските, пограничните и руралните подрачја и нивно поврзување со најблиските урбани центри;
- Поттикнување на прекуграничната соработка на пограничните места во економски, културни, социјални и други цели;
- Ревитализација на руралните подрачја преку подобрување на условите за живот и работа на населението;
- Заштита на флората и фауната во националните паркови „Маврово“, „Галичица“ и „Пелистер“;
- Поддршка на активностите за прогласување на нови национални паркови и
- Креирање препознатливост и заштита на културно-историското наследство и природното богатство во подрачјата заштитени со закон.

Приоритет 2.6. Развивање на прекуграничната и меѓусебната соработка на планските региони

Развивањето на прекуграничната соработка претставува една од целите на политиката за регионален развој утврдени во Законот, а нејзиното поттикнување е исто така идентификувано како приоритет во процесот на приближување на Република Македонија кон ЕУ и се обезбедени средства за поддршка преку претпристапната помош од ЕУ. Имајќи предвид дека планските региони во Република Македонија се прилично мали (по површина, население, економска моќ, итн.) во однос на регионите во другите држави, поттикнувањето на нивната меѓусебна соработка е значајно во поглед на порационално и ефикасно искористување на капацитетите во кои располагаат. За реализација на овој приоритет би било корисно ползувањето на можностите што ги нуди ИПА Компонентата 2: Прекугранична соработка.

Остварувањето на овој приоритет ги вклучува следниве основни мерки:

- Подигнување на информираноста во планските региони за можностите и расположливите фондови за прекугранична соработка;
- Обезбедување обуки на заинтересираните страни за условите и начинот на користење на ИПА фондовите на ЕУ (компонента 2) и другите расположливи фондови за прекугранична соработка;
- Обезбедување институционална поддршка на заинтересираните страни за подготовка и реализација на прекугранични проекти;
- Поттикнување на меѓусебната соработка на регионите за подготовка и реализација на заеднички проекти од областа на инфраструктурата, животната средина, заштита на природното и културното наследство и други области од заеднички интерес и
- Вмрежување и размена на искуства со региони од ЕУ.

Наведените мерки се однесуваат на сите плански региони.

Приоритет 2.7. Подигнување на капацитетите за планирање и реализацијана развојот во планските региони

Постојните институционални капацитети за регионален развој во Република Македонија се прилично лимитирани, пред сè како резултат на долгогодишното непостоење на политика за регионален развој и запоставувањето на ова прашање од страна на релевантните институции. Токму поради тоа, а имајќи ја предвид важноста и комплексноста на процесот на регионален развој, потребен е системски пристап кон градењето на капацитетите што ќе резултира во нивно подигање во релевантните институции на национално, регионално и локално ниво. Паралелно, потребно е креирање на статистичка база на системот за регионален развој со цел да се надмине проблемот со достапноста и расположливоста на податоци за регионите што претставува сериозна пречка при планирањето на регионалниот развој.

Остварувањето на овој приоритет ги вклучува следниве основни мерки:

- Подигнување на јавната свест за политиката за регионален развој;

- Подигнување на капацитетите на надлежните државни институции за планирање и спроведување на политиката за регионален развој:

- Подигнување на квантитетот и квалитетот на човечките ресурси во надлежните државни институции;

- Обезбедување специфични обуки поврзани со различни сегменти од системот за регионален развој;

- Развивање и одржување на партнерства и мрежи со важните регионални актери од локалната власт, приватниот и невладиниот сектор и

- Подобрување на хоризонталната и вертикалната координација за подобра имплементација на политиката за регионален развој, програмирањето и искористувањето на ИПА фондовите.

- Подигнување на капацитетите на советите и центрите за развој на планските региони:

- Соодветно квантитативно и квалитативно екипирање на центрите за развој на планските региони;

- Континуирано усовршување на човечките ресурси во центрите преку обезбедување на обуки од областа на регионалниот развој и проектниот менаџмент;

- Подигнување на капацитетот на центрите за промовирање на конкурентските предности и потенцијалот за инвестиции во планските региони;

- Поттикнување на соработката на советите и центрите со важните регионални актери од локалната власт, приватниот и невладиниот сектор;

- Градење на капацитетите за промовирање, идентификување и поддршка на иницијативите за развој на планските региони и

- Зајакнување на институционалниот капацитет на советите како актери за промовирање на интегрираниот просторен развој.

- Подигнување на капацитетите на единиците на локалната самоуправа за предлагање и реализација на проекти од интерес на развојот на регионот:

- Подигнување на квантитетот и квалитетот на човечките ресурси во секторите релевантни за регионалниот развој во единиците на локалната самоуправа;

- Подигнување на свеста на советите на единиците на локалната самоправа за нивната улога во регионалниот развој;

- Обезбедување специфични обуки поврзани со различни сегменти од системот за регионален развој;

- Подигнување на нивото на меѓуопштинска соработка во однос на преземање заеднички проекти на повеќе единици на локалната самоуправа и

- Поттикнување на јавно-приватните партнерства за преземање иницијативи важни за развојот на регионот.
- Обезбедување добра статистичка основа за планирање на развојот на планските региони:
- Креирање на целосна статистичка база на податоци на ниво на региони;
- Редовно ажурирање на статистичката база на податоци на ниво на региони и
- Обезбедување пристап до статистичката база по региони на сите заинтересирани страни за потребите на планирањето на развојот на планските региони.
- Воспоставување на ГИС систем:
- Креирање на правна рамка и
- Создавање предуслови за имплементација на системот на информатичка поддршка на базата на податоци за регионите.

Индикатори. Следењето на имплементацијата на Стратегијата се врши преку индикатори за следење на реализацијата на стратешките цели и приоритети. Индикаторите се определуваат за секој приоритет поединечно и треба да обезбедат основа за реално следење и оценување на имплементацијата на Стратегијата. Индикаторите за целите и приоритетите дефинирани погоре се дадени во Анекс 1.

## ТРЕТ ДЕЛ
## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

### 1. Институционална рамка за регионалниот развој

Носители на политиката за регионален развој. Во Законот за рамномерен регионален развој се дефинирани следниве носители на политиката за регионален развој: Владата на Република Македонија; Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија; Министерството за локална самоуправа и советите за развој на планските региони, а во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој учествуваат Бирото за регионален развој; центрите за развој на планските региони и единиците на локалната самоуправа.

Советот за рамномерен регионален развој е составен од претставници на централната власт и претставници од планските региони и ја усогласува политиката на рамномерен регионален развој со секторските политики и макроекономската политика на Република Македонија. Советот дава мислење за планските документи за регионален развој (Стратегијата и програмите за развој на регионите), пред нивното усвојување од страна на релевантните институции (Владата и/или Парламентот).

Министерството за локална самоуправа е овластено да ја креира и спроведува националната политика за рамномерен регионален развој во соработка со другите ресорни министерства кои одвојуваат средства за поттикнување на регионалниот развој. Тоа е одговорно за креирање и спроведување на националната политика во согласност со другите национални стратешки документи. Како одделен субјект во рамките на Министерството, Бирото за регионален развој ја има улогата на главна оперативна единица во спроведувањето на политиката што вклучува и поддршка на центрите за развој во регионите. За своите активности во однос на регионалниот развој, Министерството поднесува редовни извештаи до Советот за рамномерен регионален развој и до Владата на Република Македонија.

Советите за развој на планските региони се формираат за секој одделен плански регион и во нивниот состав влегуваат градоначалниците на општините од дадениот регион. Советите се одговорни за развојната политика на планскиот регион преку креирање на

планските документи за развој на регионот, координација на носителите на развојот во регионот, како и промовирање на прекуграничната соработка со региони од други држави.

Центрите за развој на планските региони имаат улога на оперативни тела чија основна функција е подготовка и реализација на планските документи за развој на регионите. Центрите за развој за својата работа одговараат на советите за развој на планските региони.

Единиците на локалната самоуправа заеднички треба да учествуваат во подготовка на регионални предлог проекти (во согласност со насоките дадени од Бирото за регионален развој), а исто така се одговорни за поднесување на барања за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби и развој на селата кои се наоѓаат на нивна територија. Исто така, единиците на локалната самоуправа ќе имаат значајна улога при реализација на проектите за развој на планскиот регион, а посебно на проектите за развој на подрачја со специфични развојни потреби и развој на селата. Со цел максимално да се користат расположливите финансиски ресурси за регионален развој, единиците на локалната самоуправа треба да остварат висока меѓусебна координација и заемна соработка при креирањето и реализацијата на проекти од значење за регионот.

Други релевантни институции за креирањето и имплементацијата на политиката на регионален развој се останатите ресорни министерства, при што најзначајна улога во однос на регионалниот развој имаат: [36]

- Министерството за финансии кое е надлежно за водење на макроекономската политика и политиката на развој на националната економија, а воедно е носител на системот на јавни финансии во земјата;

- Министерството за економија кое има потесна надлежност за водење на развојната и тековната економска политика во областа на производството, трговијата, туризмот, угостителството, занаетчиството, развојот на човечките ресурси, малите и средните претпријатија и задругарството, енергетиката и примената на стандардите;

- Министерството за транспорт и врски во чија надлежност се сообраќајната инфраструктура, телекомуникациите и станбено-комуналните работи;

- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кое ја води политиката поврзана со развојот на земјоделството, шумарството, водостопанството и руралниот развој;

- Министерството за труд и социјална политика кое има надлежност за креирање на политиките поврзани со пазарот на трудот, пензиското осигурување и социјалната политика;

- Министерството за образование и наука чија основна надлежност е креирање на воспитните и образовните програми од сите видови и степени, како и технолошкиот развој, информатиката и техничката култура и

- Министерството за култура во чија надлежност е унапредувањето на развојот на културата и заштитата на културното богатство.

Освен наведените и другите ресорни министерства, односно нивните програми се значајни за регионалниот развој, имајќи ја предвид интегралната мултисекторска димензија на регионалниот развој. Оттаму, неопходна е добра координација меѓу основните носители на политиката на регионалниот развој и ресорните министерства за усогласување на меѓусебните програми и активности кои можат да имаат влијание врз развојот на регионите. Притоа, целта е при имплементација на ресорните програми да се постигнат поголеми резултати во однос на секторскиот (образование, инфраструктура, социјална заштита, итн.) развој на ниво на плански региони што ќе придонесе за реализација на целите од Стратегијата за регионален развој.

[36] Надлежностите на ресорните министерства се набројани согласно со Законот за организација и работа на органите на државната управа, “Службен весник на Република Македонија“ број 58/2000

Институционални капацитети за регионален развој. За потребите на изработката на Стратегијата беше направена процена на капацитетите[37] на главните носители за регионален развој во Република Македонија. Процената беше направена преку консултирање на расположливата релевантна документација и спроведување на структуирани интервјуа со претставници од Министерството, Бирото, градоначалниците и вработени во единиците на локалната самоуправа, како и експерти вклучени во техничката помош за локален развој. Резултатите од процената покажуваат дека расположливиот институционален капацитет за регионален развој во Република Македонија е прилично ограничен. Недоволниот капацитет главно произлегува од долгогодишното непостоење на политика и систем за регионален развој во Република Македонија. Постојниот капацитет главно е резултат од реализацијата на проекти во последната деценија кои вклучуваа трансфер на знаење и стручност во областа на различни сегменти од локалната самоуправа, меѓутоа регионалниот развој како проблематика не беше соодветно застапен. Недоволните капацитети кај институциите што ја имаат главната улога во креирањето и спроведувањето на политиката за регионален развој наметнуваат потреба веднаш да се пристапи кон градење на капацитетите со цел да може да се воспостави функционален систем за регионален развој. За да се постигне ефикасен и ефективен процес на градење на капацитетите потребно е да бидат исполнети неколку предуслови:

- Консензус меѓу главните носители околу целите на политиката за регионален развој;
- Волја и посветеност од страна на раководните структури во релевантните институции (тела) за градење на капацитетите за регионален развој;
- Обезбедување на потребната финансиска поддршка од страна на централната и локалната власт за градење на капацитетите за регионален развој;
- Избирање на кадарот исклучиво врз основа на професионалните квалификации и користење на целиот расположлив кадар со определени познавања релевантни за регионалниот развој и
- Посветеност за образование и обука за регионален развој на вработените во релевантните институции.

Градењето на институционалните капацитетите за регионален развој е комплексен процес кој подразбира неколку елементи:

- Системска поставеност на процесот на градење на капацитетите за регионален развој што вклучува јасно определување на носителите на процесот на градење на капацитети (пожелно институција на национално ниво), поврзување на таргетираните институции каде што е потребна надградба на капацитетите, вмрежување на човечките ресурси со определени предзнаења од оваа област заради подобро искористување на веќе постоечките капацитети;
- Креирање на единствена база на обучувачи од областа на регионалниот развој и обезбедување на обука на обучувачите со цел користење на унифицирана методологија при транферот на знаења;
- Обезбедување координација на различните институционални нивоа вклучени во системот на регионалниот развој:
- Хоризонтална, вклучувајќи ја координацијата меѓу: (I) Министерствата на национално ниво, (II) регионалните тела (центри и совети) за поддршка на развојот на регионално ниво, (III) општините на локално ниво;
- Вертикална: меѓу различните нивоа на администрацијата (Министерства до регионални тела со општините) и во рамките на рамката утврдена со закон. Врските на

[37] Под капацитет се подразбира „способност на поединци, организации или организациски единици да извршуваат функции на ефективен, ефикасен и одржлив начин“. При процена на капацитетот, човечките ресурси се најважната варијабла.

ниво на политиката (меѓу Националниот совет и Регионалниот совет, не треба да се третираат одделно од врските на оперативно ниво (меѓу центрите и општините и Бирото за регионален развој) и

- Координација помеѓу јавниот и приватниот сектор, односно меѓу различните нивоа на администрацијата и/или телата и претставниците од бизнис и невладиниот сектор и
- Обезбедување координација на поддршката од донаторите со цел да се постигнат високи ефекти од помошта наменета за градење на капацитетите за регионален развој.

Постоењето на наведените елементи ја детерминира успешноста на процесот на градење на капацитетите, имајќи предвид дека станува збор за област која подолго време беше занемарена во Република Македонија. Поради комплексноста на регионалниот развој, мерките да бидат насочени кон надминување на слабостите идентификувани во капацитетите на секоја институција што се појавува како носител на регионалниот развој (наведени погоре). Градењето на капацитетите треба да биде континуиран процес заради динамичната природа на развојот и постојаното отворање на нови можности за финансирање на проекти од регионално значење за чие предлагање и реализација е потребен квалификуван персонал.

Подигнувањето на капацитетите за планирање и реализација на развојот во планските региони веќе е идентификувано како приоритет во оваа стратегија (Приоритет 2.7.), а горенаведената анализа треба да послужи како основа за формулирање на специфичните мерки и активности за реализација на овој приоритет.

## 2. Финансирање на регионалниот развој

Реализацијата на целите предвидени во Стратегијата за регионален развој на Република Македонија е поврзана со значителни финансиски ресурси. Согласно со Законот за рамномерен регионален развој (член 27), како извори на финансирање на регионалниот развој се наведени:

- Буџетот на Република Македонија,
- Буџетите на единиците на локалната самоуправа,
- Расположливите фондови на ЕУ,
- Други меѓународни извори,
- Донации и спонзорства од физички и правни лица и
- Други средства утврдени со закон.

Законот пропишува за поттикнување на рамномерниот регионален развој од Буџетот на Република Македонија годишно да се издвојуваат средства во висина од најмалку 1% од БДП. Финансиските средства се непходни за да се поттикне развојот на планските региони и да се обезбеди намалување на диспаритетите меѓу планските региони. За жал, досегашната пракса на издвојување на средства за поттикнување на развојот на неразвиените подрачја во Република Македонија (пред воспоставување на системот на регионален развој), покажува дека биле издвојувани многу помалку средства од предвидените. Продолжувањето на истата пракса би оневозможило постигнување на планираните цели на политиката на регионалниот развој и затоа, основен предуслов за поттикнување на регионалниот развој е обезбедување на средства во пропишаниот износ (или повеќе) од страна на државата.

Во Законот се дефинирани следниве инструменти за поттикнување на регионалниот развој: капитални влогови; неповратни грантови; финансирање и кофинансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи и акциони планови; финансирање на градењето на институционалните капацитети за регионален развој на Република Македонија, како и државна помош во вид на заеми под поволни услови, гаранции за

заеми, осигурување на кредити, даночни олеснувања, субвенции и други инструменти, согласно со закон.

Употребата на економските и финансиските механизми за поддршка на регионалниот развој треба да биде според начелата на добра координација на управување со инструментите, партнерство, ефикасност и ефективност од аспект на трошоците, транспаретноста, отчетноста и контролата. Посебно се значајни следниве начела:

- Координација на инструментите и ресурсите за регионален развој со цел за нивна оптимална алокација за остварување на целите на регионалниот развој и

- Ефикасност и ефективност на инструментите од аспект на оправданоста на трошоците во однос на целите. Ова претпоставува алокација на финансиските средства само на проекти од кои се очекува да дадат предвидените резултати, односно конкурентни проекти. Овој принцип треба да се однесува на сите плански региони и значи дека регионите, без оглед на нивото на нивната развиеност, треба да се оспособат за предлагање на квалитетни проекти зашто финансиски средства за развој ќе можат да добијат само на тој начин.

Согласно со Законот за регионален развој, расположливите средства за финансирање на регионалниот развој ќе бидат алоцирани по планските региони согласно со Одлуката за распределба (Графикон 1), а конкретната распределба на финансиските средства ќе се врши врз основа на проекти. Според законската регулатива, 70% од средствата што на национално ниво ќе се алоцираат за поддршка на регионалниот развој ќе бидат за финансирање на проекти за развој на планските региони, додека останатите средства ќе им бидат директно достапни на општините за развој на селата (10%) и подрачјата со специфични развојни потреби (20%). Средствата за развој на селата се распределуваат по региони, при што секој плански регион добива подеднаков дел, а како носители на проектите се јавуваат општините.

Имајќи го предвид регионалниот пристап, координацијата на единиците на локалната самоуправа при предлагање и имплементација на регионалните развојни проекти е од исклучително значење. Сите предлог-проекти треба да бидат во согласност со програмите за развој на односните региони што претставува основен предуслов за финансирање на проектите (програмите за развој на планските регионите треба да бидат усогласени со Стратегијата за регионален развој). Во таа смисла, единиците на локалната самоуправа треба да имаат водечка улога во процесот на подигнување на јавната свест за потребата од регионален развој, како и неопходноста од приоритизирање на регионалните пред општинските интереси кога станува збор за предлагање на регионални проекти. Унапредувањето на меѓуопштинска соработка ќе биде од голема полза за регионалниот развој и несомнено може да придонесе за поефективно и поефикасно искористување на средствата за регионален развој.

Друг фактор кој уште повеќе ја нагласува улогата на единиците на локалната самоуправа во развојниот процес е достапноста на финансиски средства од ЕУ и други донатори за заеднички прекугранични развојни проекти со општините од соседните држави. Учеството на единиците на локалната самоуправа во прекугранични проекти, како и развивањето на способноста на регионите да предлагаат квалитетни проекти за развој во голема мера може да го забрза развојот на планските региони (и единиците на локалната самоуправа, соодветно) и истовремено да овозможи креирање на добра институционална основа за успешно користење на средствата од ЕУ пред и особено после пристапувањето во ЕУ.

Исто така, од исклучително значење е во функција на регионалниот развој да се ставаат секторските програми кога е тоа можно. При дефинирањето на стратешките цели, приоритетите и основните мерки во оваа стратегија, посебно внимание е посветено на нивно поврзување со релевантните секторски документи. Ваквото поврзување е направено

со цел да се обезбеди поефикасна имплементација на мерките од секторските и повеќесекторските политики. Координацијата е посебно значајна од финансиски аспект, имајќи ја предвид потребата од големи финансиски средства за имплементација на политиката за регионален развој, доколку истата не се поврзе со другите секторски политики. Со функционално поврзување на политиките и програмите, ќе се овозможи поттикнување на развојот на планските региони и со помош на другите министерства со што ќе се обезбеди побрзо реализирање на поставените цели.

Исто така, различните донаторски програми во земјата треба да се перцепираат како значајни финансиски извори за поттикнување на регионалниот развој. Во овој контекст, посебно е значајна ИПА помошта зашто голем дел од приоритетните оски на ИПА компонентите се фокусирани на поддршка и унапредување на областите значајни за регионалниот развој. Оттаму, обезбедувањето на предуслови за искористување на овие средства треба да биде приоритет на носителите на политиката за регионален развој. Користењето на средства од ИПА помошта би можело да послужи и како механизам за подигнување на капацитетите на планските региони за аплицирање за проекти, што ќе биде многу значајно од аспект на идното членство на Република Македонија во ЕУ и пристапот до различните ЕУ фондови.

3. Следење, оценување и ажурирање на Стратегијата за регионален развој

Следење на имплементацијата на Стратегијата за регионален развој врши Владата на Република Македонија преку годишен извештај за спроведување на акциониот план на Стратегијата (член 44 од Законот). Овој извештај го подготвува Министерството за локална самоуправа и го доставува до Владата, по претходно мислење од Советот за рамномерен регионален развој. Извештајот треба да обезбеди јасна слика за трендовите во развојот на планските региони и воедно, да покаже дали имплементацијата на Стратегијата за регионален развој се одвива според планираната динамика.

Во рамките на процесот на следење, фокусот треба да биде на напредокот кон остварување на целите и приоритетите идентификувани во Стратегијата за регионален развој, следење на економскиот, социјалниот и другите аспекти на развојот во секој плански регион (податоците, појавите и трендовите ќе бидат анализирани за да се обезбеди споредба меѓу и во рамките на планските региони) и следење на користењето на фондовите наменети за поттикнување на рамномерен регионален развој.

Следењето на напредокот кон остварување на целите и приоритетите на Стратегијата се врши преку утврдени индикатори. Основните индикатори што можат да послужат за мерење на остварувањето на стратешките цели и приоритети на Стратегијата за регионален развој се дадени во Анекс 1. Врз основа на наведените индикатори, како и други индикатори согласно со потребите, треба да се развие детална методологија за следење и оценување на Стратегијата, со цел да се обезбеди добар систем за мерење на спроведувањето и ефектите од реализацијата на предвидените мерки. Како дополнителен критериум за имплементација на Стратегијата можат да послужат веќе усвоените критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на регионите (“Службен весник на Република Македонија“ број 126/2008).

Во функција на следење на Стратегијата за регионален развој важна улога има и следењето на имплементацијата на Програмите на планските региони. Согласно со Законот (член 45), следење на имплементацијата на програмите за развој вршат Советот за рамномерен регионален развој, советите за развој на планските региони и советите на општините кои припаѓаат на планскиот регион. Секој плански регион доставува годишен извештај за имплементација на Програмата, изготвен врз основа на утврдени индикатори. Од годишните извештаи за имплементација на Програмите може да се согледа напредокот

во економскиот, социјалниот и другите аспекти на развојот на регионите, што претставува значаен инпут во процесот на следење на Стратегијата за регионален развој.

Користењето на фондовите за поттикнување на рамномерен регионален развој ќе се следи од страна на Бирото за регионален развој, преку доставување на извештаи за имплементација на проектите за кои се одобрени финансиски средства. Центрите за развој во планските региони подготвуваат и доставуваат извештаи за проектите за развој на планските региони, додека за проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и проектите за развој на селата, извештаи доставуваат носителите на проектите. Роковите за поднесување на извештаите до Бирото за регионален развој се утврдуваат во договорите за имплементација на проектите.

Исто така, Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија би требало да воведе механизам за координација на сите јавни инвестиции алоцирани во планските региони (без оглед на потеклото на инвестициите) и следење на синергијата меѓу различните инвестиции. Покрај тоа, неопходна е координација на капиталните инвестиции од страна на различните ресорни министерства, со цел да се обезбеди ефективно и ефикасно користење на средствата во функција на развојот на планските региони. Покрај тоа, потребна е координација на користењето на средства од ИПА фондовите на ЕУ, како и други фондови преку кои се финансираат проекти што можат да имаат улога во развојот на планските региони.

За непречено и квалитетно реализирање на процесот на следење на Стратегијата, Бирото за регионален развој во соработка со Државниот завод за статистика потребно е да воспостават информациски систем за регионален развој и истиот редовно да го одржуваат и ажурираат. Информацискиот систем ќе овозможи и доследно почитување на принципите на транспарентност и отченост при имплементацијата на Стратегијата, како и при обезбедувањето пристап до информациите од јавен карактер поврзани со имплементацијата на Стратегијата. Информацискиот систем ќе има значајна улога и при оценувањето на Стратегијата, зашто без релевантни, точни и навремени податоци нема да може да се обезбеди реално и целосно оценување.

Стратегијата за регионален развој се оценува преку прелиминарно, тековно и завршно оценување. Прелиминарното оценување се врши пред почетокот на спроведување на Стратегијата, односно пред нејзиното поднесување за усвојување од страна на надлежниот орган. Со прелиминарното оценување се прави оцена на кохерентноста и усогласеноста на целите, приоритетите и мерките на Стратегијата за регионален развој со целите, приоритетите и мерките во стратешките развојни документи на национално ниво и програмските документи за интеграција на Република Македонија во ЕУ. Прелиминарното оценување го врши Советот за регионален развој на Република Македонија кој дава свое мислење и сугестии за дополнувања или промени во Стратегијата.

Тековното оценување на Стратегијата за регионален развој се врши на средина од периодот на нејзино спроведување. Согласно со временската димензија на Стратегијата, тековното оценување би требало да се направи во 2014 година. Со тековното оценување ќе се измери напредокот кон остварување на стратешките цели, приоритети и мерки и ќе се направи оцена на ефектите од спроведените мерки за поттикнување на регионалниот развој. Исто така, ќе се оцени степенот на искористување на финансиските средства, ефикасноста на процедурите за управување со средствата, како и на процесот на следење на имплементацијата на Стратегијата. Посебно внимание ќе биде посветено на градењето на капацитетите и воспоставувањето партнерства меѓу релевантните актери за имплементација на политиката за регионален развој. Целта на тековното оценување е да обезбеди релевантни информации и препораки за потребните корективни мерки за подобрување на имплементацијата на Стратегијата и остварување на предвидените цели,

приоритети и мерки. Врз основа на резултатите од тековното оценување, доколку е потребно, се врши ажурирање на Стратегијата и на критериумите за распределба на средствата за регионален развој.

Завршното оценување се спроведува после комплетирање на периодот за имплементација на Стратегијата. Согласно со временската димензија на Стратегијата, тековното оценување би требало да се направи во 2019 година. Со завршното оценување се прави оцена на степенот на реализација на Стратегијата, исполнувањето на дефинираните цели и приоритети и на постигнатите ефекти во поглед на поттикнување на регионалниот развој. При завршното оценување, фокусот ќе биде на мерење на целисходноста, ефективноста и ефикасноста од искористените средства за регионален развој, посебно од аспект на нивниот придонес (преку реализираните проекти) за подигнување на степенот на развиеност на национално ниво и на ниво на планските региони. Врз основа на утврдената состојба, при завршното оценување ќе се сублимираат согледувањата за резултатите од имплементацијата на Стратегијата во поглед на подигнување на економската, социјалната и територијалната кохезија меѓу и во рамките на планските региони и ќе се идентификуваат факторите што најмногу придонеле за постигнатите резултати. Согледувањата од завршното оценување треба да послужат како инпут при изработката на идните стратешки документи за развој.

Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 година ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4161/1
29 септември 2009 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

АНЕКС 1

ЛИСТА НА ИНДИКАТОРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ

| Стратешка цел | Приоритет | Индикатори |
|---|---|---|
| 1. Конкурентни плански региони што се одликуваат со динамичен и одржлив развој | *1.1. Поттикнување на економскиот раст во планските региони* | 1.1.1. Стапка на раст на БДП<br>1.1.2. БДП по жител<br>1.1.3. Обем на домашни инвестиции<br>1.1.4. Обем на странски инвестиции<br>1.1.5. Број на отворени микроинвестициски, гарантни и други фондови за поддршка на инвестициите<br>1.1.6. Број на склучени јавно-приватни партнерства за заеднички инвестиции<br>*Сите индикатори се годишни и се бараат на национално ниво и на ниво на плански региони.* |
| | *1.2. Развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони* | 1.2.1. Должина на реконструирани магистрални, регионални и локални патишта (во км)<br>1.2.2. Должина на изградени нови магистрални, регионални и локални патишта (во км)<br>1.2.3. Должина на реконструирани железнички пруги (во км)<br>1.2.4. Должина на новоизградени железнички пруги (во км)<br>1.2.5. Број на патници во железничкиот сообраќај<br>1.2.6. Број на патници на постојните аеродроми<br>1.2.7. Број на изградени и ставени во функција карго аеродроми<br>1.2.8. Покриеност на населението со вода за пиење (% во однос на вкупното население)<br>1.2.9. Број на пречистителни станици<br>1.2.10. Број на депонии<br>*Сите индикатори се годишни и се бараат на национално ниво и на ниво на плански региони.* |
| | *1.3. Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони* | 1.3.1. Средства за финансирање на истражувањата и развојот (% од БДП)<br>1.3.2. Број на бизнис инкубатори<br>1.3.3. Број на кластери<br>1.3.4. Број на функционални „центри на извонредност“<br>1.3.5. Број на стипендирани млади таленти<br>1.3.6. Обем на инвестиции во високо-технолошки индустрии<br>*Сите индикатори се годишни и се бараат на национално ниво и на ниво на плански региони.* |

| | | |
|---|---|---|
| | *1.4. Подигнување на нивото на човечкиот капитал во планските региони* | 1.4.1. Учество на населението старо 15 и повеќе години со ниско, средно и високо ниво на образование (% од вкупното население)<br>1.4.2. Учество на женското население старо 15 и повеќе години со ниско, средно и високо ниво на образование (% од вкупното население)<br>1.4.3. Опфат на населението со доживотното учење (% од вкупното население)<br>1.4.4. Учеството на населението старо 15 и повеќе години со високо образование кое е надвор од земјата (%од вкупното население)<br>1.4.5. Број на емигрирани кадри со високо образование (на 1000 жители)<br><br>*Сите индикатори се годишни и се бараат на национално ниво и на ниво на плански региони.* |
| | *1.5. Креирање на конкурентски предности на планските региони* | 1.5.1. Број на брендирани македонски производи<br>1.5.2. Обем на инвестиции во индустријата<br>1.5.3. Обем на инвестиции во високо-технолошки индустрии<br>1.5.4. Извоз на индустриски производи<br>1.5.5. Раст на земјоделско производство<br>1.5.6. Извоз на земјоделски приизводи<br>1.5.7. Број на ноќевања<br>1.5.8. Обем на инвестиции во туризмот<br>1.5.9. Финансиски средства за заштита и промовирање на културно-историското богатство (% од БДП)<br><br>*Сите индикатори се годишни и се бараат на национално ниво и на ниво на плански региони.* |
| | *1.6. Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони* | 1.6.1. Број на концесии за експлоатација на природно богатство *(национално ниво)*<br>1.6.2. Домашно производство на енергија *(национално ниво)*<br>1.6.3. Увоз на енергија *(национално ниво)*<br>1.6.4. Потрошувачка на електрична енергија *(национално ниво, плански региони)*<br>1.6.5. Учество на енергијата од обновливи извори во вкупната потрошувачка на енергија *(национално ниво, плански региони)*<br>1.6.6. Учество на електричната енергија од обновливи извори во вкупната потрошувачка на електрична енергија *(национално ниво, плански региони)*<br>1.6.7. Учество на гасот во вкупната потрошувачка на енергија *(национално ниво, плански региони)*<br><br>*Сите индикатори се годишни.* |

| | | |
|---|---|---|
| | *1.7. Заштита на животната средина во планските региони* | 1.7.1. Број на проекти за заштита на животната средина<br>1.7.2. Системи за пречистување на отпадни гасови, комунални и индустриски води (на 1000 жители)<br>1.7.3. Рекултивирана почва (во ха)<br>1.7.4. Пошумени површини (во ха)<br><br>*Сите индикатори се годишни и се бараат на ниво на плански региони.* |
| 2. Поголема демографска, економска, социјална и просторна кохезија помеѓу и во рамките на планските региони во Република Македонија | *2.1. Демографска ревитализација и порамномерна дистрибуција на населението меѓу и внатре во планските региони* | 2.1.1. Стапки на пораст на населението *(национално ниво, плански региони)*<br>2.1.2. Стапки на природен прираст на населението на 1000 жители *(национално ниво, плански региони)*<br>2.1.3. Умрени доенчиња на 1000 живородени *(национално ниво, плански региони)*<br>2.1.4. Индекс на стареење на населението *(национално ниво, плански региони)*<br>2.1.5. Миграционо салдо (имиграција-емиграција) на 1000 жители *(национално ниво, плански региони)*<br>2.1.6. Учество (во %) на градското во вкупното население *(национално ниво, плански региони)*<br>2.1.7. Учество (во %) на населението од Скопскиот плански регион во вкупното население во земјата<br>2.1.8. Учество (во %) на населението во поголемите урбани центри на регионите<br><br>*Сите индикатори се годишни.* |
| | *2.2. Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони* | 2.2.1. Број на изготвени и ажурирани просторни планови<br>2.2.2. Покриеност на просторот и населените места со планска документација (во %)<br>2.2.3. Степен на реализација на планските решенија<br>2.2.4. Интензитет на пренамена на земјоделското земјиште во градежно (во ха)<br>2.2.5. Покриеност на руралните населби со јавен транспорт<br><br>*Сите индикатори се годишни и се бараат на ниво на плански региони.* |
| | *2.3. Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите* | 2.3.1. Обем на домашни инвестиции<br>2.3.2. Обем на странски инвестиции на ниво на планските региони<br>2.3.3. Стапка на активност<br>2.3.4. Стапка на вработеност<br>2.3.5. Нето пораст на бројот на вработени<br>2.3.6. Стапка на невработеност<br>*Сите индикатори се годишни и се бараат на национално ниво, на ниво на плански региони и на ниво на општини.* |

| | | |
|---|---|---|
| | *2.4. Подигнување на степенот на социјален развој во планските региони* | 2.4.1. Станбена површина по жител (во $м^2$)<br>2.4.2. Пораст на бројот на станови (во %)<br>2.4.3. Учество на домаќинства чии станови имаат инсталации на комуналните мрежи за водовод, канализација и струја (во %)<br>2.4.4. Население покриено со здравствено осигурување (во %)<br>2.4.5. Вкупно население на еден доктор од примарната здравствена заштита<br>2.4.6. Учество на лица кои живеат во домаќинства без вработени<br>2.4.7. Корисници на социјална помош (на 1000 жители)<br>2.4.8. Корисници на детски додаток (на 1000 деца)<br>2.4.9. Број на детски градинки (на 1000 деца)<br>2.4.10. Број на домови за згрижување на стари лица (на 1000 лица)<br>2.4.11. Број на дневни центри за нега на стари лица (на 1000 лица)<br>2.4.12. Број на центри за помош и нега на стари лица во домот на корисникот (на 1000 лица)<br><br>*Сите индикатори се годишни и се бараат на национално ниво и на ниво на плански региони.* |
| | *2.5. Поддршка на подрачјата со специфични развојни потреби* | 2.5.1. Број на изготвени и ажурирани планови за подрачјата со специфични развојни потреби<br>2.5.2. Степен на реализација на плановите за подрачјата со специфични развојни потреби<br>2.5.3. Средства за финансирање на проекти за поддршка на подрачјата со специфични развојни потреби<br>2.5.4. Број на одобрени и финансирани проекти на подрачјата со специфични развојни потреби<br><br>*Сите индикатори се годишни.* |
| | *2.6. Развивање на прекуграничната и меѓусебната соработка на планските региони* | 2.6.1. Број на реализирани обуки за искористување на расположливите фондови за прекугранична соработка<br>2.6.2. Број на одобрени прекугранични проекти<br>2.6.3. Број на заеднички проекти на два или повеќе региони<br><br>*Сите индикатори се годишни и се бараат на национално ниво и на ниво на плански региони.* |
| | *2.7. Подигнување на капацитетите за планирање и реализација на развојот во планските региони* | 2.7.1. Број на вработени во надлежните државни институции кои работат во областа на регионалниот развој *(национално ниво)*<br>2.7.2. Број на организирани обуки во надлежните државни институции поврзани со различни сегменти од регионалниот развој *(национално ниво)* |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2.7.3. Број на вработени во центрите за развој на планските региони *(плански региони)*<br>2.7.4. Број на обуки за вработените во центрите за развој на планските региони од областа на регионалниот развој и проектниот менаџмент *(плански региони)*<br>2.7.5. Број на вработени во општинските администрации во секторите релевантни за регионалниот развој *(општини)*<br>2.7.6. Број на обуки за вработените од општинските администрации, советите на општините и советите на планските региони од областа на регионалниот развој *(плански региони, општини)*<br>2.7.7. Број на реализирани заеднички проекти на две или повеќе општини *(плански региони)*<br>2.7.8. Број на иницирани јавно-приватни партнерства за реализација на проекти за развој на регионот *(плански региони)*<br>2.7.9. Изградена статистичка база на податоци на ниво на плански региони *(национално ниво)*<br>2.7.10. Број на корисници на статистичката база на податоци *(плански региони)*<br><br>*Сите индикатори се годишни.* |